XIII 211
Инв. бр. 15890

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ФИЛОЗОФИЈА

# ВИДОВИ И МЕТОДИ НА ЕТИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА

- докторска дисертација -

Ментор:

**Проф. д-р Кирил Темков**

Кандидат:

**м-р Љубица Топузоска**

Скопје, 2006 година

СЕМИНАР ЗА ФИЛОЗОФИЈА

# СОДРЖИНА


1. Вовед 1

2. Неопходноста од етичкото денес 9

Моралното воспитување и етичкото образование 12

Потребата од етичкото образование денес 17

3. Стапките на етичкото образование на младите 24

Фазите на моралниот развој на детето 24

Хетерономниот и автономниот морал според Жан Пијаже 35

Стадиумите на моралниот развој на личноста според Колберг 44

4. Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка поука 57

Целите и задачите на Експерименталната настава по етика во II/III-б во ОУ “Владо Тасевски“ во Скопје 59

Реализација на Експериментална настава по етика со примена на методот на етичка поука 62

Начинот на реализација на Експериментална настава по етика со примена на методот на етичка поука 86

5. Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка дилема и избор 93

Целите и задачите на Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка дилема и избор 99

Темите на Експериментална настава по етика со примена на методот на етичка дилема и избор 102

Решенија на учениците и нивните одговори на тестот 106

Писмените одговори на учениците 106

Одговори на тестот по етика 110

Резултати во обработката на етички текст со методот на етичка дилема и избор во контролната група 115

6. Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка оценка 118

Целите и задачите на Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка оценка 121

Темите обработени во Експериментална настава по етика со примена на методот на етичка оценка 123

Писмени одговори на учениците и нивни решенија на тестот 127

Писмените одговори на учениците 127

Одговори на тестот по етика 130

Реализација на етички текст со методот на етичка оценка во контролната група 135

7. Методите, формите и средствата во Експерименталната настава по етика во одделенската настава 139

Методите, формите и средствата во педагогијата 142

Педагошките принципи во наставата 150

Наставните методи во Експерименталната настава по етика во одделенската настава 151

Наставните форми во Експерименталната настава по етика во одделенската настава 160

Наставните средства во Експерименталната настава по етика во одделенската настава 163

8. Креативна работа на учениците во наставата по етика 165

9. Заклучок 178

10. Користена литература 198

# ВОВЕД

Етиката е нужна денес, таа е меѓник кој го крепи човечкото, платформа која не го дозволува падот. Етиката е неопходна денес кога светот е поврзан во својата одговорност, кога она што ќе се случи некаде на некој остров го чувствува и континентот. Може да се каже дека топологијата доживува своја радикална преобразба, веќе нема периферија која не е центар - етички кажано, она што ќе се случи далеку, тоа го чувствуваме врз нас, етиката сите нé прави сеприсутни. Дистанцата не е пропорционална со сочувството кон другиот, етичката суштина не смее просторно да се релативизира, таа е насекаде. Свеста за другиот - на тоа учи етиката - ја создава нашата согледба за целото, за оној човек до нас кој е еднакво вреден како ние. Аксиолошкото протегање сега го заплиснува не само другиот, и другото, туку се протега врз сé.

Човечката и педагошка импликација на овие ставови е следна: *Етиката како нужна денес мора да се инкорпорира во целокупното образование. Етичката едукација мора да биде компонента која ќе биде застапена во сите стадиуми на образованието.*

Детето мора уште кога ги прави првите чекори, односно кога ги осознава правилата на самото одење, токму од првиот чекор да биде упатувано и во добрината или, доколку сакате, во моралната суштина на човечкото постоење.

Мојата согледба оди дотаму што би можела да ја претпоставам еквивалентноста на етичките знаења со сите други. Тоа би резултирало со констатацијава: *Знаењето за доброто е исто толку важно за човекот колку и знаењето за бројот.*

Доколку етиката е нужна денес, тогаш е исто толку нужно и етичкото образование. Второво начело следува од првото. Второто начело ја легитимира етичката едукација низ целото воспитно-образовно здание.

Етичкото образование претставува суштествен, клучен дел од општочовечката едукација, го води младиот човек по патот на правилна морална изградба, давајќи му шанса да научи што е добро и кои се неговите творечки етички потенцијал и овозможувајќи му да прави избор на *доброто* наспроти *злото*. Преку етичкото образование човекот се изградува во слободна, зрела и одговорна личност, која е способна самостојно да носи етички решенија и да креира правилни морални норми. Етичкото образование му помага на човекот да го пронајде патот до себе, да го согледа своето место и својата улога во светот, да се оспособи да се соживее со целината на животот и да се доживее себеси како негов дел, како дел од сепостоечкото.

Етичкото образование е *нова педагошка област*, која ја претпоставува неопходноста од морално обликување и етичко едуцирање на личноста. Денес етичкото образование претставува засебна едукативна форма во современите воспитно-образовни системи. Согласно на заложбите на УНЕСКО, етиката треба да се изучува на сите нивоа на образование, почнувајќи од основното, средното, па сé до високото образование и до сите видови професионално перманентно обучување. Изделувањето на етичкото образование во засебен вид образование се должи особено на откритијата до кои дошле големите психолози и филозофи на моралот Жан Пијаже и Лоренс Колберг, кои докажале дека моралноста е развојна и започнува од најраната возраст, а трае целиот живот.

Суштината на моралното воспитување и на етичкото образование лежи во тоа младиот човек успешно да се вклучи во животот на заедницата за да може да придонесе творечки за нејзиниот развој и напредок.

И во нашата земја проникна желбата да се следат современите светски тенденции во поглед на етичкото образование и тоа да стане дел од воспитно-образовниот систем кај нас. Оваа акција ја започна професорот Кирил Темков. За таа цел е изведена експериментална настава по етика во четири средни училишта во учебната 1998/99 година. Експериментална настава по етика е изведена и како предметна настава во едно скопско основно училиште во учебната 1999/2000 година. Ваков вид експериментална настава по етика се изведе и во учебната 2003/04 година и во учебната 2004/05 година во одделенската настава на основното образование, за што зборува овој труд. Со ова е создаден континуитет во испитувањето на етичката едукација кај нас, со што целосно се опфатени основниот и средниот степен на образованието.

Ја имав честа и одговорната задача да ја спроведувам експерименталната настава по етика во одделенската настава од основното образование. Експерименталната настава по етика во одделенската настава се изведе во ОУ „Владо Тасевски`` во Скопје континуирано и систематски во текот на две учебни години, во периодот од есента 2003 до пролетта 2005 година, во 2-б односно 3-б одделение. Неа ја следеа 25 ученици на возраст од 8-10 години. Реализацијата на оваа настава и добиените сознанија ја претставуваат основата на овој труд. Како дипломиран педагог и магистер по филозофија, чувствував сигурност при изведувањето на оваа настава. Многу ми е драго што можев практично да ја

согледам и развијам поврзаноста на овие две науки. Целите на педагогијата како наука за воспитувањето и целите на етиката како наука за моралот, се насочени кон изградба на личноста на човекот. Воспитувањето во суштина е етички процес, кој во себе го вклучува служењето на доброто.

Целта на експерименталната настава во првата година од нејзиното изучување беше да се испита рецепцијата на етичките теми кај децата од второ одделение. Освен оваа општа цел беа поставени и неколку посебни цели – воведување на етичките содржини во одделенската настава; проверување и испитување на комуникативноста, на сознајната и на етичката вредност на предложените тематски области и наставни содржини; проверка на дидактичкото значење и на методичката ефикасност на различните методи, техники и средства во етичкото едуцирање на најмладите.

Поставените задачи во експерименталната настава по етика во одделенската настава беа да се провери интересирањето кај учениците за етичките содржини, да се испитаат различните етички содржини и нивната рецепција кај децата, да се провери едукативната вредност на етичките материјали, да се провери можноста за примена на разни методи, форми и средства во етичката едукација на најмладите, да се постави основата за изградба на систем на вистински морални вредности кај децата за тие да можат да прават диференцијација помеѓу добрите и лошите постапки, доброто и лошото однесување и воопшто помеѓу доброто и злото.

Во програмата за оваа експериментална настава по етика беше предвидено во првата година од нејзината реализација (кога учениците беа второ одделение), етичките содржини да имаат форма на *етичка поука.* Нивната цел беше кај

учениците да се формираат почетни етички знаења и етички искуства. Етичките содржини беа реализирани преку шестте истражувачки теми: Односи во семејството и место на детето во семејството; Однесување надвор од дома; Обврски на училиштето; Односи со другарите; Еколошка етика и Етика на здравјето.

Во првата година од реализацијата на експерименталната настава по етика кога пристапот беше поопшт, етичките содржини често се поврзуваа со актуелните настани во нашата земја, со некои празници или се совпаѓаа со случувањата во одделението и во семејството. Преку истражувачките теми се обработуваа соодветни етички текстови, се поврзуваа со темите на другите предмети, како и со личното искуство на учениците. На крајот од секоја истражувачка тема се спроведуваа прашалници преку кои се испитуваа размислувањата на децата и нивните ставови и се проверуваа здобиените знаења, нивното задржување во меморијата на учениците и способноста за нивна практична примена.

Во втората година на реализација на експерименталната настава по етика (која учениците беа трето одделение), етичките содржини и текстови ја имаа формата на *етичка дилема* во првото полугодие и на *етичка оценка* во второто полугодие од учебната 2004/2005 година. Во првото полугодие, преку реализацијата на етичките лекции во форма на *етичка дилема*, учениците се внесуваа себеси во дадената етичка ситуација и се поистоветуваа со личностите кои беа носители на дејствието, а согласно со сопствените морални размислувања и уверувања се обидуваа самостојно да најдат решение за етичката дилема. Преку

етичката содржина кај учениците се развиваше чувството на емпатија, кое претставува основа за успешен морален развој и решение.

Во второто полугодие од учебната 2004/2005 година етичките лекции поттикнуваа *етичка оценка*. Преку етичките текстови учениците се инспирираа за проценка на етичката ситуација и на извршеното дејство, оценувајќи ги нив како морални или неморални, добри или лоши, правилни или неправилни.

Во текот на двегодишното систематското, планирано и континуирано изучување на етика, експерименталната етичка едукција на учениците во одделенската настава се изведе во полн капацитет. Преку оригиналните етички лекции, специјално создавани за оваа прва етичка настава на најмладите во нашата земја, се реализираа сите три нивоа на етичкото образование - *етичка поука, етичка дилема и етичка оценка*, кои целосно соодветствуваат на психо-физичкиот развој на децата.

Наставните материјали за реализација на експерименталната настава по етика беа подготвени соодветни од професорот Кирил Темков. Тие етички текстови, под наслов „Етика за најмладите`` (Етика за деца), се објавуваа во весникот „Нова Македонија``, во прилогот за деца „Колибри``, со што беа достапни и за јавноста и за другите училишта, а беше подготвен и „Еколошки азбучник`` (Буквар за чување на природата), како и други материјали за децата со етичка содржина.

Часовите по етика за еецата беа грижливо осмислувани и не се сведуваа само на презентирање на етичките содржини; на овие часови учениците беа постојано активирани. На етичките часови учениците беа активни субјекти во

процесот на наставата, постојано беа ангажирани преку изработка на разни училишни и домашни задачи, како и со други видови едукативни задачи и материјали. Со тоа се надмина едукативната пасивност и се воспостави вистинска интерактивна настава, што е суштина на етичкото образование.

Наставата по етика за децата покажа голема флексибилност, со што се избегна шематизмот во наставата, а се постигна креативност во нејзината реализација. Етичките содржини овозможуваат интерактивен приод и остваруваат корелација со другите наставни содржини и предмети.

Наставата по етика во двете експериментални години беше застапена со два часа седмично. Наставниот фонд и богатите наставни содржини овозможија широка примена на наставните методи, форми и средства и нивно успешно комбинирање.

Учениците со особено интересирање, внимание и мотивираност ја следеа етичката настава. Таа целосно соодветствуваше на нивниот развој.

Добиените сознанија се позитивни и покажуваат дека децата и во најраната училишна возраст можат целосно да ги следат етичките содржини, нив успешно да ги усвојуваат и практично да ги применуваат.

Наставата по етика несомнено ги има карактеристиките на една современа настава, што претставува мотив повеќе за нејзиното воведување во воспитно-образовниот процес. Таа соодветствува на современиот живот и на едукацијата во едно модерно општество.

Оваа дисертација дава придонес кон актуелизацијата и развојот на етичкото образование во нашата земја. Етичкото образование треба да започне од најраната

возраст, уште во периодот на хетерономната моралност, и успешно да ја води личноста кон автономна морална изградба во зрел етички субјект со изразено чувство на должност, со амбиција да се биде корисен и креативен член на заедницата, личност способна за хармоничен живот со останатите единки во општеството, човек со врвни етички квалитети.

Во Скопје,

јуни 2005 година

# НЕОПХОДНОСТА ОД ЕТИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ДЕНЕС

Моралното воспитување е неопходно во развојниот процес на личноста. Човекот треба да ја оствари суштината на своето постоење - што подразбира правилно живеење со јасна визија за задачите и за иднината. Личноста треба да го согледа своето место и својата улога во светот. Човекот живее и дејствува во заедницата, низ интеракција со другите луѓе. Затоа Аристотел го означил човекот како *зоон политикон*, како суштество кое живее во општество, кое треба да се соживее со луѓето и со заедницата и да се почувствува себеси како нејзин дел.

Човекот треба да ги прифати моралните правила и норми кои владеат во заедницата како свои, тие се создадени да го олеснат заедничкото живеење на луѓето. Емил Дирkем вели дека заедницата има перманентнз цел и задача да ја осигура егзистенцијата и неменливоста на моралните вредности и правила.[1] Човекот треба да придонесува за прогресот на заедницата, како и за напредокот и развојот глобално во светски рамки. Човекот мора добро да се однесува и кон себе и кон другите луѓе. Треба да остварува соработка со другите членови на општеството и да одгледува љубов во меѓусебните односи, треба да ги почитува сите без оглед на верските, националните, расните, половите и генерациските разлики. Личноста треба да покажува доблесно однесување спрема растителниот и животинскиот свет, спрема целата природа, во која, како дел од природата, човекот е под дејство на природните закони.

[1] Види го поглавјето *The Theories of Durkheim and Fauconnet on Responsibility* во книгата Jean Piaget: *The Moral Judgment of the Child*, New York, 1997, p. 328.

Доблесниот живот на човекот претпоставува изградба и поставување на систем од вистински вредности, нивно почитување и стремеж за нивна реализација. Тоа подразбира свесност за реалноста на доброто и злото и нужност од правилен етички избор и насочување. Изборот на доброто наспроти злото не е едноставен и лесен, тој избор е резултат на човековиот напор и заложба да ги насочи волјата и активноста кон исправното, правилното и моралното. Со тоа се определува животниот пат на личноста, нејзин начин на живеење и постапување.

Етиката е наука за доброто и злото, кои се основни етички поими, од кои се изведени сите останати.[2] Затоа етиката го има значењето на отворање на човековите хоризонти, на будење и формирање на свеста за суштинското, исправното, вистинското во животот. Ако ја следи етиката човекот нема да биде воден од лажни вредности.

Етиката не е нова наука. Нејзиниот творец Аристотел е автор на едно од највлијателните етички дела „Никомахова етика". Таа се развивала како дел од филозофските учења на многу мислители. Денес етиката бележи голем подем, експанзија и развој. Актуелноста на етиката може да се објасни со моралната криза што ја доживува човештвото. Денес сме во ерата на знаењето, во информатичко општество, научно-технолошкиот развој достигнува зенит, информациите и сознанијата никнуваат и застаруваат преку ноќ. Но, обратно-пропорционално на овој напредок во областа на науката и техниката, се бележи морален пад во сите области на човековото однесување - во односот кон себеси, кон другите и кон пошироката заедница, како и во односот кон природата. Гледано во светски рамки, човекот е несигурен во себе, често воден од негативни вредности, напнат и

---

[2] Кирил Темков: *Етика за младите*. Скопје. 2001. стр. 3.

конфликтен во односите со другите, отуѓен од својата суштина. Трагично е што и во XXI век се водат војни и на насилството се гледа како на единствено решение за кризата во меѓучовечките односи. Луѓето прават огромни и непоправливи грешки во својот експлоатирачки, неодговорен и неплански однос кон природата, кон формите на животот и кон животната средина. Повредувајќи ги и уништувајќи ги, луѓето се отуѓуваат од природатанеа, а со тоа го намалуваат квалитетот на сопственото живеење.[3]

Како резултат на овие негативни појави, кои се изразени во светски рамки, се јави потребата од етика и етичко образование. Човекот мора морално да се обликува и етички да се образува. Луѓето треба да бидат конструктивни членови на заедницата. На светот му требаат автономни личности со добра волја и здраво однесување, решителни и сигурни во постапките, луѓе со изразено чувство на должност кон себе и кон сѐ во светот. Етичкото образование помага во изградбата на вакви личности. Од реалните тешкотии и сѐ поизразените проблеми во животот произлезе потребата од организирано, перманентно и систематско етичко образование. Тоа е релативно нова педагошка област и современ предмет. Етичкото образование му помага на човекот да го пронајде патот до себе, да го согледа своето место и својата улога во светот, го оспособува се да се соживее со целината на светот и да се доживее себеси како нејзин дел, како жив и творечки елемент на сепостоечкото – што, впрочем, го претставуваат и новите гледишта на сеопфатната демократија, еколошката етика, Универзалната етика и на космизмот.

---

[3] Кирил Темков: *Етиката денес*, Скопје, 1999, стр. 11.

Денес во светски рамки етичкото образование се воведува и се изучува на сите образовни нивоа[4] и претставува услов за успешно вклучување на човекот во општеството со поглед вперен кон негова прогресивна изградба на иднината.

## Моралното воспитување и етичкото образование

Имануел Кант истакнува дека човекот е единственото суштество кое има потреба од воспитување.[5] Тоа е и основата на педагошката потреба, идеја и дејност.

Воспитувањето во суштина е етички процес, кој во себе ги вклучува истакнувањето на доброто и служењето на доброто. Воспитувањето не се случува во вакуум, тоа е потреба на меѓучовечките односи и се реализира низ интеракција на човечките личности, зависи од релациите меѓу луѓето и нив ги изразува и изградува. Човекот живее во заедница со другите луѓе, на почетокот неговиот живот се одвива во семејството, а понатаму животниот круг сѐ повеќе се шири и се отвора и кон другите групи во општеството. Тој оди во воспитно–образовните институции, член е на разни здруженија, следи медиуми, приврзаник е и посетител на културни установи. За да може нормално да функционира во заедницата, мора да ги усвои и следи правилата и нормите кои владеат во неа. Суштината на моралното воспитување и на етичкото образование лежи во тоа - младиот човек да се вклучи во животот на заедницата без конфликти, да се обликува правилно за да може да биде прифатен од општеството и самиот да може творечки да придонесува за неговото развивање и усовршување.

---

[4] Кирил Темков: *Зошто и како да се учи етика во нашето образование*. во книгата *Етика*. Скопје. 1998. стр. 152. и н.

[5] Имануел Кант: *Васпитање деце*. Београд. 2002. стр. 5.

Филозофот Павао Вук–Павловиќ посочува дека „*воспитната цел е особено обележана со тоа што се гради врз живиот однос помеѓу луѓето*``.[6] Тоа значи дека воспитувањето е социјален и етички однос, од кого произлегуваат етичките резултати за развојот на личноста.

Моралното воспитување го означува процесот на морална изградба на личноста, преку кој единката се формира во општествена личност во согласност со општо прифатените етички вредности и која ги присвоила овие вредности како норма на својот морал. Затоа моралот и неговите сознанија, односно етиката, се темелно знаење на педагогијата во областа на моралното воспитување, како и на воспитувањето и образованието воопшто. Моралното воспитување е составен дел на општото воспитување, а теоријата на моралното воспитување е градбен дел на педагогијата.[7]

Моралното воспитување е составен дел од подготовката, обликувањето и усовршувањето на човекот во слободна, сестрана и одговорна личност. Целта и задачите на моралното воспитување претставуваат органски дел од пошироките цели и задачи на воспитно-образовниот процес, заедно со телесното, интелектуалното, естетското и работното воспитување и образование. Моралното воспитување се стреми кон единствено и хармонично обликување на интелектуалната, емоционалната и волевата сфера кај личноста, тоа се стреми кон усовршување на целината на природата на човекот. Задачата на моралното воспитување е обликување на моралниот профил на личноста во сообразност со современите општествени односи, дури и со насоченост кон иднината.

---

[6] Pavao Vuk–Pavlovic: *Filozofija odgoja*, Zagreb, 1996.
[7] Ante Vukasović: *Etika, moral, osobnost*, Skolska knjiga, Zagreb, 1993, str. 17.

Воспитувањето и образованието може да ги согледаме од два аспекти - макропедагошки и микропедагошки. Од макропедагошкиот аспект, воспитните процеси се согледуваат врз проблематиката на заедницата и општеството, а во фокусот се става пренесувањето на искуството од генерација врз генерација. За микропедагошкиот аспект воспитувањето и образованието се единствени и неделиви процеси „овде и сега``.

Новата холистичка парадигма посочува дека е нужно да се следи целината доколку педагогијата сака да одговори на барањата на времето и што поделотворно да ги решава општествените и личните проблеми во воспитувањето и образованието.[8]

Според Стефан Матичевиќ, предмет на педагогијата е воспитувањето како процес, како дејност која се случува во непосредната животна реалност според специфични законитости, кои педагогијата ги истражува, проучува и формулира.[9]

Специфичноста на педагогијата е развојната и воспитната каузалност. Развојот и воспитувањето се движат по иста насока. Во согласност со ова, за Кујунџиќ и Марјановиќ педагогијата е наука за свесното и планско водење (образование) на културната волја, за техниката на свесното одгледување за културната практика.[10] Воспитната свест со своите намери ја претвора општата развојна каузалност во воспитна каузалност. Воспитни се само свесните влијанија. Воспитувањето, за разлика од општиот развој на човекот, е свесен, намерен и плански процес, секогаш насочен кон определена цел со етички карактеристики.

---

[8] Види Marija Bratanic: *Paradoks odgoja*, Zagreb, 2002, стр. 53. Холизам е теориска концепција според која предмет на науките е „истражување на целината, а не на елементарните факти и делови``. Зборот „холизам`` доаѓа од грчкиот збор *холос* (целина) и се однесува на сфаќањето на реалноста како сложена целина од својства кои не можат да се сведат на својствата на нејзините помали делови.

[9] Исто, стр. 45.

[10] Види исто, стр. 48.

Емил Диркем смета дека педагогијата ја сочинуваат, размислувањата за проблемите на воспитувањето, при што тој ја истакнува етичката страна во процесот за обликувањето на младата личност.[11]

Значењето на моралното обликување на личноста денес посебно се нагласува во епохата на ренесанса на етиката, кога се создава и нова едукативна област – етичко образование. Целта на етичкото образование е поширока и поспецифична од целта на моралното воспитување. Таа цел е создавање на „автономни личности со капацитет за самостојно донесување на етички решенија и за креирање на правилни и ефективни морални норми``.[12] Етичкото образовцание ја надминува рамката на моралното воспитување како адаптација на младата личност на постоечките норми на нејзината заедница - со отворање на капацитетите за творечко етичко дејствување на личноста во рамките на целината на епохалната светска етичка перспектива.

Во таа смисла се изградени и вредностите и метоидите на овие две етички образовни постапки. На пример, за етичкото образование посебно значење на *емпатијата*. Зборот „емпатија`` подразбира вчувствување, можност за делење на искуството со личноста кон која ја реализираме комуникацијата. Емпатијата (од хел. *емпасо* = се вовлекува и *патхе, патхема, патхос* = чувство; доживување) е перцепција и комуникација со резонирање, идентификување, доживување врз самата рефлексија на емоционалниот тон на другата личност.[13]

Методот на емпатија е карактеристичен зё етичкото образование. Од нивото на развојот на свеста за сопствената личност зависи нашата свесност за другите

---

[11] Види Гордана Никчевска: *Етичкиот лик на наставникот*, Скопје, 2001, стр. 6.
[12] Кирил Темков: *Етичкото образование денес*, „Воспитание``, бр. 1, 2001, стр. 49.
[13] Види Marija Bratanic: *Paradoks odgoja*, стр. 119-125.

луѓе. Колку сме поотворени кон сопствените емоции, толку ќе бидеме повешти во чувствата кон другите луѓе. Будењето на самосвеста го создава темелот за емпатиско комуницирање и за дијалог. Начинот на кој ја набљудуваме, слушаме, доживуваме другата личност и степенот на нашата чувствителност за вербалната и невербалната дразба ја откриваат нејзината личност, искуства, проблеми за нас. Тоа е сериозен етички процес. Емпатијата во себе го вклучува слушањето и доживувањето на другите (способност за слушање и сочувствување со другиот), разбирањето на другите (способност проблемите да се согледаат од очите на другите луѓе) и вешта критика и помош (давање лично мислење, лична констатација, совет и помагање без да се повреди другата личност и нејзините чувства).

Затоа настојувањата на педагогијата денес се свртени кон етичкото образование на личноста. Смислата и на моралното воспитување и и на етичкото образование е во формирањето на моралните сфаќања, уверувања и навики, но етичкото образование поопстојно и посеопфатно инсистира на обликувањето на морална личност која ќе мисли, чувствува и постапува во согласност со човечките должности, во која општествено–етичките норми и барања ќе се сообразуваат со психо–физичките можности на личноста.[14]

Денес на светот му се потребни луѓе со високи етички принципи и со изградено чувство на должност, кои ќе можат да се реализираат во различни сфери од општествениот живот – политика, економија, наука, култура.[15] Процесот на изградба на вакви личности е заедничка задача и дејност на педагогијата и етиката.

[14] Küng, Hans: *Global Ethics and Education*, in: *The Future of Theology*, Grand Rapids (Mich.), 1996, p.267.
[15] Види за тоа во истото дело, поглавје *The Challenge for Education Today*, pp. 281-283.

# Потребата од етичкото образование денес

Потребата од етиката и етичкото образование во нашата епоха е огромна: „Денес човекот може да се сретне со себе и да изгради свој сопствен вредносен систем само преку непосредна средба со Етиката. Како наука и како наставен предмет, Етиката мора да стане дел од институционалното образование со цел младата личност да се запознае со моралните норми и моралните вредности и да се подготви да направи правилен етички избор. Без сериозен, научен пристап кон презентирањето на моралните вредности и кон упатувањето на младиот човек кон доблесноста, пристојноста и етичката изграденост, современата личност се чувствува сосема загубена, бидејќи навистина не знае што е добро, а што зло, што треба, а што не треба да прави``.[16]

Затоа за образованието на младите се препорачува предметот Етика: „Преку разни предмети, учениците се описменуваат и се запознаваат со посебните научни сознанија и вештини, преку етичкото образование на младата личност ѝ се овозможува да се подготви да биде човек во вистинска смисла на зборот, личност која ќе знае да се зачува себеси и семејството и ќе стане корисен член на потесната и поширокава заедница. Наставата по етика на младиот човек може да му помогне да се подготви за живот, да воспостави внатрешна рамнотежа, да научи да комуницира со другите луѓе, да изгради однос кон должноста, кон професионалната обврска и имотот, кон семејството и татковината. Без осознавање

[16] Олга Пешевска-Заревска: *Младите и етичкото образование*, „Старт``, бр. 220, 2003, стр. 38.

на моралниот кодекс човекот е загубен, што е еден од основните проблеми на човечката егзистенција во современото општество``.[17]

Реалната потреба од етичкото образование и од неговото инкорпорирање во воспитно-образовните системи ширум светот е согледана уште при создавањето на Организацијата на обединетите нациии и на нејзината организација за образование, наука и култура УНЕСКО, во чија Преамбула на документот за основање стои следнава образовна порака:

,,*Бидејќи војните започнуваат со мислите во умот на луѓето, одбраната на мирот исто така треба да започнува со изградба на мисли во умот на луѓето...*`.

Основното за човекот е дека треба да има позитивен пристап кон животот и постапките да му бидат позитивни. Деградацијата на човештвото лежи најнапред во ниското културно и морално ниво и во грдите мисли и лошите желби и намери. Затоа меѓу првите задачи на УНЕСКО е изградбата на програма за филозофско и етичко образование на младите, кои ќе ја оспособат личноста за вистински систем на вредности. Ваквото образование претставува основа за етичката изграденост на личноста.

Етичкото образование денес не е само дел од општото образование во форма на морално воспитување, туку претставува засебна едукативна форма во современите воспитно–образовни системи. Изделувањето на етичкото образование во засебен вид едукација се должи и на откритијата до кои дошле филозофите на моралот Жан Пијаже и Лоренс Колберг во 30-тите и во 70-тите години од XX век. Тие докажале дека моралноста е развојна и започнува од најраните години на

---

[17] Исто, стр. 39.

возраста, дека моралното обликување и изградба трае низ целиот живот на човекот, но дека овој процес е најважен до фазата на адолесценцијата.

Неопходноста од етичкото образование особено е изразена денес, кога хуманоста и моралните односи се на незавидно ниво, што донесува деградација во сите сфери од човековото живеење и дејствување.

Светот направи прогресивен чекор напред со актуелизацијата и воведувањето на етичкото образование во едукативните системи, со што придонесе за будењето на етичката свест на луѓето и за јакнењето на моралот. Согласно со новиот подем на етиката и со општите заложби за воведување на етичкото образование во сите образовни нивоа – основното, средното и високото, многу земји во светот во своите системи на воспитување и образование го воведоа етичкото образование како рамноправен предмет со останатите. Етиката насекаде започна да се изучува перманентно и систематски. Резултатите од реализацијата на наставата по етика во земјите ширум светот се позитивни и охрабрувачки, што претставува мотив повеќе за нејзина понатамошна имплементација и развој.

Во многу земји алтернативно се учи етика или веронаука, со тоа што во верскиот предмет се вградени соодветни етички содржини. Во Република Финска веронауката или етиката се учат како алтернативни предмети во трите години од средното образование. Во Република Италија етиката или веронауката се изучуваат според изборот на ученикот во шесте години од гимназиското образование со седмична застапеност од еден или два часа. Република Хрватска предметот етика го воведе како изборен предмет напоредно со веронауката во сите четири години од средното образование. Целта на етичкото образование е

воведување на ученикот во светот на вредностите, негово запознавање со богатството на европската и националната култура и на пронаоѓање на сопствениот идентитет. Република Хрватска предметот етика го воведе како изборен предмет напоредно со веронауката во сите четири години од средното образование. Целта на етичкото образование е воведување на ученикот во светот на вредностите, негово запознавање со богатството на европската и на националната култура и пронаоѓање на сопствениот идентитет.[18]

Во Република Словенија предметот морално воспитување се изучува во двете последни години од основното образование.

Етиката во Република Бугарија се изучува во составот на многубројните филозофски предмети, кои се дел од средното образование во деветтиот, десеттиот, единаесеттиот и дванаесеттиот клас со неделна застапеност од два часа. Од областа на филозофските предмети се изучуваат и други предмети: Историја на филозофијата, Филозофија, Филозофија на правото и Естетика.[19]

Етичкото образование во Република Словачка е многу застапено и нивниот систем на етичкото образование е најпознат во светот. Таму етичкото образование се изучува во последните пет години од основното образование и во првите две години од средното образование, значи седум години, како изборен предмет напоредно со веронауката.

Наставната програма по етика во Словачка е богата со низа области. Во основното образование главните теми на етичкото образование се: комуникација; достоинство на личноста на човекот; позитивни вредности; творештво и

---

[18] Види Јован Лозановски: *Етичкото образование во средните училишта во Република Македонија*, Скопје, 1999, стр. 19, 21.
[19] Исто, стр. 20-22.

иницијатива; изградба и спроведување на вредностите; емпатија; сериозност, реалност и занесеност; соработка, помош, дарување и споделување со другиот.

Во средното образование во Република Словачка етиката се изучува во првата и втората година со застапеност од еден час седмично. Суштината на етичкото образование на ова ниво е сконцентрирана врз позитивното етичко однесување и примената на етичките принципи во конкретните проблеми. Основните тематски содржини во првата година се: комуникација; позитивни и негативни вредности; емпатија и прилагодување; самопознание и познание на другите, познание на своите силни и слаби страни, самосовладување и самообразование; иницијатива, решавање на проблемите, меѓучовечки односи; општествени вредности и погледи, телевизија и развивање на критичкиот дух; етички вредности на сочувството и дејствувањето, ферплеј; добар развој на татковината; здрава и непринципиелна критичност; почитување и чување на родителите и на сонародниците; права и должности на членовите на заедницата; пријателство, љубов, брак и сексуалност, предбрачен сексуален живот, верност како оптимална превенција против заразните болести и сида, методи за регулирање на бременоста. Структурата на етичките теми во втората година од средното образование е следнава: филозофски основи на етичките ставови, правни и морални норми, развивање на моралното судење; толеранција, почитување на луѓето со поинаков поглед на светот; религиозна етика; живот, физичко и психичко здравје како етичка вредност, зависности; љубов, брак и сексуалност (подлабока разработка од претходната година); сознанија и култура како етичка вредност, моралните аспекти на народната култура и на демократското општество; етика на

трудот и на економијата, работата и одморот, професионална етика и избор на професијата.[20]

Етичкото образование е суштествен дел од воспитно–образовниот систем и во школството во Австралија, каде што се изучува во сите 12 училишни години во основното и средното образование. Акцентот се става врз оспособувањето на младата личност за вршење морален избор во демократското општество: „*Децата и младите како човечки суштества имаат потенцијал самите да одлучуваат и да вршат избор, а Етиката треба да ги оспособи одлуката и изборот да бидат правилни*``.[21]

Така етичкото образование стана една од најмодерните и најактуелни педагошки појави. Тоа се реализира во воспитно–образовните системи во многу земји во светот. Неговата цел е личноста да ја упати во суштината на етиката и да ја оспособи за моралната должност и моралната обврска, кои се основа за моралното однесување и дејствување. За смислата и значењето на моралот личноста мора да се оспособи уште од најраната возраст - за етиката да ја прифати со сето свое битие.[22]

Преку моралното воспитување и етичкото образование личноста ќе го формира својот етички лик. Во содржините на етичката едукација спаѓаат моралните начела и соодветните факти, норми, категории и правила кои треба да се усвојат. Моралните начела посочуваат како се регулираат етичките односи. Затоа во етичкото образование се опфатени следниве области: воспитување во духот на хуманизмот, подготовка за семеен живот, подготовка за општествен живот,

---

[20] Кирил Темков: *Етиката - образовен предмет*, „Нова Македонија``, 11 мај 1998.
[21] Brian V. Hill: *Values Education in Australian Schools*, Melbourne, 1995, pp. 162-163.
[22] Roger Crisp - Michael Slote: *Virtue Ethics*, New York, 1997, p. 26.

воспитување во духот на патриотизмот, воспитување за меѓународно разбирање, формирање позитивен однос кон работата, формирање позитивен однос кон материјалните и духовните вредности.[23]

Ангажманот за воведување на етичкото образование во школството во Република Македонија ја изразува амбицијата да не заостануваме зад современиот свет и да го унапредиме образованието во нашата земја со воведување на предметот Етика во сите образовни нивоа, почнувајќи од најраната младост и првите класови на основното образование. Со етичкото образование младите ќе се подготват и оспособат за сериозен и доблесен живот, што ќе биде од полза за нив самите, а со тоа тие ќе придонесат за прогресот во својата заедница и во целиот свет.

[23] Ante Vukasović: *Etika, moral, osobnost*, str. 149.

# СТАПКИТЕ НА ЕТИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА МЛАДИТЕ

Етичкото образование на младата личност е клучна алка нејзниот во понатамошен морален развој. Затоа содржината и формите на етичкото образование на младите е предмет на многубројни научни расправи. Луѓето се запрашуваат за можноста од детското разбирање на доброто и злото и за нивната способност за правење диференцијација помеѓу двеве основни етички категории. Многумина го поставуваат прашањето дали малите деца се добри и невини или себични и егоцентрични.

## Фазите на моралниот развој на детето

На почетокот, во најраната возраст, децата не ги познаваат потребите на другите, нивниот сензибилитет е насочен само кон сопствените непосредни потреби. Тоа е нивниот егоцентричен и егоистички стадиум од развојот, кога детето е насочено само кон себеси (иако, условно, и овде може да се укаже на изворното разликување на она што е добро или лошо за личноста според задоволувањето на потребите и според чувствата на задоволство и болка). Овој период трае обично во првите две години од животот, а веќе од втората година детето започнува да го развива своето морално однесување, кое ќе му овозможи да прави разлика помеѓу доброто и злото и да се ориентира спрема доброто.

Потоа детето ги воспоставува првите социјални контакти и ја покажува приврзаноста кон околината, особено блискоста кон потесното семејство–родителите. Со тоа ги прифаќа и правилата кои тие ги поставуваат. Детето се

ориентира според авторитетот. Со тоа започнува и неговата социјализација, воспитување и морален развој.[24]

Улогата на родителите, како и на другите членови на семејството, е пресудна во развојот на детето.[25] Семејството како основна клетка на општеството игра особено важна и одговорна улога во развојот на личноста. Врската помеѓу децата и родителите е најблиска и најтрајна. Семејството ја претставува првата и најзначајната компонента во процесот на етичката едукација. Детето во семејството се здобива со првите морални искуства и сознанија, ги гради првите навики на етичко однесување и дејствување, ја остварува првата морална интеракција со другите луѓе. Одговорните родители ги коригираат негативните влијанија и постапки, а ги поддржуваат позитивните, постојано насочувајќи го детето кон доброто, исправно и посакувано однесување.[26]

За моралниот и за вкупниот развој на моралот пресудно е тоа да научи што е доброто, а што злото. Тоа претставува морално знаење и предуслов за морално однесување и дејствување. Но тоа не е доволно како еднократен и едноставен акт. Во секојдневниот живот има мноштво различни примери кога возрасните и децата знаат што е добро а што зло, но сепак се однесуваат неправилно. Значи, не е доволно само моралното учење. Неопходно е перманентно воспитување, кое ќе го оспособи детето да ја прави етичката разлика и да ги согледа последиците од своето однесување. Според тоа, за *развојот на моралното судење е потребно*:

---

[24] Dubravka Tezak и Mira O. Cudina: *Price o dobru, price o zlu*, Skolska knjiga, Zagreb, 1996, str. 17.

[25] William J. Bennett: *The Moral Compass*, New York, 1995 - особено поглавјето *Mothers and Fathers, Husbands and Wives*, pp. 481–590.

[26] Гордана Никчевска: *Етичкиот лик на наставникот*, Скопје, 2001 и посебно поглавјето *Едукативните фактори на Етичкото образование* - Семејство, стр. 15–22.

- Развој на моралното судење, разбирање и прифаќање на доброто и препознавање и избегнување на злото;
- Учење на исправни форми на однесување;
- Развивање на самоконтролата на самооценката за стореното.

Во *развојот на моралното судење* кај детето може да се констатираат повеќе фази:

1. *Аморалната фаза* е карактеристична за децата на возраст до три години. Детето во овој период на развојот е насочено кон себе и кон постигнување на сопственото задоволство. Во оваа фаза се пресудни топлите семејни односи и родителското поучување на детето за неговото правилно насочување во дејствувањето. Кон крајот од оваа фаза детето започнува да учи и да сфаќа што е добро, а што е зло.
2. *Егоцентричната фаза I* ги опфаќа децата на возраст од третата до петтата година. Во овој период од развојот детето е водено од родителскиот авторитет. Примарен е сопствениот интерес. Детето во оваа фаза прави диференцијација на доброто и на злото врз основа на казната - доброто е она што не се казнува, а злото е она што е проследено со казна. Детето не ја разбира изворната смисла на доброто и злото, мотивот на однесувањето е стравот од казната. Детето на овој степен од развојот не чувствува грижа на совеста или восхит и гордост за сопствените постапки. На возраст од три до пет години детето умее да разликува кога другите се весели или тажни, но не ги разбира емоционалните последици на добриот или лошиот акт (пример – мисли дека крадецот ќе биде весел доколку успее во својата намера нешто

да украде, а тажен доколку не успее во тоа).[27] За моралниот развој на детето во овој период особено се значајни реакциите на задоволство или незадоволство на останатите членови за детските дела, што ќе му овозможи на детето да се ориентира согласно нивните реакции и да настојува кај другите да предизвика позитивни реакции со своето однесување.

3. *Егоцентричната фаза II* го опфаќа периодот од шестата до деветтата година од животот. Во овој период од развојот детето сé уште се ориентира според родителскиот авторитет, а сопствените потреби остануваат најважни. Во претходната фаза од развојот детето се труди да ја избегне казната, во оваа фаза се труди да ја добие наградата. Детето го одредува доброто врз основа на наградата - добро е она што носи награда, а зло е она што носи казна. Започнува да се изострува сензибилитетот кон чувствата на другите луѓе. Детето на возраст од шест до девет години ги разбира емоционалните последици од доброто или лошото однесување и се однесува согласно со поставените морални правила.
4. *Индивидуализмот* фазата околу десеттата година од животот на детето. Детето во овој период е свесно за потребите и интересите на другите луѓе, почнува да гради заемни односи. Сепак правилата кои ги прифаќа и според кои го обликува своето однесување не ги препознава како општествени правила, тие за детето едноставно постојат како нешто апсолутно.
5. *Фазата на социјален договор* ја опфаќа возраста од десеттата до дванаесеттата година од развојот на детето. Детето во овој период станува

---

[27] Види Dubravka Težak и Mira O. Cudina: *Price o dobru, price o zlu*, стр. 24.

свесно дека моралните правила се резултат на договор меѓу луѓето, кои се обврзуваат дека ќе ги почитваат.

6. *Фазата на општествениот морал* го опфаќа периодот на адолесценција, од дванаесеттата до деветнаесеттата година. Во овој период од развојот се уважуваат општите етички начела, кои се резултат на општествениот договор, се почитуваат нормите, законите и обичаите. Мотивација за однесувањето на младата личност повеќе не с заповедта и мислењето на другите, туку почнува да бидува чувството на должност и свеста за општествениот ред, за суредените односи меѓу луѓето. Тогаш младата личност себе почнува да се согледува како морален субјект со свест и одговорност.

Преминот од една кон друга фаза во моралниот развој, освен што зависи од возраста, зависи и од когнитивниот (интелектуалниот) развој, значи го претпоставува и развојот на мислењето. За моралниот развој на детето е пресудна неговата околина, личностите (авторитетите) кои морално го водат и обликуваат. Во текот на првите години од животот околината на детето треба да му овозможи да излезе од егоцентричната насоченост и да се отвори кон другите. На почетокот пресудната улога ја имаат родителите, а подоцна и останатите членови на потесното и поширокото семејство, наставниците, другарите, медиумите и другите личности и институции во општеството.

Да се изгради само моралното знаење не е доволно, целта е да се оствари моралното однесување – практична реализација на моралното знаење. На детето му се потребни љубов, заштита и поддршка, атмосфера на праведност, позитивен

пример и модел на различни однесувања како тоа би можело да прави разлика помеѓу доброто и лошото однесување. Потребна е доследност во процесот на воспитување.

Во рамките на согледбата на моралот и неговите форми, востановите се неколку нивоа на етичката свест и на *видовите-степените на моралното однесување* кај младите личности:

1. Првиот степен на моралното однесување кај младите претставува почитување на социјалните правила кои ги поставуваат родителите, наставниците и останатите авторитети. Сите овие имаат значајна улога во процесот на моралното воспитување. Прекршувањето на овој вид правила не се смета за нешто особено тешко и не предизвикува изразено чувство на грижа на совеста или срам кај малото дете. Обично овие правила се днесуваат на уредноста, хигиената, пристојноста, точноста.
2. Вториот степен на моралната свест и однесување се однесува на самоконтролата, односно на владеењето со себеси, Тој претпоставува свесност за другиот и за себеси, трпение, толеранција, промисленост за постапките.
3. Третиот степен на моралното однесување се однесува на таквиот вид социјално однесување што подразбира несебичност, помош на другиот, дарежливост, во него се почитуваат разликите меѓу луѓето и се прават чекори за доближување кон другите.
4. Четвртиот степен се однесува на она морално однесување што значи почитување на општоприфатените морални правила. Нивното непочитување

претставува тежок прекршок, емоционалните последици се исто така големи и предизвикуваат грижа на совеста, срам, каење. Моралните правила, кои ги регулираат меѓучовечките односи, подразбираат идеја и барање да не се лаже, да не се краде, да не се навредува и повредува друг.

5. Петтиот степен на моралното однесување се однесува на несебичните својства и постапки, каков што е алтруизмот, во кои однесувањето покажува крајно почитување на другите луѓе и на нивните потреби, а со својот став човекот покажува готовност секогаш да им помогне на другите, да има го разбирање и да се жртвува за другиот.[28]

Во својот животен пат личноста минува низ *етапи на моралното формирање.* Во тој долг и сложен процес се обликуваат нејзините етички сознанија, се изградуваат и правилно морално зацврстуваат елементите на етичката свест и личноста постапно станува одговорен и позитивен морален дејственик. Има неколку етапи на овој процес на индивидуалното морално формирање:

1. *Формирање на моралното сознание.* - Моралното сознание може да се нарекува и морална свест, особено како функција и содржина на човековата мисла. Моралното сознание произлегува од моралното образование и воспитување, тоа претставува процес на усвојување на моралните поими и категории, како и здобивање со познавање на моралните вредности и норми, на моралните начела и правила. Со моралното сознание личноста формира етички поглед за светот преку запознавање со општоприфатените морални вредности. Човекот не може морално да се изгради и етички да постапува

---

[28] Исто, стр. 26-27.

ако не прави разлика помеѓу доброто и злото, моралното и неморалното. При усвојувањето на моралните поими, личноста се збогатува со својствата на морално однесување (однос спрема себеси и спрема другите, спрема природата и спрема општеството).[29] Тоа е првиот чекор на моралот и етиката, да се има познавање за етичката суштина и правила – во своето етичко созревање нив личноста мора да ги запознае, но тоа не е доволно за моралното дејствување, потребни се уште неколку елементи на етичката изграденост на личноста.

2. *Формирање на моралното уверување.* - Моралното уверување значи дека моралните поими и начела не се формално научени, туку е оформен внатрешен активен однос на човекот спрема нив - човекот ги прифатил моралните вредности и правила како сопствени ставови и тие се станати мотиви за дејствување. Уверувањата се придружени со емоции. Формирањето на моралното уверување не може да се оддели од формирањето на моралното сознание, но овие етапи следат едната по другата. Моралното уверување е на повисок степен, тука сознанијата субјективно се прифаќаат и се градат цврсти морални ставови. Особено е значајно негувањето на моралните чувства, зашто со нив личноста интимно преку кои човекот ги доживува моралот и нормите.[30]

3. *Формирање на моралното однесување и дејствување.* - Процесот на моралното обликување резултира со моралното однесување и дејствување. Џон Лок истакнал дека моралните постапки прво треба да им се објаснат на

---

[29] Ante Vukasović, *Etika, moral, osobnost*, Zagreb, 1993, str. 106-112.

[30] Исто, стр. 113.

младите, потоа да се делува врз нивните чувства, за конечно да се формираат навиките на морално постапување. Во тие рамки младите треба да се оспособат да управуваат самите со себе. Моралното однесување претпоставува однесување во согласност со моралните принципи и норми. Предуслов за вистинското морално однесување е формирањето на моралните сознанија, уверувања и навики. За тоа важна задача е развивањето на позитивните својства на волјата и добриот карактер кај младата личност.[31]

Моралната изградба на личноста е резултат на различни социјални и воспитни фактори. Во моралното обликување најзначајна е улогата на следниве морално-воспитни фактори:

- *семејството* – карактерот на членовите на семејството и нивните морални вредности; односите кои владеат помеѓу членовите во потесното и во поширокото семејство; образовното и културното ниво на членовите на семејството; материјалните услови во семејството; значењето што членовите на семејството му го даваат на моралот;
- *воспитно–образовните институции* – односот кон образованието во соодветното општество; односите помеѓу наставникот, воспитаникот и родителот, нивната соработка, меѓусебното разбирање и поддршка; содржината на наставните програми; релациите со соучениците и начинот на кој тие меѓу себе се информираат за своите вредности и како тие се усогласуваат;

[31] Исто, стр. 118-121.

- *медиумите* – значењето што им се дава на медиумите; информациите и содржините кои се пласираат пред младата личност (кои секако треба да се приспособени на нејзиниот психо–физички развој);
- *културните институции* - во нив млада та личност може продуктивно да го користи своето слободно време и таму да се информира за богатството на животните вредности.

Врз моралната изградба на личноста влијаат и многу други фактори – економските институции (во кои се формира односот и ставот кон работата, парите, заработката, штедењето и другите значајни својства на човекот); друштвото на врсниците и пријателите; спортските и другите активности во слободното време итн.

Моралното воспитување на младата личност треба да ги следи одредени дидактички принципи, кои овозможуваат правилна рецепција и прифаќање на етичките вредности и норми. Тие принципи се законити форми во процесот на моралното формирање на личноста. Овие принципи на моралното воспитување органски се поврзани во единствен состав, меѓусебно се надополнуваат, проникнуваат и потпомагаат. Најзначајни се следниве *принципи на моралното воспитување*:

- *принцип на целесообразност* - претпоставува планирање и организираност во процесот на моралното воспитување и целесообразна насоченост кон поставените воспитни цели и задачи (овој принцип е израз на јасната цел како и на познавањето на етичката суштина и постапки на моралното формирање на младата личност);

- *принцип на активност* – бидејќи во моралот се вреднуваат човековите постапки и однесување, и во процесот на моралното воспитување е потребен активен однос на личноста, свесна и позитивна морална активност на воспитаникот;
- *принцип на позитивна ориентација* – како и во моралот, и во процесот на моралното воспитување се суштествени оптимизмот и позитивната насоченост на волјата, верувањето во доброто, постојаната творечка димензија во моралот;
- *принцип на социјализација* – за процесот на социјализирањето на човекот во заедницата се важни сите видови релации со другите луѓе, па така и моралните – дури овие се особено значајни, па затоа се инсистира на значењењето на моралните ставови и постапки уште во процесот на воспитувањето и образованието;
- *принцип на единственост* - во процесот на моралното воспитување и во воспитниот процесо воопшто, неопходна е единственост во воспитните влијанија, усогласеност на воспитните фактори, нивна заедничка насоченост кон опрелелена етичка цел и сл.;
- *принцип на доследност* – во моралното воспитување се суштествени хармоничноста, координацијата на етичките цели и постапки, доследното спроведување на барањата, сообразеност на постапките, методите и средствата, за младата личност да биде правилно насочена кон доследноста како голема етичка вредност;

- *принцип на одмереност* - моралните содржини и барани дејства треба да соодветствуваат на психо–физичкиот развој на воспитаникот.[32]

## Хетерономниот и автономниот морал според Жан Пијаже

Во триесеттите години на XX век големиот психолог и филозоф на моралот Жан Пијаже изгради нова теорија за моралниот развиток на личноста како дел од неговите мошне значајни истражувања на когнитивниот и психолошки развој на личноста. Почетокот на истражувањето на моралните ставови кај детето претставува делото на Пијаже „Моралното судење на детето`` од 1932 година. Станува збор за прв систематски зафат во процесот на развојот на моралното мислење.[33]

Појдовната точка на истражувањето на Пијаже е определбата дека *„моралноста е систем од правила, а основата на сиот морал е почитувањето на тие правила``*.[34]

Интересирањето на Жан Пијаже не се сведува само на тоа дали децата ги почитуваат социјалните правила, туку како и зошто тие ги почитуваат. За да ја испита природата на детското респектирање на правилата, Пијаже применил различни методски постапки. Кога ги проучувал игрите на неговата ќерка кога била на тригодишна возраст, ја применил природната опсервација, што датира уште од Чарлс Дарвин. За интервјуирање на децата го применувал клиничкиот метод, кој го користел Сигмунд Фројд. Пијаже ја сакал флексибилноста на интервјуто, затоа што

---

[32] Исто, стр. 245–259.
[33] Јован Мирић: *Развој моралног мишљења*, Београд, 2001. стр. 97.
[34] Jean Piaget: *The Moral Judgment of the Child*, New York, 1997, p. 4.

таа била потребна при следењето на мислењето на најмладите, кои не можат да дадат директни и добро формулирани одговори на прашањата кои ги поставуваат возрасните.[35] Пијаже формулирал посебни систематски интервјуа, а кога го истражувал детското судење ја користел и постапката на *моралната дилема.*

Пијаже дефинирал две големи класи социјални релации во кои децата партиципираат од самото раѓање: возрасни-деца и деца-деца. Овие релации претставуваат два социјални света за децата - во првата релација децата ги учат правилата од возрасните базирано врз почитувањето на нивниот авторитет и супериорност, во втората релација децата ги учат правилата преку меѓусебната соработка базирано врз еднаквоста. Пијаже верувал дека секое дете има потреба да конструира свое морално уверување, а тоа е условено од многу фактори: возраста, когнитивната зрелост, социјалното искуство. Развојот на моралното судење Пијаже го проучувал низ истражувањата на детските интерперсонални односи. Ваквите релации имаат две основни форми - релација со авторитетот и кооперација меѓу еднаквите.[36] За моралниот развој на личноста, за Пијаже се клучни двата вида морални релации.

Детските игри за Пијаже конструираат највоодушевувачка социјална институција која во себе содржи систем од правила. Најголемиот дел од моралните правила детето ги прима од возрасните, што претпоставува дека тоа ги добива целосно елаборирани. Во игрите правилата се развиваат од децата, така што поголемите деца ги учат помалите. Иако можеби ова не е морал, сепак станува збор за почитување на правилата во играта. Пред остварувањето на непосредните

---

[35] Willliam Damon: *Foreward to the 1997 Edition*, in Jean Piaget: *The Moral Judgment of the Child*, p. 5.

[36] Види Philip Davidson - James Youniss: *Which Comes First, Morality or Identity?* in *Handbook of Moral Behavior and Development*, Volume 1: *Theory*, New Jersey, 1991.

контакти со другите деца, детето е под влијание на родителите, така дури и пред да прозбори тоа е свесно за некои правила и обврски. Кога се проучуваат игрите со нивните правила, има и важни се два феномени - практицирање на правилата и свеста за нив.[37] Правилата се развиваат-еволуираат како што расте детето. Бебето на степен на развој на моторната интелигенција е асоцијално, егоцентричното дете, има мал каппацитет за кооперација, додека цивилизираната возрасна личност соработува со различни личности, кои се меѓусебно еднакви. Согласно со ова, има три вида однесување - моторно, егоцентрично и кооперативно, и три типа правила кои соодветствуваат на нив - моторни, еднострано почитување и меѓусебно почитување.[38] За помалите деца правилата се свети, тие имаат својство на традиција, за поголемите деца правилата зависат од договорот. Хетерономијата и автономијата се двата пола на оваа еволуција.[39]

Првите искуства на децата на полето на моралноста се врзани со нивните родители или со други возрасни личности кои сакаат да ги социјализираат децата. Заради структурата на овие односи, децата веруваат дека правилата се природни и универзални.[40] Пијаже користи неколку термини за да го опише детското судење во првата морална фаза - хетерономност, субјективност и егоцентричност. Втората фаза е автономна и го означува моралното созревање на личноста и таа ја заменува хетерономната фаза.[41]

Според Пијаже, моралот се определува како почитување на правилата на општествениот ред и на чувството за праведност. Разни автори укажуваат дека оваа

---

[37] За ова говори Пијаже во одделот *The Rules of the Game*, in: *The Moral Judgment of the Child*, pp. 13ff.
[38] Види Jean Piaget: *The Moral Judgment of the Child*, pp. 84-100.
[39] Види исто, pp. 84-100.
[40] Исто, pp. 107-108.
[41] Исто, pp. 110-112.

дефиниција е неопределена за да може да послужи како водич во истражувањето на моралот.[42] Но Пијаже понудил уште нешто, имено неговото истражување е широко и поглавјата во книгата „Моралното судење на детето" обработуваат повеќе теми–морални проблеми.

Пијаже го истражувал детското сфаќање за низа морални теми. Правел прашалници составени од неколку раскази, кои ги тестирал во детски двојки или поединечно, испитувајќи ги ставовите на децата од различни возрасти. Во неговото истражување се спроведени осум морални проблеми: правила на играта со џамлии, објективна и субјективна одговорност, колективна и преносилива одговорност, казнена правдина, иманентна правдина, дистрибутивна правдина, еднаквост и авторитет и справдливост помеѓу луѓето.[43]

Истражувањето на развојот на *одговорноста* Пијаже го изнесува во поглавјето „Принудата од возрасните и моралниот реализам``.[44] Според Пијаже, поимот *морален реализам* не е сврзан само со психологијата, туку и со етиката, тој него го дефинира како „тежнение на детето да гледа на должноста и на со неа поврзаната вредност како на нешто своевидно и независно од умот, како нешто што се наметнува без оглед на околностите во кои личноста може да се најде``.

Моралниот реализам понатаму Пијаже го дели на три дела или посебни сфаќања:

- *хетерономно* сфаќање на должноста, кое претпоставува послушност кон правилата и авторитетот без оглед на тоа што тие налагаат, што значи дека

[42] Јован Мириќ: *Развој моралног мишљења*, Београд, 2001, стр. 98.
[43] Сепак, Туриел забележал дека сите овие теми не се морални, туку само некои од нив (види кај Јован Мириќ: *Развој моралног мишљења*, стр. 99).
[44] Jean Piaget: *The Moral Judgment of the Child*, pp. 109-196.

секоја постапка во согласност со правилата е добра, правилата не се објаснуваат или оценуваат и интерпретираат од умот - тие се дадени, готови и надворешни;

- моралот се опсервира како нешто *напишано*, а не како дух на законот;
- *објективно* сфаќање на одговорноста.

Пијаже прави едно разликување кое е од голема важност, а тоа е разликата помеѓу спонтаното и теориското морално судење и мислење. За спонтаното морално судење тој ги употребува зборовите како „ефективна", „активна", „конкретна" морална мисла, таа е онаа која спонтано се користи во секојдневните животни услови. За теориското морално судење ги употребува називите „вербална`` и „свесна``. Пијаже не го проучува моралното однесување, тој не го проучува ни спонтаното морално судење и мислење, тој го проучува теориското морално мислење.[45]

Во првите години од животот детската спонтана мисла ги носи сите основни обележја на моралниот реализам, детето објективно ја сфаќа одговорноста. Веќе од крајот на третата година го надминува моралниот реализам преку судовите за сопствените постапки.

Методолошката постапка која Пијаже ја употребувал во своето истражување на развојот на теориското сфаќање на одговорноста е клиничкиот метод (полустандардизирано интервју). Постапката се состоела во раскажување измислени раскази и, откако ќе се проверело дали се тие запомнети и дали е сфатен

[45] Види Јован Мирић: *Развој моралног мишљења*, стр. стр. 102.

контекстот на содржината, од децата се барал суд и образложение со поставување прашања, со што би се дошло до потполни одговори.[46]

Испитувањето како децата ја сфаќаат одговорноста Пијаже го ограничил на две содржински области, од кои секоја област содржела по неколку раскази. Во секој расказ биле опишани активностите на две деца кои меѓусебно се разликуваат според две карактеристики – *намерата* и *последицата*, при тоа секогаш со лошата намера стои мала последица, а со неспретноста и невнимавањето е поврзана голема последица.[47]

Пијаже вели дека единствениот добар метод во истражувањето на моралните факти е опсервацијата и тоа колку што може од поблиску и со што поголем број индивидуи. За Пијаже чистата опсервација е единствениот сигурен метод, а тој неа ја дополнил со прашањата кои ги поставувал.[48]

Проучувајќи ја во практиката играта со џамлии, низ разговорот што го водел со децата го споредувал детското сфаќање (поимање) на правилата на играта. Пијаже воочил дека децата правилата ги сфаќаат како свети, непроменливи и задолжителни, истите ги почитуваат, а истовремено низ играта постојано ги кршат и не ги почитуваат. Оваа појава Пијаже ја објаснува со егоцентризмот. За егоцентричната мисла на детето правилата остануваат нешто надворешно. Пијаже вели: „За правилата децата мислат дека се свети и непроменливи и излачени од

[46] Margaret Donaldson: *Um deteta*, Beograd, 1978, посебно додатокот: *Pijazeova teorija intelektualnog razvoja*, str. 115–130.

[47] Расказите што Пијаже ги користел биле особено интересни. Пример 1: Детето Џон било во својата соба, родителите го викнале да вечера и тој тргнал накај кујната. Зад вратата бил послужавникот со 15 чаши. Џон не знаел дека таму, го турнал и ги скршил сите чаши. Пример 2:. Детето Хенри кога останал сам дома пробал да го дофати џемот од полицата без одобрение од мајка му. Се качил на столица за да го дофати и турнал една чаша која се скршила. Интересно е што за децата поголема вина има Џон зашто скршил повеќе чаши од Хенри кој скршил само една чаша. За нив поголема вина има оној кој предизвикал поголема последица, без оглед на намерата која ја имал.

[48] Jean Piaget: *The Moral Judgment of the Child*, pp. 112-114.

возрасните и запишани засекогаш``.[49] Но тие постојано ги прекршуваат, што се две страни од ист медал, два дела од ист феномен.[50]

Пијаже истакнал три фази во развојот помеѓу спонтаното и теориското морално мислење:

- првата фаза го опфаќа периодот на егоцентрична морална мисла,
- во втората фаза егоцентризмот е надминат на спонтаното ниво, но и понатаму се задржува на теориското,
- во третата фаза се воспоставува единство на двете нивоа (теориската и спонтаната мисла се проникнати).

Сепак, овие фази на моралниот развој не се строго одделени и меѓусебно се преплетуваат.

Пијаже истражувањата ги вршел со деца на возраст од шест до дванаесет години. Децата под седум години одговорноста ја сфаќаат претежно објективно, а постарите од девет години имаат субјективно сфаќање на одговорноста. Голем број деца помеѓу седмата и деветтата година во судењето го покажуваат и едното и другото сфаќање на одговорноста. До седмата-осмата година на децата им е тешко да се држат до вистината, без всушност да лажат или да измамат некого и без да бидат свесни за тоа што го прават. Тврдењата на децата или нивните објаснувања се повеќе експресија на чувствата отколку уверувања кои можат да се вистинити или лажни.[51]

---

[49] Jean Piaget: *The Moral Judgment of the Child*, p. 28.

[50] Види Јован Мириќ: *Развој моралног мишљења*. стр. 109.

[51] Види оddелот *Objective Responsibility*. II: *Lying*, *во книгата* Jean Piaget: *The Moral Judgment of the Child*, pp. 139-162.

За Пијаже егоцентризмот е неспособност за диференцијација на егото од општествената средина. Егоцентричното дете моралните закони ќе ги сфати како реално постоечки, независни од него како субјект. Во моралната активност ќе се ориентира само на физичката последица, а ќе ја изоставува намерата како субјективен вид на активност. Во моралот, односно во сфаќањето на одговорноста недостасува детската способност за интроспекција, затоа активноста не може да се субординира со намерата од која произлегла.

Моралните правила детето не ги носи со раѓањето, туку ги добива однадвор најнапред од возрасните. Правилата не само што за детскиот ум се надворешни, туку детето не е доволно интелектуално зрело за да ја разбере нивната рационална страна. Родителите по пат на принуда мораат да наметнат многу правила за детето да може да формира разни навики (за хигиена, исхрана, однесување...).

Во поглед на принудата Пијаже разликува две нешта, прво – моралните заповеди и правила неизбежно остануваат надворешни за детето (особено во првите години), второ – дисциплинските мерки на возрасните се многу проблематични (многу често возрасните се ориентирани само на надворешното однесување).

Има неколку фактори кои неизбежно водат до *развојни промени*. Детската способност за разбирање расне, паралелно со ова попушта и принудата од страна на возрасните.

Пијаже истакнува три фактори кои носат новини во моралното мислење:

- *интелектуалниот напредок* согледан во потесна смисла;

- *попуштање на принудата* од страна на возрасните;

- *соработка со врсниците.*[52]

Пијаже особено го истакнува влијанието на третиот фактор, детето настојува да ги сочува и развие емотивните односи со врсниците и тежнее да го заземе своето место на „еднаков со еднаквите``. Рамнотежата во односите и соработката ги потиснуваат егоцентризмот и слепото верување во авторитети.

Карактеристика на етичко-психолошките истражувања на Пијаже е паралелизмот помеѓу интелектуалниот и моралниот развој.[53]

Поединецот препуштен самиот на себе останува егоцентричен. За да стане свесен за другите и да се изгради во етичка емисла, своите мисли мора да ги споредува со мислите на другите и да се развива. Затоа објективното сфаќање на одговорноста е само дел од еден вид моралност кај детето – *хетерономната* моралност. Следната етапка на етичкиот развој на личноста е *автономната* моралност, која ја надвладува хетерономната моралност.

Значењето на етичкото и психолошкото истражувањето на детето кое го направи Жан Пијаже е мошне големо. Тој ја покажа развојноста на моралот, укажа на паралелизмот помеѓу моралниот и интелектуалниот развој, како и на суштината и на животната реалност на хетерономниот и автономниот морал на личноста. Човекот низ својот морален развој го поминува патот на личност водена од други субјекти, **хетерономна личност**, која не претставува слободен и вистински одговорен етички субјект - до **автономна личност**, која свесно се насочува кон морално дејствување како израз на спроведувањето на своите етички вредности и принципи, личност која дејствува *слободно* и *одговорно*..

---

[52] Јован Мириќ: *Развој моралног мишљења*, стр. 117.

[53] За паралелизмот помеѓу моралниот и интелектуалниот развој види Jean Piaget: *The Moral Judgment of the Child*, p. 194ff., и Јован Мириќ: *Развој моралног мишљења*, стр. 118 и н.

# Стадиумите на моралниот развој на личноста според Лоренс Колберг

Централно место во истражувањата на големиот психолог и филозоф на моралот Лоренс Колберг зазема *моралниот развој на личноста.*[54] Колберг се противи на едностраните размислувања кои моралниот развој го сведуваат на споредување на однесувањата, обичаите, нормите и вредностите, кои имаат релативно значење. Тој не сака во неговата научна работа делумни истражувања. За време на неговата докторска работа на Универзитетот во Чикаго во педесеттите години од XX век, Колберг согледал дека сфаќањето на психолозите за моралниот развој како „формирање на супер-егото`` е интелектуално и филозофски наивно. Колберг е еден од првите во САД кои ја препознале важноста на теоријата на Жан Пијаже, во неа тој ја пронашол *„базата за новиот вид на едукативна психологија``*.

Своето истражување на моралниот развој Пијаже го завршил со заклучокот за хетерономната и автономната моралност од раната до средната детска возраст. Колберг го проучувал моралниот развој на личноста исто така како развој на нејзиното морално судење, но со истражувањето го опфатил и периодот на адолесценцијата. Колберг согледал дека двете општи развојни фази на моралноста на личноста кај Пијаже не можат прецизно да ги опфатат различните возрасти кај човекот и поцелосно и подетално да ги категоризираат типовите на моралното резонирање. Во неговото истражување завршено на Универзитетот во Чикаго во

---

[54] Види Rheta DeVries: *The Cognitive-Developmental Paradigm*, in *Handbook of Moral Behavior and Development*, Volume 1: *Theory*, New Jersey, 1991.

1958 година, Лоренс Колберг развива *шест фази на моралниот развој на личноста.*[55]

Најголемиот дел од својата работа Колберг го посветил на создавањето научни сознанија за когнитивниот развој, што предизвика голем напредок во детската психологија. Едно од најзначајните тврдења на Колберг, кое е во согласност со основната идеја на Пијаже, е дека постои *паралелизам помеѓу психолошкиот и моралниот развој.*[56]

Моралните стадиуми кај Колберг ја следат аксиолошката шема, тие се хиерархиски подредени, движејќи се од понискиот кон повисокиот степен.[57]

Во текот на истражувањето Колберг го употребувал клиничкиот метод. За разлика од Пијаже, кој паралелно им презентирал по два раскази на испитаниците, Колберг употребувал еден расказ (The Heinz Dilemma), во кој се претставени две активности, а испитаниците требало да направат избор помеѓу нив.[58] Расказот има морална проблематика. По неговото читање Колберг им поставувал на испитаниците од девет до дванаесет стандардни прашања, со кои требало да го добие нивниот морален суд и неговото образложение.[59]

Што е за Колберг моралниот суд и кој вид судови тој ги проучувал?!

---

[55] Исто, pp. 8-9.

[56] Тоа се истакнува како особеност на позицијата на Колберг. Види Peter Singer: *A Companion to Ethics*, , Oxford, 1991, p. 474.

[57] Види Albert Bandura: *Social Cognitive Theory of Moral Thought and Action*, in *Handbook of Moral Behavior and Development*, Volume 1: *Theory*, New Jersey, 1991.

[58] Lawrence Kohlberg: *The Philosophy of Moral Development*, New York, 1981, pp. 12-17.

[59] Расказите кои Колберг ги користел содржат две активности, испитаникот треба да направи избор и да го образложи. Еве како изгледале два од применетите раскази. Расказ 1: Цо е 14–годишно дете кое многу сакало да оди на кампување. Татко му му ветил дека може да оди ако заработи пари за одморот. Разнесувајќи весници заработил. Пред да замине, таткото се предомислил, зашто неговите пријатели ќе оделе на риболов, а нему му требале пари. Му рекол на Цо да му ги даде парите што ги заработил, а Цо размислувал да го одбие татковото барање. Расказ 2: Една жена била болна од рак. Постоел лек со кој таа можела да се спаси. Тој лек го пронашол еден аптекар, но лекот бил многу скап, а аптекарот барал дури 10 пати повеќе. Сопругот на жената позајмувал пари од сите кои ги знаел, но собрал половина од износот. Го замолил аптекарот за помош, но бил одбиен. Сопругот помислил да ја обие аптеката и да го украде лекот.

- Моралните судови се вредносни;
- Судовите се судови за луѓето, но истражувањето на моралните судови не спаѓа во областа на социјална когниција;
- Значењето на моралните судови е универзално.

Колберг настојувал од испитаниците да добие прескриптивистички суд, т.е. испитаниците да се определат за едно решение од предложените. Оваа цел била постигната кога испитаникот ќе кажел „треба`` или „не треба``. По добивањето на одговорите, следело нивното оценување. Секој морален суд можел да се оцени така што судот ќе се сместел на некоја од точките на развојната скала.[60]

Според Колберг, развојот на моралното мислење се одвива низ **стадиуми**. Колберг разликува три развојни нивоа, секое ниво содржи по два стадиуми, значи постојат шест стадиуми на моралниот развој на личноста.[61]

*Прво ниво: Претконвенционално*

*На ова ниво од моралниот развој детето се раководи според културните правила и согледувања на доброто и злото, на правилното и неправилното; нив ги интерпретира според физичката или хедонистичката консеквенција на постапката (казна, награда, замена на услуги) или се ориентира според моќта на оној кој ги поставува правилата.*[62]

[60] Види J.Мириќ: *Развој моралног мишљења*, поглавје *Оцењивање одговора*, стр. 175-180.
[61] Види поопстојно објаснување за оваа етичка содржина во P. Singer: *A Companion to Ethics*, оддел *Morality and psychological development*, pp. 464-475.
[62] Види L. Kohlberg: *The Philosophy of Moral Development*, p. 17.

Стадиум 1: **Хетерономна моралност**

За стадиумот на хетерономната моралност карактеристичен е *егоцентризмот*. Постои свест само за сопствените интереси и потреби, а туѓите не се согледуваат. Целта е насочена кон избегнување на казната како резултат на прекршувањето на правилата.

Стадиум 2: **Индивидуализам, инструментална цел и размена**

За овој стадиум карактеристично е постапување и однесување со кое би се задоволиле сопствените интереси, но личноста *започнува да ги согледува и интересите на другите луѓе*. Размената се сфаќа во смисла: „Ти ми ја исшара книгата, сега јас ќе ја исшарам твојата``.[63]

*Второ ниво: Конвенционално*

*На ова ниво од моралниот развој личноста се ориентира според очекувањата на семејството, групата, нацијата и изразува лојалност кон нив преку поддршка и идентификување со нив.*[64]

Стадиум 3: **Заемни очекувања и односи**

На овој степен на развојот личноста постапува според она што се очекува од неа и се однесува според одобрувањето. Изразена е потребата да се биде добар во сопствените очи и во очите на другите. За овој стадиум карактеристично е верувањето во „Златното етичко правило``.

[63] Исто, p. 17.
[64] Исто, p. 18.

Стадиум 4: **Општествен систем и совест**

На овој степен од моралниот развој личноста ги исполнува прифатените должности и се раководи според социјалниот ред, а исправно постапување е она кое носи напредок во заедницата и општеството.

*Трето ниво: Постконвенционално*

*На ова ниво постои јасно дефинирање на моралните вредности и принципи и се доживува сопствена идентификација со нив и со групата.*[65]

Стадиум 5: **Ориентација според општествен договор**

На овој стадиум е изразена свеста дека луѓето застапуваат мноштво различни вредности и мислења, а многу од нив имаат релативно значење. Но некои правила според своето значење не се релативни, такви се правото на живот и на слобода. Тие важат во секое општество. Постои чувство на обврска кон спрема законот и прифаќање на општествениот договор. Во предвид се земаат моралната и правната точка на гледање, но овие две страни понекогаш се во конфликт.

Стадиум 6: **Ориентација според универзални етички принципи**

Ова е стадиум на *висок морал*. Личноста се придржува кон етички начела кои самата ги избрала. Во случајот кога законот ги нарушува овие начела, личноста постапува во согласност со моралните принципи. Овие начела се универзални вредности на справедливоста, правдината – еднаквост на правата на луѓето, почитување на достоинството на личноста... На овој степен од моралниот развој

[65] Исто. р. 18.

личноста верува во валидноста на универзалните морални начела и чувствува лична приврзаност кон нив.[66]

Колберг вели дека не може да се прескокне одреден стадиум во моралниот развој, но личноста во текот на својот живот секогаш не го достигнува последниот стадиум. Тој стадиум на вистинска етичка креативност и доблест бара од личноста посветеност .

Колберг ги истакнува следните фактори на моралниот развој:

- можноста да се ставиме на местото на другиот ("емпатија");
- интелектуалното поттикнување на логичкото мислење и рационалното аргументирање;
- одговорноста, средината која на поединецот му дозволува лично да носи морални одлуки, со што се поттикнува развојот на моралното мислење;
- когнитивно–моралниот конфликт, излагањето на сопствените мислења за моралните одлуки, водењето дискусии за нив, преиспитувањето на сопственото мислење и постапување;
- средбата со етички мислења и излагања на повисок степен;

---

[66] За погледите на Лоренс Колберг за развојните стадиуми на моралната свест на личноста пишувале многгу автори. Види, на пример:

- William M. Kurtines - Jacob L. Gewirtz: *Handbook of Moral Behavior and Development*, Volume I: *Theory*, New Jersey, 1991.

- Јован Мирић: *Развој моралног мишљења*, Београд, 2001, стр. 166-217.

- Nila Kapor–Stanulovic: *Na putu ka odraslosti*, Beograd, 1988, str. 95-101.

- Peter Singer: *A Companion to Ethics*, Oxford, 1991, pp..464–475.

- Anne Colby - Lawrence Kohlberg: *The Measurement of Moral Judgment*, Volume I: Theoretical Foundations and Research Validation, Cambridge University Press, Cambridge, 1987.

- Anne Colby and Lawrence Kohlberg: *The Measurement of Moral Judgment*, Volume II: Standard Issue Scoring Manual, Cambridge University Press, Cambridge, 1987

- Кирил Темков: *Лоренс Колберг – 6 степени на етичкото однесување*. Старт, 9 јули 2004, стр. 50-51.

- учествувањето во справедлива заедница.[67]

Тоа се многубројните аспекти на научната работа на Лоренс Колберг, која е основата за конципирање, имплементација и спроведување на современото Етичко образование, во што спаѓа и нашата експериментална настава во втората и третата година на одделенската настава.

Идеите и сознанијата на Лоренс Колберг и на неговите соработници се мошне инспиративни за сите кои се занимаваат со истражувањето на моралниот развој на личноста и со моралното образование на младите личности. Во таа смисла, и во нашата експериментална работи ги применивме етичко-педагошките орудија на Колберг (кој, исто така, испитувал 9-годишни деца),

Прашалникот кој го применувал Колберг, познат под името *The Heinz Dilemma*, го применивме во мај 2005 година во одделението III-б, кое учеше Етика две учебни години, и во одделението III-а, кое претставуваше контролна група. Секој ученик доби лист на кој беше кратко претставен големиот американски филозоф и психолог Лоренс Колберг, беше напишан неговиот оригинален текст[68], а под текстот следуваа тринаесет прашања на кои учениците самостојно го дадоа својот одговор. Ги претставуваме одговорите на прашалникот од учениците во III-б (експериментална група) и од учениците од III-а (контролна група):

*1. Дали и зошто аптекарот треба да го даде лекот за жената, иако нејзиниот сопруг не може да го плати?*

[67] Види Јован Мириќ: *Развој моралног мишљења.* стр. 198–199.
[68] Види фуснота 59 на стр. 45.

III-б: Сите 25 ученици одговорија дека аптекарот треба да го даде лекот за да го спаси животот на жената.

III-а: 24 ученици одговорија дека аптекарот треба да го даде лекот, повеќето од нив објаснија дека со тоа ќе спаси живот, а дел не дадоа објаснување, а еден ученик напиша дека аптекарот ако не го даде лекот тој сепак ќе биде украден од сопругот на жената и аптекарот повторно ќе остане без него.

*2. Дали е во ред да се обвини аптекарот затоа што не го дал лекот?*

III-б: 14 ученици одговорија дека аптекарот треба да се обвини, бидејќи неговото одбивање да го даде лекот всушност придонесува за смртта на жената; 11 ученици одговорија дека аптекарот не треба да се обвини, бидејќи лекот е негов и тој може да прави со него што сака.

III-а: 23 ученици одговорија дека треба да се обвини аптекарот, еден ученик одговори дека не треба да се обвини, а еден не даде јасен одговор.

*3. Дали мажот треба да го украде лекот за жената за да ја спаси?*

III-б: 22 ученици одговорија дека мажот треба да го украде лекот за да ја спаси жената; тројца одговорија дека не треба да го украде лекот, затоа што крадењето е во спротивност со законот и не е добро.

III-а: 19 ученици одговорија дека мажот треба да го украде лекот, четворица ученици одговорија дека мажот не треба да го украде лекот, а двајца се двоумеа за ова прашање.

*4. Дали мажот треба да биде казнет за кражбата на лекот за неговата жена?*

III-б: 22 ученици одговорија дека мажот не треба да се казни, затоа што со тоа тој спасил живот и треба да се земе предвид ситуацијата, тројца одговорилја дека мажот треба да се казни, зашто сепак станува збор за кражба, но и да се согледа состојбата во која бил.

III-а: Одговорите се идентични со одговорите од другото одделение - 22 одговорија дека мажот не треба да се казни, а тројца одговорија дека тој треба да се казни, но не строго.

*5. Дали е правилно или неправилно да се украде лекот?*

III-б: 14 ученици одговорија дека не е правилно да се украде лекот, но дел од нив напоменаа дека во ваква ситуација можеби може да се оправда; 11 ученици одговорија дека е правилно да се украде лекот и тоа го оправдаа со ситуацијата.

III-а: 17 одговорија дека не е правилно да се украде лекот, дел од нив ја истакнаа сложеноста на ситуацијата; седум ученици одговорија дека е правилно да се украде лекот, а еден изрази двоумење во одговорот.

*6. Доколку станува збор за непозната личност, а не за жена му, дали мажот треба да го украде лекот за тој туѓинец?*

III-б: 20 ученици одговорија дека мажот треба да го украде лекот иако станува збор за непознат човек, секој има право да живее, а пет одговорија дека не треба да го украде лекот.

III-а: 19 ученици одговорија дека и во таква ситуација лекот треба да се украде за да се спаси животот; шест ученици одговорија дека во таква ситуација не треба да се украде лекот.

*7. Дали е важно луѓето да направат се за да го спасат животот?*

III-б: Сите 25 испитаници одговорија дека луѓето треба да направат се за да спасат нечиј живот (еден ученик додаде дека само не треба да се прават противзаконски нешта).

III-а: 21 од учениците одговорија позитивно, дека треба да се направи се за нечиј живот; еден ученик не даде одговор; двајца напишаа дека тоа зависи од ситуацијата, а еден одговори со Не.

*8. Дали е спротивно на законот да се краде? Дали тоа е морално погрешно?*

III-б: Сите 25 ученици одговорија дека е спротивно на законот да се краде и дека тоа е морално погрешно, повеќето истакнаа дека крадењето е лоша особина на човекот, а дел ги напишаа и последиците кои следат - губење на достоинството, одговарање пред законот, казна и неприфаќање од другите.

III-а: 22 од учениците одговорија дека е спротивно на законот да се краде, но поголемиот дел од нив одговорија дека тоа не е морално погрешно, дел не дадоа одговор на второто потпрашање, а мал дел (петмина) напишаа дека тоа е морално погрешно; тројца напишаа дека крадењето не е спротивно на законот.

Според добиените одговори од двете одделенија на ова прашање, може да се согледа улогата на *претходната етичка едукација* и позитивниот трансфер во учењето кај учениците од III-б и недоволната упатеност и неразбирањето на одредени етички поими кај учениците од III-а (голем дел од нив воопшто не го знаат значењето на зборот *морал* и него го поистоветуваат со нешто што задолжително мора да се прави).

*9. Што според тебе мажот треба да направи?*

III-б: 14 ученици одговорија дека во таква ситуација кога нема избор мажот треба да го украде лекот и да ја спаси жена му; петмина напишаа дека мажот треба да го моли аптекарот дури не се смилува и не попушти; петмина напишаа дека мажот треба да бара повеќе пари за да го купи лекот, а еден напиша дека мажот треба да направи се за да ја спаси жена му.

III-а: 16 ученици одговорија дека мажот треба да го украде лекот; двајца напишаа дека мажот треба да се обрати на власта или на друг авторитет; еден напиша дека тој треба да ја спаси жена му, но не напиша како; шест напишаа дека треба да го моли аптекарот или да се договори со него.

*10. Дали полицаецот (кој е близок пријател на мажот кој го украл лекот) треба да го пријави?*

III-б: 13 ученици одговорија дека полицаецот треба да го пријави, затоа што тоа е негова должност, но во станицата да ја објасни неговата ситуација; 12 ученици напишаа дека полицаецот не треба да го пријави, затоа што во таков случај нема да може да и помогне на жената.

III-а: 19 ученици одговорија дека полицаецот не треба да го пријави мажот; шест одговорија дека полицаецот треба да го пријави.

*11. Дали судијата треба да го осуди мажот или не?*

III-б: 20 ученици напишаа дека судијата не треба да го осуди мажот; пет напишаа дека судијата треба да го осуди мажот, но со минимална казна заради ситуацијата во која што е.

III-а: 24 ученици одговорија дека судијата не треба да го осуди мажот; еден ученик одговори дека судијата треба да го осуди.

*12. Каква одлука треба да донесе судијата?*

III-б: 22 ученици напишаа дека судијата треба да го ослободи мажот или да му даде некоја минимална казна со оглед на ситуацијата во која бил; двајца одговорија неодредено, а еден ученик напиша дека судијата треба да го казни мажот за кражбата на лекот.

III-а: 13 ученици напишаа дека судијата треба да го ослободи мажот; девет напишаа дека судијата треба да го казни аптекарот, а тројца напишаа дека судијата треба да го казни мажот.

*13. Дали луѓето кои го кршат законот треба да бидат казнети?*

III-б: 18 ученици одговорија дека луѓето кои го кршат законот треба да бидат казнети; седум ученици одговорија дека само во вакви специфични ситуации луѓето кои го кршат законот не треба да бидат казнети.

III-а: 20 ученици напишаа дека луѓето кои го кршат законот треба да бидат казнети; пет ученици одговорија дека тоа зависи од ситуацијата.

Од добиените резултати може да се согледа дека во III-б одделение, со оглед на двегодишното етичко образование, децата стекнаа *етички знаења*, кои им помагаат во нивното расудување. Овие ученици ги образложуваат своите одговори, а етичките случки и настани ги согледуваат повеќестрано. Учениците во двете одделенија се здобиено со некои универзални човечки вредности - правото на живот на секој човек; кај значителен дел од учениците во голем степен е развиена емпатијата како основа за правилен морален развој.

Степените на моралниот развој на личноста се нова тема на етиката, психологијата и педагогијата. Жан Пијаже и Лоренс Колберг со своите сознанијата ја покажаа развојноста на моралот на личноста и дадоа огромен придонес за развојот на етичкото образование.

Денес може да се констатира дека етичкото образование ги следи идеите на Жан Пијаже и Лоренс Колберг.

# ЕКСПЕРИМЕНТАЛНАТА НАСТАВА ПО ЕТИКА СО ПРИМЕНА НА МЕТОДОТ НА ЕТИЧКА ПОУКА

Етичкото образование во современите земји во светот бележи голема експанзија и развој и денес претставува една од најмодерните педагошки појави. Следејќи го светскиот образовен тренд во овој вид образование, и во нашата земја проникна желбата и свеста за потребата од негово изучување. За таа цел Експериментална настава по етика беше изведена во неколку средни училишта во учебната 1998/99 година[69], а во учебната 2003/2004 година се започна со настава по Етика како изборен предмет во II и III година на реформираното гимназиско образование.[70] Исто така, Експериментална настава по етика се спроведуваше и во предметната настава во едно основно училиште во нашата земја во пролетта 2000 година.[71]

Сфаќањето и разбирањето на развојноста на моралот според Пијаже и Колберг ја наметна потребата за негово задолжително, опстојно, грижливо и правилно спроведување низ целината на психо–физичкиот развој на личноста.

[69] За искуствата од оваа експериментална настава види Јован Лозановски: *Етичкото образование во средните училишта во Република Македонија*, магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 1999, и Јован Лозановски: *Формите на работа, методите и средствата во наставата по Етика во средните училишта*, докторска дисертација (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2001. За оваа прва експериментална етичка настава кај нас беа создадени први наставни материјали – Кирил Темков: *Етика за младите*, Скопје, 1999, 2001, и Кирил Темков: *Етички речник за младите*, Скопје, 1999, 2001.

[70] Наставната програма на оваа изборна настава е усвоена во летото 2003 година врз основа на искуствата од претходно изведената Експериментална настава по Етика во средните училишта. Учебниците кои се користат во ова етичко образование се Кирил Темков: *Етика за II година на гимназиското образование*, Скопје, 2004, Кирил Темков: *Етика за III година на гимназиското образование*, Скопје, 2004, и Кирил Темков: *Етички речник*, Скопје, 2004.

[71] Види за тоа во научниот труд на првата наставничка по Етика во основните училишта кај нас Илинка Торбовска-Смилевска: *Етиката како наставен предмет во основните училишта*, магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2002. За потребите на оваа експериментална настава, како и подоцна за јавното ширење на етичките сознанија кај децата на оваа возраст, во прилогот за деца *Колибри* на весникот *Нова Македонија* (2000-2002) д-р К. Темков објавуваше редовно етички лекции под наслов *Етика за најмладите* (*Љубов и внимание*).

Надоврзувајќи се на претходно изведените експериментални истражувања на етичкото образование во нашето образование, се јави потребата за спроведување настава по Етика и во одделенската настава од основното образование. Таквата експериментална настава по Етика се реализираше во учебната 2003/2004 година и во следната 2004/2005 година, во една паралелка од второто односно третото одделение во ОУ "Владо Тасевски" во Скопје.[72] Со ова е создаден педагошки континуитет во изведувањето на настава по Етика кај нас, со што комплетно е опфатен целиот основен и среден степен на образованието.[73] Со овие етичко-педагошки реализации направени се сериозни чекори во обидите за актуелизација и воведување на Етичкото образование во воспитно–образовниот процес во Република Македонија. Во истиот период, во учебните 2003/2004 и 2004/2005 година, се изведени и првите систематски обиди за етичко-вредносно образование на децата во градинките „Корчагин`` во Скопје.[74] Со тоа е дополнета целината на етичкото образование кај нас.

Со воведувањето на етичката настава во нашиот образовен систем ќе се потполни алката на едно современо и модерно образование. Изучувањето на етичкото образование ќе придонесе да се изградат автономни личности со развиена свест за себе и за другите, со јасно изграден вредносен систем, со изградено

---

[72] Искуствата од оваа етичка настава се обработени во Љубица Топузоска: *Етичкото образование во одделенската настава*, магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2004. За потребите на оваа експериментална настава беа користени лекции кои, под наслов *Етика за децата*, д-р К. Темков ги објавуваше редовно во прилогот за деца *Колибри* на весникот *Нова Македонија* (2002-2005). Како прилог кон етичкото образование на најмладите, во учебната 2004/2005 година во списанието за деца *Другарче* редовно беше објавуван и првиот етички стрип за децата кај нас *Ангела и Ангел од I-а* (автор д-р Кирил Темков).

[73] За искуствата од првата етичка настава кај нас, како и за потребите на етичкото образование воопшто, мошне се инструктивни трудовите на Гордана Никчевска: *Етичкиот лик на наставникот*, магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2001. и на Бранка Минчева: *Универзалната етика и нејзините вредности*, магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2005.

[74] Ова прво етичко образование на најмалите деца кај нас го раководеа педагогот Злата Николиќ и д-р Кирил Темков. За овие педагошко-аксиолошки активности се подготвува посебна публикација.

чувство на должност, личности кои ќе сакаат прогрес и ќе бидат способни да донесат напредок во општеството. За таа цел етичкото образование треба да се воведе во сите нивоа на образование, за чија можност посведочија сите видови експериментална настава изведени кај нас, како и сличните искуства во другите земји. Изучувањето на етиката во нашата земја ќе го подигне нивото на моралот во сите сфери на животот, ќе придонесе да се надминат егоистичниот однос на луѓето, нивната деструктивна моќ, конфликтноста во меѓусебните односи и лажниот вредносен систем според кој се раководат луѓето.

## Целите и задачите на Експерименталната настава по етика во II/III-б во ОУ „Владо Тасевски`` во Скопје

Експерименталната настава по етика во одделенската настава од основното образование започна во учебната 2003/2004 година во ОУ „Владо Тасевски`` во Скопје во II–б одделение (паралелка од целодневна настава). Реализатор на проектот беше Љубица Топузоска, дипломиран педагог и постдипломка по филозофија. Овој проект претставуваше нејзина научна задача, која резултираше со изработка на магистерскиот труд *Етичкото образование во одделенската настава*, прв од овој вид во нашата земја.[75] Реализацијата на Експерименталната настава по етика продолжи и во наредната учебна година. Тоа овозможи продлабочување и проширување на добиените знаења, што резултираше со изработка на оваа докторска дисертација.

---

[75] Љубица Топузоска: *Етичкото образование во одделенската настава*, магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков). Филозофски факултет. Скопје. 2004.

Проектот беше реализиран по иницијатива на професорот по етика д-р Кирил Темков и беше константното следен и воден од него. За овој проект беа подготвени Програма на оваа експериментална настава, како и наставни материјали за настава по етика за најмладите. До ОУ „Владо Тасевски" од Скопје беше доставено писмо, а училиштето со писмо го извести Министерството за образование, во кое беше објаснета целта и идејата на Експерименталната настава по етика, како и начинот на нејзината реализација.

Целите и содржините на Експерименталната настава по етика во одделенската настава професорот Темков ги презентираше и пред Одборот на родителите во училиштето. Со опсежно писмо, за наставата беа известени и информирани родителите на учениците кои беа непосредно вклучени во наставата. Беше организирана и родителска средба, на која професорот Темков ги запозна со целта на наставата и со потребата од ваквиот вид образование на младите. Родителите добија и прашалник во кој ги изложија своите мислења за Експерименталната настава по етика. Експерименталната настава побуди големо интересирање, за неа се пишуваше и во дневниот печат, се зборуваше во радио и ТВ емисии, а беше снимена и посебна ТВ емисија од образовен карактер (МТВ) посветена на оваа настава, преку која непосредно беше претставен часот по етика за најмладите.

*Целта* на Експерименталната настава по етика во одделенската настава од основното образование во второто одделение, кога учениците беа на возраст од седум до девет години, беше да се испита рецепцијата на етичките теми кај децата

од оваа возраст. Смислата на етичката содржина и метод на оваа првична форма на етичкото образование беше **етичка поука**.

Покрај општата цел на Експерименталната настава по етика, беа поставени и посебни цели на оваа настава:

- да се оствари првичното воведување на етичките содржини во одделенската настава од нашето основно образование:
- да се провери и испита комуникативноста, сознајната и етичката вредност на предложените тематски области и наставни содржини;
- преку наставата по етика да се провери дидактичкото значење и методичката ефикасност на различните методи, техники и средства во етичката едукација на децата од оваа возраст.

*Задачите* кои беа поставени пред Експерименталната настава по етика во одделенската настава беа следниве:

- да се провери можноста кај децата од оваа возраст за следење на етичките содржини;
- да се испитаат различните етички содржини и нивната рецепција кај децата од оваа возраст;
- да сè провери едукативната вредност на материјалите кои се применуваа во рамките на етичката настава;
- да се провери можноста за примена на разните методи, форми и средства во оваа настава;
- да се постави основата за изградба на систем на вистински морални вредности кај младите;

- децата да можат да прават диференцијација помеѓу добрите и лошите постапки, доброто и лошото однесување и, воопшто, помеѓу доброто и злото.

Магистерскиот труд *Етичкото образование во одделенската настава* ја претстави експерименталната настава во II одделение во целина и опсежно, го презентираше начинот на нејзината реализација, како и резултатите од нејзината примена и сознанијата до кои сме дошле и нивната евалуација.

## Реализација на Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка поука

За реализацијата на Експерименталната настава по етика во II одделение беа подготвени соодветни материјали од професорот д-р Кирил Темков - серија особени етички текстови под наслов *Етика за децата*. Тие се објавуваа во весникот „Нова Македонија`` секој вторник во нејзиниот прилог за најмладите *Колибри* (од септември 2002 до јуни 2004 година, околу 80 текстови). Беше подготвен и *Еколошки азбучник*. Секој ученик во II-б, каде што се изведуваше наставата, ги добиваше овие материјали напоредно со нивната реализација. Така етичките содржини беа достапни за секој ученик, како и за неговото семејство. Секој текст има дел со расказ, каде што се изнесени *моралните дилеми* со кои се сретнуваат младите на возраст од 7-9 години, по што следува разбирливо *етичко објаснување* и јасна **етичка поука**.

Во оваа фаза од експерименталната настава по етика, која се одвиваше во учебната 2003/2004 година во II-б одделение во ОУ „Владо Тасевски``, во првото

полугодие етичките содржини се реализираа општо, со цел кај учениците да се формираат почетни знаења и основни етички искуства.

Во второто полугодие на истата учебна година етичките содржини беа класифицирани во шест истражувачки теми:

1. *Односи во семејството и место на детето во семејството;*
2. *Однесување надвор од дома;*
3. *Обврски на училиштето;*
4. *Односи со другарите;*
5. *Еколошка етика;*
6. *Етика на здравјето.*

Во секоја истражувачка тема се обработуваа соодветни етички текстови, се дискутираше за тематските содржини, тие се поврзуваа со темите од другите предмети, како и со личното искуство на учениците. Учениците изработуваа училишни и домашни задачи, како и други видови едукативни задачи и материјали.

На крајот од секоја од шестте теми учениците одговараа на два прашалници. Преку едниот прашалник се испитуваа размислувањата на учениците и нивните ставови за одделни етички проблеми и прашања. Преку другиот прашалник се испитуваа знаењата со кои учениците се здобиваа низ етичките часови, нивното задржување во меморијата и способноста овие практично да се применат.

Во *првата истражувачка тема* со различни текстови беа претставени **односите во семејството**. Семејството е првиот, а во почетокот и единствениот социјален фактор во развојот на личноста. Човекот се раѓа во семејството и во семејството започнува процесот на неговата социјализација. Во рамките на

семејните односи детето се здобива со првите животни и етички искуства. Во семејството се формираат првите навики на моралното однесување и започнува процесот на морално обликување на личноста. Семејството е темелот врз кој понатаму ќе се гради и развива личноста.[76]

Семејството е најблиската и најприродна врска помеѓу родителите и децата. Во семејството постојат цврсти односи, кои се засновани врз меѓусебна доверба, љубов, почитување и помагање. Врската помеѓу членовите во едно семејство е трајна.

Семејството е првиот фактор за моралното воспитување на детето. Понатаму се придружуваат и останатите фактори, значајни за развојот на личноста и на неговата моралност.

За етичкото обликување на личноста особено се важни односите помеѓу членовите на семејството. Мирниот и хармоничен семеен живот позитивно влијае врз моралниот развој на личноста. Значајно е да се оствари единствено воспитно влијание на сите членови во семејството, за да се постигне хармоничност во моралните норми и правила, како и единственост во етичките барања и стремежи. Доколку не постои единство во семејството, детето ќе запаѓа во конфликтни ситуации, кои нема да може да ги реши. Многу е значаен позитивниот пример кој родителите го даваат на детето; детето ги согледува однесувањата на родителите, со нив се идентификува и од нив учи.

Семејството треба да се труди да воспостави хармоничност во делувањето со останатите фактори на моралниот развој – училиштето, друштвото на врсници и останатите општествени и културни институции.

---

[76] Ante Vukasovic: *Etika, moral, osobnost*, Zagreb, 1993, str. 207-211.

Семејството секако треба да ја оствари својата примарна цел, а таа се состои во здравото и потполно подигање на потомството и неговото оспособување за конструктивен живот во рамките на потесната и пошироката заедница. За значењето на врската меѓу родителите и децата зборува следната низа од примери за оваа поврзаност:

*„Прашале еден старец дали имал блиски луѓе во животот, дали имал пријатели, со кого го минал животот. Одговорил: имав деца. Прашале жена на средни години дали има блиски, со кого е поврзана, со кого најмногу го троши времето. Одговорила: со децата. Прашале млад брачен пар какви пријатели најмногу сакаат да имаат, кои сакаат да им се најблиски, што очекуваат дека ќе им донесе животот. Одговориле: деца. Прашале дете со кого најдобро се согласува. Кои му се најблиски луѓе, на кого може да се потпре. Одговорило: родителите.*"[77]

Затоа *првата истражувачката тема* во Експерименталната настава по етика во одделенската настава се однесуваше на семејството. За тоа беа подготвени и реализирани соодветни етички содржини, кои зафаќаа разни аспекти од семејниот живот. Расказите-лекциите кои се обработуваа беа многу блиски на детското семејно искуство, а во нив беа прикажани разни случки и настани преку кои децата можеа да се препознаат во најголем дел од нив и преку нив да се идентификуваат. Подготвените етички содржини за семејството, преку разни настани и случувања, со кои се опфатени повеќе аспекти, целосно соодветствуваат на развојот на децата. Секој ученик без никаква тешкотија можеше да ги следи и во нив да препознае многу елементи кои се карактеристични за неговото семејство.

---

[77] Кирил Темков: *Најблиската врска*. „Родец". бр. 1. 2003. стр. 9.

Преку етичките раскази и поуки за семејството децата научија дека во семејството треба да владеат добри и хармонични односи, дека неговите членови треба да се сакаат, да се почитуваат и меѓусебно да си помагаат. Децата формираа почетни знаења за трудот и работата, но и за заработувачката, со која може да се оствари нормален живот од материјален аспект. Децата се здобија со знаења за трите генерации во семејството – баби и дедовци, родители и деца и за почитувањето и семејната хиерархија. Научија дека треба да бидат одговорни и уредни. Сфатија дека мораат да бидат скромни во своите барања кон родителите и да го почитуваат заедничкото во семејството. Се научија дека секогаш мора на родителите да им кажуваат што им се случува и да се советуваат со нив за разни работи од својот живот.

Наставата по етика, преку реализацијата на етичките текстови посветени на семејството, покажа голема флексибилност и можност за интеракциски приод со другите наставни предмети (темата за семејството се реализира и преку предметите Македонски јазик, Природа и општество, Ликовно образование и Музичко образование).

Усвоеноста на наставниот материјал за темата *Семејство и местото на детето во семејството* забележа високо ниво на ретенција на етичките содржини кај децата. Преку темата за семејството учениците формираа и стекнаа многу значајни сознанија за семејството, кои ќе им помогнат во градењето на правилни и хармонични семејни односи. Учениците формираа поим за своето место и својата улога во семејството како активни членови кои постојано придонесуваат за напредокот и развојот на семејниот живот.

Со цел да се согледаат рецепцијата на етичките содржини за семејството и позитивните промените во размислувањата на учениците, по завршувањето на оваа етичка тема беа изработени два прашалници. Едниот прашалник ги испитуваше размислувањата и ставовите на децата за семејството, а другиот прашалник ги испитуваше здобиените знаења за оваа тема кај учениците. Од добиените одговори може да се согледа дека учениците во висок степен ги усвоиле и ги задржале етичките знаења. Учениците можат да ги препознаат правилните одговори и самостојно да одговорат. Учениците стекнатите знаења во целост можат практично да ги применат.

Со реализацијата на темата за семејството кај учениците се поставија основите за изградба на систем од вистински семејни вредности и односи засновани врз почитување, љубов, доверба, разбирање и меѓусебна помош.

Во *втората истражувачка тема* текстовите го обработуваа однесувањето на детето **надвор од дома**. Развојот на човекот не се одвива само во рамките на семејството, туку и надвор од семејството. Човекот морално се обликува и етички се изградува и низ другите воспитно–образовни и културни институции, низ разните организации, преку медиумите, преку активното користење на слободното време.

Однесувањето на човекот надвор од домот е исто толку значајно колку и однесувањето во рамките на домот. Однесувањето надвор од домот е многу широк поим и во себе опфаќа многу аспекти - се однесува на неговото однесување со другите луѓе, на однесувањето во разни институции и организации, со што се изразува и односот на човекот спрема самиот себе.

Човекот треба да биде мироьубив во меѓусебното комуницирање со другите луѓе, треба да изразува култура во однесувањето, толеранција и почит, како и готовност секогаш да помага. Во рамките на многуте институции и организации од различен карактер функционираат соодветни правила, кои мора да се почитуваат за тие нормално да функционираат. Овие правила човекот мора да ги усвои, доколку сака да биде дел од овие организации.

При реализирањето на оваа наставна тема беа подготвени и реализирани различни етички содржини, кои обработуваа различни аспекти на однесувањето надвор од домот како основно место за живеење и даваа соодветни етички поуки за тоа.

Однесувањето на единката надвор од дома е многу важно. Личноста живее во *интеракција со другите луѓе* и многу е значајно како таа постапува. Во оваа тема се обработени и прашањата за *нивото на културата на однесувањето* која треба да ја поседува личноста.

Етичките текстови и поуки кои се реализираа на часовите, а кои се однесуваат на однесувањето на човекот надвор од дома, целосно соодветствуваат со детскиот развој. Учениците непречено ги усвојуваа овие текстови и поуки, покажувајќи особено интересирање и успех. Содржините имаа интерактивен пристап со останатите наставни предмети. Наставните содржини покажаа и голема флексибилност и отвореност кон воспитно–образовните влијанија. Овие карактеристики ја зголемија вредноста на содржините на Етичкото образование.

Со цел да се провери усвоеноста на материјалот од страна на учениците, за тематската област која го обработуваше проблемот на однесувањето надвор од

дома беше изработен соодветен прашалник. Од добиените решенија и одговори на прашалникот може да се согледа дека учениците знаат дека секогаш треба да поздравуваат и знаат како треба да поздравуваат; тие ги знаат зборовите преку кои се покажува учтивост и култура во однесувањето; знаат дека секогаш треба да го почитуваат времето и да не доцнат; учениците можат да прават разлика во облекувањето според различните прилики и временски услови; учениците позитивно се насочени во давањето помош на старите лица и реално сфаќаат дека на овие им е неопходна помош; кај учениците е забележана висока свест во поглед на однесувањето во сообраќајот; иако учениците немаат големо искуство во поглед на балетската уметност и операта, сепак кај нив е отпочнато со формирањето и будењето на љубов кон уметноста како еден од најголемите дострели во човештвото.

Од добиените решенија може да се согледа дека учениците успешно ја усвоија тематската целина посветена на нивното однесување надвор од дома, а поуките и стекнатите знаења можат практично да ги применат и да се однесуваат соодветно на нив.

Во *третата истражувачка тема* се обработуваа содржини поврзани со **училиштето**. Училиштето е најпознатата, најзначајна, најстара, најмасовна и најразвиена образовно–воспитна институција. Училиштето настанало како резултат на објективните општествени и културни потреби и бележи долга традиција и развој. Воспитно–образовната дејност во училиштата е организирана и планска и со неа раководи стручно оспособен кадар. На овој начин во училиштата се формирани поволни услови и можности за правилна и успешна едукативна работа.

Во целите и задачите на училиштето, во неговата организација и содржина се одразуваат цивилизациските дострели и општествените потреби. Училиштето има многубројни задачи што треба да ги реализира, но тие најчесто се групираат во функционални и воспитни задачи. Училиштето е воспитна институција. Многу мислители ја прифатиле и развиле оваа идеја, Јан Амос Коменски училиштето го нарекол *работилница на човечноста*, а Јохан Хајнрих Песталоци силно го истакнал воспитниот карактер на наставата. Адолф Дистервег истакнувал дека низ наставата треба да се обликува карактерот на ученикот, Јохан Фридрих Хербарт не ја признавал наставата што не воспитува, а Џон Дјуи барал децата во училиште да дојдат со целиот дух и тело, а од него да излезат побогати во духот и поздрави во телото.[78]

Училиштето е еден од најзначајните и најмоќни фактори во развојот на човекот. Училиштето на човекот му овозможува да се развие за да може успешно да работи, културно да живее и да биде добар граѓанин во општеството.

Со поаѓањето на детето во училиште, тоа почнува да прифаќа одредени обврски. Основната активност во животот на детето не е повеќе играта, туку учењето и работата. При тоа, училиштето има многу важна задача, а таа е кај ученикот да формира *позитивни и одговорни ставови* спрема учењето, работата, должноста и обврските.[79]

Училиштето како фактор за моралното воспитување на личноста овозможува организирано формирање на етичко сознание и став, насочување и

---

[78] Ante Vukasovic: *Etika, moral, osobnost*, str. 93.
[79] Исто, стр. 213.

поттик за морално дејствување, како и развивање на позитивните морални особини на личноста.

Наставата е единствен воспитно–образовен процес.[80] Таа има и воспитни и образовни задачи, во неа се формира погледот на светот, како и односот на ученикот спрема светот и животот. Низ наставата ученикот се запознава со општествените односи, етичките начела, норми и категории, зазема и формира одредени ставови, ги формира и негува моралните чувства и ги гради моралните ставови. Ученикот се оспособува етички да ги вреднува сопствените и туѓите постапки.

Преку моралното воспитување во училиштето ученикот ја сфаќа смислата на човековата егзистенција, зазема правилен став кон животот, го развива чувството на должност и одговорност, како и чувството за припаѓање на заедницата.

Во рамките на училиштето ученикот се навикнува на ред и дисциплина, ги формира работните навики, го обликува своето културно однесување и сопствените морални својства и ги развива позитивните црти на личноста.

Денес училиштето е и место за *етичко образование* на младата личност на нејзиниот пат на израснување од хетерономна во автономна личност, етички изградена и подготвена креативно и одговорно да се соочи со сложените задачи на новата епоха.

Темите што беа реализирани на часовите по етика во II одделение, а кои се однесуваа на училиштето и на обврските кон него, се целосно соодветни на психо–физичкиот развој на децата. Учениците во Експерименталната настава по етика во

---

[80] Исто, стр. 213-214.

учебната 2003/2004 година беа учеа во второ одделение, тие го знаеја редот во училиштето, училишните правила, начинот на работа во училиштето, ги познаваа вработените лица во училиштето. Затоа реализацијата на етичките содржини од оваа настава се одвиваше лесно, бидејќи учениците ги имаа потребните предзнаења.

Текстовите кои беа посветени на училиштето опфатија многу елементи и задачи на училиштето. Некои лекции се однесуваа на задачите кои треба да ги оствари училиштето, некои на задачите кои треба да ги извршат учениците за да можат успешно да се вклучат во воспитно–образовната дејност во училиштето, а некои лекции се расправаше за другите фактори во училиштето, наставниците, соучениците, одделението.

Етичките раскази и поуки позитивно влијаеа врз развојот на учениците и врз нивното однесување во училиштето, како и врз прифаќањето на училишните задачи и обврски.

За да се провери усвоеноста на етичките содржини кои се реализираа во Експерименталната настава по етика во тематската целина за училиштето и за обврските кон него беше изготвен прашалник за учениците. Учениците успешно одговорија на прашалникот, со што покажаа дека ги почитуваат училишните должности и правила, свесни се за потребниот труд кој треба да се вложи во процесот на учење и ја сфаќаат вредноста на учењето, ги разбираат училишните активности кои се надвор од процесот на активната наставата, имаат и градат идеи за идната професија, авторитетот кој го чувствуваат спрема наставникот во овој период е голем и имаат сознанија како треба да се одвива училишната исхрана.

Учениците без никакви потешкотии ги усвоија етичките содржини и тие сознанија можат практично да ги применуваат.

Во *четвртата истражувачка тема* во овој дел се обработуваа **односите со другарите**. Друштвото на врсници има многу големо влијание врз развојот на личноста. Во кругот на друштвото, односно пријателите, младите стекнуваат поим за себе, се осамостојуваат во однос на возрасните, се здобиваат со особени етички сознанија и вредности.

Во рамките на друштвото се развиваат моралните вредности, солидарноста, чувството на единство на светот, одговорноста, емпатијата, еднаквоста помеѓу луѓето.

Низ интеракциските односи со врсниците младите доаѓаат до сознанија за заемната поврзаност и рамноправност, ја развиваат социјалната интелигенција, заинтересираност и активност. Одвоеноста од врсниците во периодот на детството води кон понатамошна емотивна нестабилност.

Другарите и пријателството позитивно влијаат врз социјализацијата на личноста. Социјализацијата е процес кој започнува со самото раѓање на човекот, а се развива низ целиот живот. Во овој процес човекот учи да ги прифати целите на одредена заедница или социјална група, а со тоа тој ќе може да функционира во нејзиниот состав без да се чувствува загубен и постојано да талка.

Жан Пијаже ја нагласува интеракцијата помеѓу врсниците, која со текот на годините станува се поинтензивна и придонесува за појавата на автономна моралност на поголема возраст.

На почетокот, особено во предучилишните денови, пријатели на детето се постарите, најнапред членовите на семејството, а потоа личностите од околината на детето. Но, паралелно со процесот на созревањето, детето станува се покритично во изборот на пријателите, за што се многу значајни факторите како интелигенцијата, возраста и доброто другарство.[81]

Во реализацијата на Експерименталната настава по етика во одделенската настава беа изработени и реализирани теми со различна етичка содржина за проблемот на другарството. Другарите со кои личноста активно го поминува своето слободно време имаат големо влијание и претставуваат значаен фактор во нејзиниот развој. Затоа оваа истражувачка тема зазеде посебно место во реализацијата на етичката настава. Подготвените и применети наставни содржини за часовите по Етика кои го обработуваа проблемот на другарството опфатија разни страни на другарството и правилно ги насочија децата во градењето на пријателските односи. Содржините целосно соодветствуваат на возраста на децата, а обработените и претставени настани се многу блиски на детската реалност. Децата се пронајдоа во текстовите за другарството и ги формираа почетните стапки во градењето на вистински другарски односи.

Усвојувањето на етичките содржини и поуки за другарството, нивното разбирање и оспособувањето на учениците за нивна понатамошна примена беше успешно. Со оглед на постојаната ангажираност и активна вклученост на децата во процесот на наставата и часовите по етика, рецепцијата и на овие етички содржини се одвиваше лесно и солидно.

---

[81] Гордана Никчевска: *Етичкиот лик на наставникот*, Скопје, 2001.стр. 27-32.

Со цел да се провери ваквиот општ впечаток, беа изработени два прашалници, од кои едниот ги проверуваше мислењата на децата за другарството, а вториот го проверуваше степенот на усвоеноста на знаењата од презентираните етички раскази и содржини.

Од добиените одговори се потврди дека учениците стекнатите етички знаења ги задржуваат, можат да ги препознаат, диференцираат и да ги наведат. Решавањето на двата прашалници одеше релативно брзо и учениците не се двоумеа околу давањето на своите одговори. Учениците можат целосно да ги следат етичките раскази и поуки посветени на другарството, во нив се пронаоѓаат и стекнатите знаења можат да ги применат.

Во *петтата истражувачка тема* етичките лекции се однесуваа на **екологијата и еколошката етика**. Денес во светот меѓу најзначајните проблеми се загадувањето и уништувањето на природната средина.

На нашата планета е зголемено трошењето на природните ресурси, населението многу порасна, со што се зголемија потребите за негово прехранување и создавање услови достојни за живеење. Современото индустриско производство го загадува воздухот, се намалуваат шумските површини, се зголемува температурата и се предизвикуваат лоши климатски услови. Слатката вода за пиење ја има малку, а таа се загадува и непромислено се троши. Се забележува голема загаденост на Земјата во целина, депонии кои не се расчистуваат, а производството на пластични маси кои не се разложуваат дополнително го отежнуваат проблемот. Војните, кои не згаснуваат, ги оштетуваат воздухот, водата

и севкупниот простор. Новите видови на биолошки, хемиски и нуклеарни оружја се закана за целото човештво.[82]

Човекот мора да го преиспита своето однесување и постапување, кое е деструктивно во однос на природата, и да ја развие свеста дека тој е дел од природата, дека природните закони влијаат врз него и затоа треба да живее во единство со природата без да ја експлоатира бесмислено и да ја загадува.

Еколошката етика има свои особени цели и методи за чистотата на телесното и на духовното живеење, за чувањето и подобрувањето на условите за природен живот на сите суштества.[83]

Екологијата ги проучува природните услови за живеење на живите суштества. Иако хуманата екологијата е релативно нова наука, а еколошката етика е развиена со биоетиката во последните три децении, тие денес предводат со својата актуелност. Тоа се должи на будењето на човековата размисла за зачувување, заштитување и унапредување на природната средина, за со тоа да се подобри квалитетот на човековиот живот. Денес насекаде се шират разни еколошки пораки, се формираат еколошки друштва и се разработуваат планови за заштита на природната средина.

Човекот разбра дека е *дел од природата* и дека може нормално да живее само во хармонија со неа, само ако се *грижи за природата* и за својот правилен живот во неа.

При обработката на истражувачката тема посветена на екологијата и еколошката етика беа подготвени соодветни материјали за реализација на

[82] Кирил Темков: *Етиката денес*, Епоха, Скопје, 1999.
[83] Кирил Темков: *Етика за младите*, Скопје 2001, поглавје *Еколошка етика*.

наставните единици по етика. Во оваа тематска целина освен расказите со етичка содржина и поука беше обработена и посебната брошура *Еколошки азбучник (Буквар за чување на природата)* од д-р Кирил Темков. Наставните материјали по етика кои беа посветени на екологијата и еколошката етика зафатија и обработија многу еколошки проблеми. Учениците научија многу еколошки пораки и совети кои ќе им помогнат во нивното однесување кон природата. Кај учениците се разбуди свеста за значењето на природата за севкупниот живот и за нивото на неговиот квалитет, како и за потребата од грижа за природата и за нејзината заштита и унапредување.

По завршувањето со етичките содржини кои се реализираа во Експерименталната настава по етика, а беа посветени на екологијата и еколошката етика, се примени прашалник за учениците од оваа тематска област.

Прашалникот имаше цел да ја провери рецепцијата на етичките теми од оваа предметна целина, нивото на задржувањето и усвојување на еколошките содржини од страна на учениците и нивната способност за практична примена на стекнатите етички знаења. Прашалникот ги истражуваше и ставовите, размислувањата на учениците за еколошките проблеми.

Од добиените одговори на прашалникот за екологија може да се согледа дека учениците успешно ги усвоиле знаењата од оваа област и нив можат практично да ги применат. Учениците ја развија својата свест за еколошките проблеми на повисок степен. Учениците прават разлика меѓу доброто и лошото однесување во природата и знаат како треба да се заштити природата. Учениците

можат самите да напишат вистински *еколошки пораки*, преку кои го испраќаат својот апел за зачувување и заштита на природата.

*Шесттата истражувачка тема* се однесуваше на **здравјето**, кое претставува основен услов за правилно функционирање на човековиот организам. Здравјето е една од најголемите вредности на животот на човекот. За здравјето е карактеристична психо-физичката хармоничност на човекот, што подразбира правилно функционирање на организмот во целина. Човекот може нормално да живее доколку е здрав, затоа тој мора да се однесува одговорно, да постапува исправно и постојано да внимава и да се грижи за своето здравје.

Во Етиката на здравјето се објаснува и изложува смислата на здравјето за човековиот живот, вредностите кои треба да го водат човекот во неговата здравствена активност, нормите кои треба да ги следи во животот за чување, заштита и унапредување на здравјето.[84]

Човекот треба да се информира за начините со кои ќе го зачува и подобри здравјето и со кои ќе ги избегне постапките и однесувањата кои придонесуваат за неговото нарушување.

Човекот мора умерено да постапува и да држи рамнотежа во животот. Насекаде можат да се сретнат пораки кои се однесуваат на здравјето: „Чувај го здравјето!``, „Здравјето е најголемото богатство``, „Во здравото тело здрав дух``.

Често се изложени и предупредувачки пораки, преку кои се забранува користењето на одредени средства: „Не пуши!``, „Не пиј!``, „Не користи наркотици!``.

---

[84] Кирил Темков: *Етика за младиње*, 2001, поглавје *Етика на здравјето*.

Човекот мора да развие висока свест за чувувањето на своето здравје и да ја сфати неговата вредност за неговиот добар живот.

Во Експерименталната настава по етика во II одделение една тематска целина беше посветена на здравјето. За таа цел соодветните теми обработуваа различни аспекти од оваа област. Преку етичките раскази и поуки учениците се подучија да се грижат за своето здравје, да внимаваат и да бидат претпазливи. Здравјето е најголемото богатство на човекот и претставува услов за негово успешно функционирање. Преку расказите и поуките кои го третираа проблемот на здравјето согледан од етички аспект, учениците научија многу нешта. Учениците формираа знаења за важноста што здравјето ја има за правилното функционирање на човекот. Тие се здобија со знаења за предусловите кои се потребни за доброто здравје, како за здравата и за разновидна исхрана и потребната хигиена. Учениците се советуваа дека мораат да бидат претпазливи и внимателни кон своето здравје, да го чуваат и да се трудат што е можно повеќе да ги избегнат болестите. Во случај на болест треба особено да внимаваат и задолжително да се придржуваат на советите на лекарите. Мора да се пружи помош на болните и да им се поттикне расположението. Децата преку расказите и поуките согледаа дека здравјето е предуслов за убав живот и дека затоа мораат да се грижат за здравјето.

Откако заврши обработката на тематската целина која беше посветена на здравјето и третираше проблеми од етиката на здравјето, беа применети два прашалници за учениците. Прашалниците беа применети со цел да се согледа степенот на усвоеност на наставните содржини и можноста здобиените знаења практично да се применат, како и да се претстават личните размислувања и ставови

на учениците за одредени прашања од оваа етичка тема. Од добиените одговори на двата прашалници учениците покажаа дека успешно ги усвоија знаењата од оваа тематска целина и нив можат практично да ги применат, со што се поврзува теоријата со практиката.

Во првото полугодие од учебната 2003/2004 година реализирањето на часовите по етика имаше општ пристап, наставните содржини не беа групирани во истражувачки теми. Целта беше да се има поголема слобода и флексибилност на почетокот, кога учениците за прв пат се сретнаа со етиката. Тогаш се развиваше *сензибилитетот за рецепција на етичките содржини.*

Во текот на целата настава, исто така, часовите по етика беа поврзувани со актуелни настани, општо познати и медиумски експонирани, како празници и разни други поводи, со што етиката се претставуваше во своето пошироко човечко и социјално значење. Тоа овозможуваше и поактивна интеракција на етичките содржини со содржините од другите наставни предмети.

Некои од реализираните вакви етички содржини се следниве:

- Напоредно со *Кампањата за разоружување*, која се спроведуваше во нашата земја, беше обработен етичкиот расказ *Пиштол*. Овој расказ ги подучува децата за опасноста од оружјето, за злото кое тоа го носи и за потребата од негово неприфаќање и уништување. Оружјето носи страдање и болка и не дозволува да има мир, љубов и почит помеѓу луѓето. Особено момчињата со особен интерес го следеа овој час, кој се одржа на 3.11.2003 година, зашто дел од

играчките кои ги имаат и од игрите кои ги играат се поврзани со оружјето. Децата се подучија дека со оружјето не се игра и дека треба да се трудат сопствените игри со оружје да ги заменат со други, бидејќи уште од најраната возраст треба да изградат став против насилството. Учениците имаа задача да создадат знаци со кои го забрануваат оружјето: тие знаци наликуваа на сообраќајните знаци, само што обично во средината цртаа некој вид на оружје, потоа го прецртуваа со коса црта, а некои испишуваа и пароли со кои се забранува оружјето.

- Со пристигнувањето на есента се обработи етичкиот расказ *Есен*. Усвојувањето на оваа наставна единица се одвиваше надвор во блискиот парк до училиштето. Учениците непосредно можеа да ја почувствуваат есента со нејзините карактеристики и убавини. Секој ученик собра неколку паднати листови. Се вративме во училницата и го прочитавме расказот со поуката. Потоа, учениците од лисјата изработија есенски мотив сите заедно на голем хамер.

- Напоредно со *Неделата за грижа за старите лица* беше обработен текстот *Помош на постарите*. Овој текст ги подучува децата да се грижат за постарите и да им помагаат во рамките на своите можности, како и да им донесат ведрина во животот. Учениците беа поделени во две групи, од кои едната изработуваше и даваше поуки како треба да се грижиме за постарите, а другата група даваше

лични примери преку, кои го опишуваа сопствениот однос кон постарите.

- На 8.12.2003 година, на празникот Св. Климент Охридски, беше обработен етички текст за свети Климент. Учениците се запознаа со делото на свети Климент Охридски и со неговата морална поука, која треба да ја следи секој ако сака да има добар живот: „*Тргај се од злото и прави добро*``.

- Во одделението кое учеше етика практика е родендените да се прославуваат во училница, со цел да се создаде и да се постигне еднаквост помеѓу децата, а и родителите финансиски да не се оптоваруваат околу прославата - тие носат торта и сок во училницата и тоа е сосема доволно да се организира роденденот. На часот по Етика беше обработен текстот *Роденден*. Овој текст учениците ги подучува зашто родендените се прославуваат и дека целта не е да се добие скап подарок, туку дека убавината на тој ден е во љубовта и почитта што ја добиваат славениците, како и во дружењето со саканите личности.

- На празникот Прочка беше обработен етичкиот расказ *Проштевање*, кој децата ги учи за најубавата особина кај човекот, а таа е да прости и да побара прошка.

- На Денот на планетата Земја 22.04.2004 е обработуван текстот за човековите етички обврски кон природата.

- Пред Велигден и пред празникот Св. Кирил и Методиј, професорот Темков го посети класот и им одржа предавања на учениците за етичката смисла н на овие големи историски празници и за етичкото учење на Исус Христос и на првите словенски просветители.

Етичките текстови со поука за одделенската настава третираат различна етичка проблематика. Во нив се одвиваат разни случки и настани на неколку деца, заедно со нивните родители, нивните блиски и другите личности и настани од нивниот живот. Личностите на децата се на различна возраст, потекнуваат од различни семејства според нивниот општествен статус, материјалните услови на живот, бројноста на членовите во семејството; возрасната и социјалната структура на личностите е различна, што придонесе учениците да можат да остварат идентификација со нив и да се соживеат со нивните животи и ставови. На овој начин се поддржа *емпатијата*, како многу значајна за моралот и за етиката како наука за моралот.

Според содржината и формата, овие етички текстови и поуки целосно соодветствуваат на возраста и развојот на децата, што придонесе лекциите во етичката настава да се реализираат без потешкотии. Учениците ги следеа со големо интересирање, а усвоеното знаење практично го применуваа преку своето поведение и однесување.о

Текстовите „Етика за децата" од д-р К. Темков содржат два дела - првиот дел е *расказ*, кој обработува разни случувања и настани со етичката проблематика, а вториот дел е *поука и обраќање* на авторот, за децата да бидат подучени зошто

треба или не треба нешто да прават. Во првиот дел од текстот – во расказот - се содржи *темата*, а во вториот дел од текстот – преку поуката - се презентира *идејата*, што му дава посебна едукативна вредност на текстот. Текстовите целосно соодветствуваат на возраста и детскиот развој. Еве пример на еден ваков етички текст од проф. Темков:

## НОВИ ДРУГАРКИ

Во класот пристигна ново девојче. Го донесе директорката, а учителката ја седна меѓу децата. Тие ја загледуваа неа, таа нив.

- Да ѝ посакаме добредејде на Ана, - рече учителката.

Таа стана сериозна и им се поклони. Сите се насмејаа, и таа се насмевна. Ја прашаа каде живее. Ја кажа адресата.

- Па, тоа е покрај мене, - извика Ангела и силно скокна.

- Биди мирна, - подвикна учителката. - Значи, можете заедно да доаѓате на училиште.

На паузата Ангела ѝ пријде на Ана и ѝ подаде рака. Се поздравија гледајќи се во очите. Потоа си разговараа за обичните нешта - каде досега учела Ана, кога се доселиле, и кого имаат дома. Ангела рече дека таа има братче-бебе Никола. Ана имала мајка и баба и постар брат. Се викал Петар. Со тешко чувство кажа дека е болен и дека оди со патерици.

По часовите, учителката им предложи да си одат дома заедно. Забележа дека девојчињата се зближиле и ѝ беше мило.

- Ајде да бидеме другарки, - рече Ангела на половина пат кон дома, со што Ана радосно се согласи.

ДРУГАРСТВОТО Е УБАВО НЕШТО. Децата уживаат во другарството, освен оние кои се сакаат само себеси и живеат затворено и мислат само на својата корист. Но, мнозинството деца имаат блиски суштества, од своја возраст или блиски според годините. Со нив се сретнуваат често, учат и се играат заедно, и сите знаат дека се другари.

Другарството значи оние кои се зближени да си ги споделуваат чувствата, да си разговараат, да си помагаат едните на другите. Кога имаат некоја мисла, тие си ја кажуваат на другарите. Кога треба нешто да прават или треба некаде да одат, тие ги повикуваат другарите да дојдат со нив.

Децата најчесто имаат повеќе другари. Тие можат да бидат од истиот клас, или од истото училиште, или да се од истата зграда и улица. Може и да си се роднини. Другарите на еден другар меѓусебно се зближуваат и си

стануваат другари. Другар може да се биде и со некој постар или помалечок. Секако, другар е оној кој ти е близок и со кого се радуваш да бидеш заедно.

Сите треба да имаат убави односи со другите луѓе, да бидат пристојни и никого да не навредуваат или повредуваат. А со другарите односите се посебно убави, зашто тие се поврзани со меѓусебна љубов и почитување.

Драги деца, чувајте си ги другарствата. Немојте да се карате со другарите и ним да им правите лошо. Ќе останe без другар, а тоа нема да ви биде пријатно, а сите ќе жалат што престанала една убава врска.

„Еколошкиот азбучник`` од проф. Темков, кој носи поднаслов „Буквар за чување на природата``, со азбучна подреденост на еколошките поими, се обидува да ја подигне еколошката и етичка свест кај децата од најрана возраст. Преку овој азбучник беа изречени многу пораки за зачувување на природата, за нејзина заштита и за будење љубов кон неа. Еве еден пример од Еколошкиот азбучник:

# Н н

НЕ смее претерано да се троши и да се валка водата. НЕ смее да се малтретираат и убиваат животни. НЕ смее да се уништува природата. Тоа го знае и малечкиот НАСКО.

НИКОЛА сите го сакаат. Тој вредно учи и помага дома. Тој ја одгледува куќната градина. Во неа има сѐ: моркови, пиперки, магдонос, кромитче, тиквички, а од овошјето: јаготки, малини, цреши, праска, јаболко и дуња.

Учениците со особено интересирање, внимание, мотивираност и радост ги следеа часовите по етика – во првата година од оваа експериментална настава основен беше методот на етичка поука. Напредокот во усвојувањето на етичките поими и вредности беше голем и забележителен не само од субјектите кои непосредно беа вклучени во реализацијата на наставата по етика, туку позитивната промена во детското однесување ја констатираа и другите субјекти, кои имаа

можност да присуствуваат во одделението. Тоа беше забележано и од страна на родителите на учениците, кои постојано не известуваа за тоа.

Часовите по етика во оваа експериментална настава, од самите почетоци беа грижливо осмислувани. Тие не се сведуваа само на презентирање на етичките содржини, туку се бараше и постојано ангажирање и активирање на учениците, како тие би можеле усвоените етички сознанија да ги систематизираат и нив практично да ги применуваат. Со ова наставата по етика беше уште поинтересна за учениците, затоа што тие беа активен субјект во процесот на наставата, со што се надмина едукативната пасивност.

Наставата по етика се покажа флексибилна, се избегна шематизмот во наставата, каде што строго зацртаниот редослед понекогаш оневозможува креативно дејствување во воспитно-образовниот процес.

Етичките содржини овозможуваат интерактивен приод, а со тоа даваат шанса за корелација со другите наставни содржини и од останатите наставни предмети.

## Начинот на реализација на Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка поука

Во Експерименталната настава по етика во II/III–б во ОУ „Владо Тасевски`` беа вклучени дваесет и шест ученици, од кои четиринаесет момчиња и дванаесет девојчиња.[85] Мнозинството од нив се родени во 1995 година, а некои во 1996 година. Учениците, освен една ученичка која дојде во II одделение, учат заедно од I одделение.

[85] Во првото полугодие во II оделение бројот на учениците беше 26, а во второ полугодие нивниот број беше 25, исто и во III одделение .

Седмично се изведуваа по два часа, а некогаш, кога беше потребно, интензитетот се зголемуваше на три часа. Едниот час во седмицата се користеше за усвојување на нова етичка содржина преку етичките текстови, а вториот час служеше за презентирање на научените содржини и за согледување на практичната работа по етика од страна на учениците.

Во првото полугодие во II одделение часовите беа општи, со цел учениците да се здобијат со првични етички сознанија, а во второто полугодие часовите по Етика се спроведуваа според шест истражувачки теми со методот на етичка поука.

Часовите по етика се изведуваа во просториите на училиштето (во училницата), но и вон од училиштето, во природата и на други места, зависно од содржината која се обработуваше. Часовите секогаш започнуваа со општ разговор, проследен со лични и други примери, кои ја најавуваа етичката содржина која следи. Потоа следеше изразно читање на текстот, прво на расказот, и негова содржинска анализа, воочување на личностите и оценување на нивните постапки, со давање лично мислење. На крај се читаа поуката, пораката и прашањата од авторот; тогаш се потврдуваа личните мислења или овие, доколку беа неправилни, се отфрлаа за да се заменат со вистинските.

Организацијата на часовите беше различна. Со тоа се избегна шематизмот во наставата и нејзината стереотипност, што ја направи наставата поинтересна. Многу често етичките часови беа во корелација со некој настан во нашата земја или со некој празник, кампања итн., со што се изрази и современост и флексибилност на етичките содржини.

Начинот на изведување на часовите зависеше од содржината на етичката наставна единица. Часовите започнуваа со разговор, во кој активно се вклучуваа учениците. Низ разговорот се претставуваа разни примери од секојдневниот живот, но и многу лични примери, кои покажуваа дека учениците се во можност да ја препознаат етичката ситуација, беа изнесувани и многу лични ставови и размислувања, поткрепени со објаснувања на различни прашања. Ваквите разговори ја навестуваа етичката содржина, вредност и поука кои следуваа.

Етичките текстови се читаа изразно. Секое дете добиваше примерок од текстот, со што беше овозможено непречено следење на наставата, како и повторување на содржината во домашни услови и нејзина достапност до семејството. Откако ќе се прочиташе содржината, следеше аналитичко– синтетички разговор за нејзиниот контекст.

Кога се испитуваше методот на етичка поука, потоа следеше читање на поуката од лекцијата и обраќањето на авторот до учениците. Паралелно со читањето на поуката од авторот, учениците ги потврдуваа и зацврстуваа своите мислења или ги отфрлаа, доколку беа неправилни, за да ги прифатат правилните. На тој начин се поставуваше основата за изградбата на систем од вистински морални вредности.

За учениците да ги потврдат и систематизираат своите знаења беше потребна нивната практична примена. По завршувањето со обработката на текстот учениците добиваа различни практични задачи соодветни на содржината. Така тие пишуваа разни етички раскази на дадена тема, писмено ги опишуваа примерите од секојдневниот живот кои што можеа да се употребат во обработката на темата,

писмено ги изложуваа своите размислувања за одделни етички прашања и вршеа свои истражувања надвор од училиштето.

Зависно од етичката содржина и можностите што таа ги пружи учениците добиваа практични задолженија во различна форма со цел преку нив да ги применат етичките знаења и нив да ги потврдат. Учениците пишуваа разни состави, даваа лични примери, пишуваа етички пораки, истакнуваа што треба, а што не треба да се прави, спроведуваа истражувања во училиштето и вон од училиштето и ги опишуваа резултатите до кои дошле од своите истражувања. Сето ова е документирано, евидентирано и презентирано во оваа дисертација. Учениците изработуваа и разни дисплеи (изработки на хамер), кои беа изложени во училницата и беа достапни за останатите во училиштето.

Во второто полугодие од II одделение, кога се пристапи кон реализација на наставата по етика со методот на етичка поиука преку шестте истражувачки теми, на крајот од секоја истражувачка тема учениците добиваа по два прашалници. Едниот имаше цел да ги согледа нивните размислувања за соодветните етички проблеми, а вториот да го провери задржувањето на знаењата кои претходно беа усвоени - првиот ги тестираше етичките ставови, а вториот етичките знаења.[86]

Експерименталната настава по етика во одделенската настава овозможи широка примена на наставни методи, форми и средства. Во текот на нејзината реализација се употребуваа речиси сите методи, при што најчесто се правеше нивна комбинација. Тоа се однесува и на наставните форми и средства.

---

[86] Резултатите од овие прашалници се обработени во истражувачките теми од магистерскиот труд *Етичкото образование во одделенската настава.*

Методите на Етичкото образование претставуваат патишта, начини или пристапи со кои практично се реализираат содржините, задачите и целите на ова образование. Методите кои се примениja во Експерименталната настава по етика во одделенската настава, придонесоа личноста на ученикот да се развива слободно, ученикот преку нив да се оспособи да ги прифати нормите на однесување во општеството и истите норми да ги унапредува согласно на современите движења во општеството.

Наставните методи се научно и практично проверени начини на ефикасно комуницирање на субјектите во наставата во процесот на стекнување на знаењата, вештините и навиките, како и за поттикнување и оптимално развивање на творечките и другите позитивни својства на личноста.[87]

Во педагошката дејност наставниот процес се дефинира како „планирана и организирана помош на наставникот, која им ја дава на учениците во стекнувањето на знаењата, вештините и навиките``.[88]

За која форма на работа ќе се определи наставникот зависи од повеќе фактори: содржината која се реализира; наставните методи и средства; афинитетите на самиот наставник; карактеристиките на учениците; целите и задачите; атмосферата во класот; условите за работа. Во етичката настава се комбинираа повеќето наставни форми.

Наставните средства ја претставуваат материјалната страна на наставата. Тие го олеснуваат процесот на стекнување на знаења и ја прават наставата очигледна и интересна. Во Експерименталната настава по етика се покажа дека

[87] Јован Лозановски: *Формите на работа, методите и средствата на наставата по етика во средните училишта*, Скопје, 2001, стр. 145.
[88] Види исто. стр. 117.

наставните средства имаат големо влијание со оглед на возраста на учениците и нивната визуелна насоченост и перцептивност на работите.

Текстуалните наставни средства во Експерименталната настава по етика беа печатениот материјал кој се применуваше на етичките часови (етички раскази, „Еколошки азбучник`` и други текстови со етичка содржина и текстовите и пораките кои ги пишуваа самите ученици). Визуелните наставни средства се бројните слики, фотографии, илустрации, шеми, графикони, макети кои соодветствуваа на етичката содржина, а често се изработуваа и од учениците. Аудитивните наставни средства ги претставуваа материјалите кои аудитивно се перцепираа, разни демо-снимки, радио емисии и сл. Аудио-визуелните наставни средства истовремено дејствуваат и на сетилата за вид и на сетилата за слух и во нив спаѓаат документарните телевизиски емисии кои соодветствуваа на етичката сорджина.

Употребата на наставните методи, форми и средства во Експерименталната настава по етика и нивното успешно комбинирање и грижливо спроведување, придонесоа етичката настава да ги носи карактеристиките на современата настава.

Со комбинирањето на методите, формите и средствата се постигна динамичност во наставата и се избегна монотонијата и статичноста.

Овие се карактеристиките на еден современ модел на настава, настава каква што денес се бара и се изведува во современиот свет. Наставата по етика ја има оваа карактеристика, што претставува мотив повеќе за нејзиното воведување и непосредно изучување. Таа соодветствува на современиот живот и едукација во модерното општество.

За текот на целиот експеримент по Етика се водени два *дневници*. Во првиот се регистрирани идеите и дилемите на истражувачкиот тим, насоките на работата, целите и задачите што требаше да се постигнат со Експерименталната настава по етика. Во вториот дневник доследно се регистрирани постапките во училницата, резултатите од рецепцијата на етичките содржини кај учениците, нивните реакции, интересирања и одговори и слични едукативни резултати.

Наставата по етика беше отворена за сите оние кои се интересираа и сакаа да присуствуваат на нејзините часови. Наставата по етика беше следена од професорот Темков, кој даваше инструкции за нејзина што поуспешна изведба. Професорот на некои од часовите непосредно се запозна и разговараше со учениците и имаше можност директно да го согледа начинот на реализацијата на Експерименталната настава.

Експерименталната настава по етика во одделенската настава од основното образование со методот на етичка поука се покажа успешна. Таа целосно соодветствува на детскиот развој. Децата на оваа возраст можат да ги следат целосно етичките содржини и поуки, нив ги усвојуваат и практично да ги применуваат. Тие со заинтересираност и радост учеа етика. Затоа треба да се почне со изучувањето на Етичкото образование уште на оваа возраст, кога децата уште немаат изградено свои етички ставови и свој вредносен систем. Етиката ќе им помогне да се изградат во силни автономни етички субјекти со изразено чувство на одговорност и свест за своите постапки.

# ЕКСПЕРИМЕНТАЛНАТА НАСТАВА ПО ЕТИКА СО ПРИМЕНА НА МЕТОДОТ НА ЕТИЧКА ДИЛЕМА И ИЗБОР

Етичкото образование денес зазема едно од централните места во едукацијата и развојот на личноста. Изучувањето на етиката треба да започне уште од најраната возраст и тој процес да се одвива континуирано, перманентно и систематски во сите нивоа на образование.

Разбирањето на развојноста на моралната свет и однесување на личноста ја наметна потребата за грижливо и правилно формирање на моралот низ целиот нејзин психо-физички развој. Тоа вклучува различни содржини и методи на етичкото образование во одделните образовни нивоа. Оценувајќи ја нужноста од сериозно етичко образование и на најмладите личности, поставивме научна претпоставка дека учениците и во одделенската настава треба да се запознаат и обучат со сите три видови етичко образование – етичка *поука*, етички *избор* и етичка *оценка*. Со тоа ќе бидат оспособени за комплексна лична и социјална етичка функција. Во тој етичко-педагошки процес ќе ја запознаат логиката и суштината на етиката и со реалната и базична димензија на основните етички категории Добро и Зло; ќе се насочат кон моралот како свое дело и социјална интеракција; ќе им се претставaт моралните дилеми (кои се мошне бројни и разновидни), кои се пројавуваат во сите животни ситуации, посебно во односите со другите луѓе; ќе им се побара да донесат решение како би постапиле во некоја ситуација; ќе им се посочи какви постапки направиле разни личности во некоја прилика и ќе се побара да го оценат од етичка гледна точка тоа однесување. Информациите ги замисливме

како вовед во вежбите, а во нив основно беше размислувањето – со што се градеа етички познанија, етички капацитети и етички хабитус на младите личности.

За да се комплетира овој етичко-едукативен процес, надоврзувајќи се на претходно изведената експериментална настава по етика во одделенската настава со поука, се јави потребата од понатамошна реализација на ова етичко образование на еден повисок степен. Откако во учебната 2003/2004 година се изведуваше етичка настава во II одделение со примена на методот на етичка поука, во наредната учебна година 2004/2005 продолжи реализацијата на наставата по етика во III одделение со примена на методите на етичка дилема и избор и на етичка оценка.

За реализација на продолжителната експериментална настава по етика во III одделение беа подготвени соодветни наставни материјали од професорот Темков - етички текстови редовно беа објавувани во прилогот *Колибри* од весникот *Нова Македонија*. Секој ученик од III-б, каде што се изведуваше експерименталната настава, ги добиваше овие материјали напоредно со нивната реализација. На овој начин етичките материјали беа достапни за секој ученик и за неговото семејство (како и пошироко во другите училишта и воопшто во јавноста).

Овие етички текстови со дилема и избор третираат различна морална проблематика. Во нив се претставени разни случки и настани на повеќе ликови. Личностите во текстовите се на различна возраст, потекнуваат од различни семејства според нивниот општествен статус и материјални услови на живот, според бројноста на членовите во семејството. Ова придонесе учениците да се идентификираат со личностите во етичките примери и можеа да се соживеат со

нив, а на ваквиот начин се поддржува и развива и емпатијата, која претставува основа за правилен развој на моралот.

Според содржината и формата текстовите за етичките дилеми и избор целосно соодветствуваат на возраста и развојот на децата. Учениците со големо интересирање нив ги следеа, ја разбираа етичката димензија на дилемата, донесуваа свое решение, а усвоените знаења од оваа етичко-педагошка активност практично ги применуваа.

Оваа етичка настава се одвиваше во првото полугодие од учебната 2004/2005 година. Претходната цела учебна година тие работеа со етички текстови кои содржеа два дела - расказ и етичка поука, преку кои учениците се подучуваа што треба а што не треба да прават, што е добро а што зло, што е морално а што неморално; така тие ги усвојуваа етичките знаења. Новите текстови, со методот на етичка дилема и избор, имаа поинаква структура. Во овие текстови беше опишана одредена ситуација, случка или настан преку однесувањето и постапките на дадени личности; кога ќе се допреше заплетот, текстот завршуваше. Учениците самостојно ја согледуваа, анализираа и решаваа етичката дилема и го вршеа и креираа својот етички избор. По основниот текст следуваа низа прашања и потпрашања, но кои не беа сугестивни. На нив учениците одговараа писмено, изнесувајќи и образложувајќи го својот избор. Поставените прашања кон етичкиот текст го одредуваа редоследот на одговорите на учениците и служеа за подобра ориентација при размислувањето, моралчното избирање и пишувањето, тие претставуваа одреден вид план.

Еден пример на ваков текст е Слатко од јагоди (напишан од м-р Љубица Топузоска):

## СЛАТКО ОД ЈАГОДИ

Марија е умно, одговорно и послушно девојче. Кога родителите не се дома, таа се грижи за домот и за помалечката сестра.

Еден ден кога се врати од училиште, забележа дека мајка ѝ подготвува јадење со прекрасна миризба. Мајка ѝ кажа дека ќе имаат гости за ручек. Ја замоли Марија да ѝ помогне во суредувањето на големата маса во дневната соба. Исто така, ѝ рече да ја почува и сестричката додека иде до продавницата да купи уште нешто. Пред да излезе мајка ѝ ја извади теглата со слатко од јагоди што пред некој ден им ја донесе баба ѝ. Со слаткото сакаше да ги послужи гостите. Мајката уште еднаш прегледа што треба да се стори и да купи, ѝ препорача на Марија да внимава и излезе.

Марија беше возбудена. Се радуваше на гостите. Таа е комуникативно девојче, сака да е во друштво со луѓе од разни возрасти. Почна да ги средува нештата во собата. Таа не се плаши од обврските и знае да работи, постојано ѝ помага на мајка ѝ при чистењето на домот. Помалечката сестра која уште не знае да зборува разбирливо се вртеше околу Марија. Марија се обиде неколку пати да ја седне за да може слободно да работи. Се обиде да ѝ даде играчки да се заигра, но девојчето упорно одеше по неа. Трпението на Марија попушташе. Дури подвикна на сестра да не ѝ пречи и замавна со раката кон неа. Нагло се сврте и со раката ја потфати теглата со слатко. Теглата падна, се скрши и слаткото истече врз тепихот и по паркетот.

Леле, што да прави сега?! Марија се вознемири и исплаши. Мајка ѝ само што не се вратила, во куќата е неред, а уништено е и слаткото со коешто требаше да бидат послужени гостите. Мајка ѝ сигурно многу ќе се налути, можеби и ќе се разочара од неа и ќе ја искара за нејзината неодговорност. Гостите требаше скоро да пристигнат, таа секако ќе им раскаже и на гостите што направила Марија.

Марија прво мислеше да ја каже вистината. Но што ако тоа не е доволно добро оправдување? Потоа си помисли да каже дека нејзината сестричка ја турнала теглата, таа е малечка и не разбира, не ќе може да се брани, а и мајка ѝ сигурно помалку ќе се лути. Но Марија секогаш ја кажува вистината и знае дека лажењето не е добро. Одеднаш слушна како се отвора вратата и ја виде мајка ѝ. Малата ученичка од III одделение се најде пред етички проблем и најде начин како правилно да го реши.

ШТО БИ НАПРАВИЛЕ ВИЕ ВО ВАКВА СИТУАЦИЈА? КАКВО РЕШЕНИЕ БИ БИЛО ДОБРО ЗА СИТЕ?

Експерименталните часови по етика во III одделение беа посебно грижливо осмислувани, не се сведуваа само на презентирање на етичките содржини, туку тие бараа постојано ангажирање и активирање на учениците, како би можеле да ги систематизираат етичките сознанија и нив практично да ги применат. Со активноста на учениците во процесот на наставата се надмина едукативната пасивност.

Покрај тоа, етичките содржини овозможуваат интерактивен приод и даваат шанса за корелација со другите наставни содржини и наставни предмети, што беше редовно користено.

Часовите по етика се изведуваа во училницата, но и вон од училиштето, во зависност од содржината која се обработуваше. Часовите започнуваа со краток разговор, но со цел да не се делува врз размислувањата на учениците, како тие би биле способни за самостојни размислувања. Следеше читање на текстот и проверка на неговото сфаќање (на неговиот контекст) од страна на учениците. По завршувањето на овој дел од часот, учениците започнуваа индивидуално да одговараат на прашањата и пишуваа текст, во кој го објаснуваа својот начин на решавање на дилемата и го презентираа својот етички избор. Учениците на овој начин се соживуваа со претставениот настан и со личностите кои се носители на дејството и се обидуваа да најдат правилно решение. Откако секој ученик ќе завршеше со пишувањето, следеше дискусија за претставената случка во текстот, изнесување на сопствените размислувања и ставови и образложување на начините на решавање на етичката дилема. Учениците ги изложуваа своите ставови и нив ги бранеа, а разговорот се движеше во насока наставник-ученик, ученик-ученик.

Понекогаш се случуваше почетните позиции да се напуштат по завршувањето на анализата и дискусијата, но општо гледано таквите случаи беа минимални, со оглед на умешноста на учениците да го согледаат правилното етичко решение. Откако секој ученик ќе го објаснеше своето решение, го предаваше писмениот одговор (овие одговори се презентираат при крајот на ова поглавје).

При пишувањето на учениците, наставникот воопшто не интервенираше, со цел да не се насочат учениците кон некои решенија и сугестивно да не се влијае врз нивното размислување. Децата на оваа возраст потпаѓаат под влијанија и нив ги следат (тие се хетерономно морално ориентирани), особено кога станува збор за делувањето на некој авторитет - родител или наставник. Со цел да се согледа и поттикне развојот на автономноста на личноста кај децата и да се добијат нивни самостојни размислувања, имаше минимална комуникација со наставникот сé до завршувањето на пишувањето и изнесувањето на својот етички став, а доколку имаше комуникација, таа се сведуваше на објаснување на некој недоволно сфатен дел од текстот или на појаснување на одредено прашање. На овој начин се добиваа оригинални одговори од учениците, преку кои тие ја проектираа својата личност. Кај децата се развиваше емпатијата, тие можеа да вчувствуваат и да се стават на местото на личноста или да се соживеат со настанот. Многу од претставените ситуации беа блиски на нивното искуство, дел од нив децата ги имаа и доживеано, па така тие ги опишуваа и сопствените аналогни настани.

Преку реализацијата на експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка дилема и избор, во голем степен се развиваше креативноста кај учениците, нивната самостојност и нивната увереност во сопствените можности за

решавање на одредена ситуација на најдобар начин. Со оглед на тоа што етичкиот текст завршуваше со заплетот, учениците беа дополнително мотивирани и имаа чувство дека нивните размислувања се особено важни и значајни. Сето ова придонесе наставата по етика да ја следат со особено интересирање и задоволство.

За потврдување и систематизирање на стекнатите знаења на учениците, освен различните задачи што тие ги добиваа, се примени и прашалник, кој ги испитуваше нивните ставови и степенот на усвоените знаења.

И оваа експериментална настава по етика овозможи широка примена на наставни методи, форми и средства и нивно успешно комбинирање. Методите кои се применија во етичката настава придонесоа личноста на ученикот да се развива слободно и ученикот преку нив да се оспособи да ги осознае нормите на однесување меѓу луѓето, да ја спознае својата улога како етички субјект и да ги унапредува етичките вредности и однесување во согласност со современите светски тенденции.

Овие се карактеристиките на современата настава, а наставата по етика нив ги има, што претставува мотив повеќе за нејзино континуирано изучување, бидејќи соодветствува на современиот живот и едукација во модерното општество.

## Целите и задачите на Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка дилема и избор

Иницијативата и идеја за изведувањето на овој вид експериментална етичка настава беа на професорот по етика од Филозофскиот факултет во Скопје д-р Кирил Темков. За непречена и плодна реализација на етичката настава беа подготвени Програма на наставата и наставни материјали по етика.

До ОУ „Владо Тасевски" од Скопје, каде што се реализираше првата ваква настава во II одделение, беше доставено писмо со кое раководниот тим на училиштето беше известен за понатамошното изведување на наставата по етика, за нејзините цели и задачи, како и за нужноста од етичко-педагошките сознанија кои ќе произлезат од оваа експериментална настава. Училиштето со писмо го извести Министерството за образование, во кое беше објаснета целта и идејата на оваа експериментална настава по Етика, како и начинот на нејзината реализација.

Целите и содржините на Експерименталната настава по етика во одделенската настава професорот Темков ги презентираше и пред родителите на учениците кои беа непосредно вклучени во процесот на наставата, за што беше организирана и посебна родителска средба. Родителите добија и прашалник за да ги изложат своите етички размислувања и ставови како и мислења за Експерименталната настава по етика, која се реализираше веќе втора година со нивните деца (резултатите од двата прашалници кои родителите ги добија во двете години на реализацијата на етичката настава се презентирани во оваа дисертација). Експерименталната настава по етика доби голема поддршка и разбуди големо интересирање кај сите страни. Јавноста беше редовно информирана за текот и резултатите од наставата по етика.

*Целта* на Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка дилема и избор во одделенската настава од основното образование беше да се испита можноста од правење етички избор кај децата на оваа возраст.

Покрај општата цел на Експерименталната настава по етика, беа поставени и *посебни цели* на оваа настава:

- да се оствари воведување на етичките содржини во одделенската настава со методот на етичка дилема и избор;
- да се провери и испита етичката вредност на предложените наставни содржини;
- да се проверат различните методи, форми и средства во етичката едукација;
- да се провери способноста на учениците самостојно да ги решаваат етичките дилеми и да го донесуваат свој правилен избор.

*Задачите* кои беа поставени пред Експерименталната настава по етика во одделенската настава беа следниве:

- да се провери интересирањето кај учениците за овој вид етички содржини и метод;
- да се испитаат различните етички содржини и можноста за правење етички избор од страна на учениците;
- да се оспособат учениците самостојно да донесуваат правилни етички решенија за предизвикот кој го имаат пред себе;
- да се развива креативноста, слободата и оригиналноста кај учениците;
- да се јакне довербата на учениците во себеси и своите способности.

Целите и задачите кои беа поставени пред етичката настава со примена на методот на етичка дилема и избор не беа изделени меѓу себе, туку тие сочинуваа духовно, морално и едукативно единство.

## Темите обработени во Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка дилема и избор

За непречено реализирање и изведување на наставата по етика беа подготвени посебни етички текстови кои со својата содржина и според својата форма соодветствуваат на методот на етичка дилема и избор, а тематски третираат различна морална проблематика од секојдневниот живот на луѓето. Автор на текстовите е професорот Темков, а тие се објавувани во есента 2004 година секој вторник во прилогот *Колибри* на весникот *Нова Македонија*. По изработката на секој ваков текст, секој ученик добиваше примерок од него.

Текстовите имаат наслов и содржеа два дела - расказ и низа прашања. Расказите содржински се различни. Кога дејствието во нив кулминира, тие завршуваат. На ученикот му е оставено да го обликува крајот од расказот во согласност со своите етички сфаќања и размислувања. Со оглед на претходната етичка подготовка, кај учениците е забележано влијанието на позитивниот трансфер - тие со висок степен на успешност ги решаваа етичките дилеми. По расказот следат прашања и потпрашања, кои се однесуваат на раскажаниот настан, но и претставуваат испитување на размислувањата и ставовите кај децата, како и на досегашните нивни слични искуства. Прашањата немаат сугестивен карактер, не се асоцијативни и не го насочуваат ученикот кон одредено етичко гледиште. Тие се напишани редоследно и претставуваат своевиден интелектуален план - започнува со анализа на ситуацијата во текстот, се бара решавање на дилемата и креирање сопствен избор, потоа се бара објаснување на сопствените решенија и образложување на направениот избор и, конечно, се завршуваа со испитување на

личните и слични искуства кај децата. Секој ученик одговараше на прашањата самостојно со големо интересирање.

На овој вид часови по етика се обработени четиринаесет текстови со методот на етичка дилема и избор:

- *Мастика* - во кого се зборува за цвакањето мастика на несоодветно место – на пример, на часот, а дилемата е дали детето да го послуша соученикот кој го тера да ја покаже умешноста во правење балони од мастика на часот или тоа да не го стори.
- *Фудбалски натпревар* - во кого се зборува за извршувањето на обврските, особено кога тоа го бараат родителите, а дилемата се однесува дали детето да ги послуша родителите и да му помогне на брат му на пазарот или отиде да го одигра закажаниот фудбалски натпревар со другарите.
- *Пита поделена на три* - во кого се зборува за правото на сопственост, за алчноста и за праведноста, преку дилемата дали детето, кое веќе го изело својот дел од питата, да изеде уште еден дел, кој не е наменет за него или не.
- *Натпревар во читање* - во кого се зборува за училишните должности и за обврската на секој ученик нив да ги извршува, а дилемата се однесува на детето кое не ги извршило своите должности во училиштето, што да стори - да ја каже вистината или да се снајде на друг начин.
- *Префрлање на другите дека не се добри* - во кого се зборува за анализирањето на постапките на личностите кои се наоѓаат во непосредна близина и потребата тие да се опоменуваат за нивните грешки, а дилемата се

однесува на тоа дали детето треба постојано да ги опоменува другите и за најмалите грешки или не.

- *Петарди* - во кого се зборува за актуелната појава, особено за новогодишните празници - пукањето петарди, а дилемата се однесува на тоа дали детето треба да го прифати предизвикот од својот другар и петардата да ја пукне во ходникот од училиштето или не.
- *Слатко од јагоди* - во кого се зборува за обврските во домот и за грижата за другите членови во семејството, а дилемата се однесува на тоа дали детето да ја каже вистината на мајка си дека не сакајќи ја турнало теглата со слатко или да ја обвини малата сестра за тоа.
- *Најден телефон* - во кого се обработува проблемот на честата појава од пронаоѓање загубени предмети и постапувањето на пронаоѓачот со нив, дилемата се однесува на тоа дали детето да го пријави пронајдениот мобилен телефон или не.
- *Помош за домашната* - во кого се обработува проблемот на меѓусебната помош и соработка околу училишните задолженија, а дилемата се однесува на тоа дали е вистинска помошта ако детето го напише домашното на својот другар или не.
- *Силен звук* - во кого се зборува за правото на мир и одмор на луѓето, а дилемата се однесува на тоа дали детето музиката да ја слуша многу гласно или тоа не треба да го прави.
- *Рипчиња* - во кого се зборува за сочувството и вистинското пријателство, како и за давањето меѓусебна помош и поддршка на другарите, а дилемата

се однесува на тоа дали фатените рипчиња да се понудат на другарчето, кога и двете деца се од сиромашни семејства, или да се зачуваат за себе.

- *Дедото е само мој* - во кого се обработува една семејна проблематика која како појава е многу честа, а тоа е желбата на децата од помала возраст омилените роднини да ги сакаат само за себе и да не сакаат нив да ги споделуваат со своите браќа и сестри или братучеди, а дилемата се однесува на тоа дали дедовците и бабите им припаѓаат само на оние внуци кои со нив најмногу контактираат или тие се дедовци и баби и на останатите нивни внуци.
- *Срамежливост* - во кого се зборува за формирањето на свеста за половите разлики и за потребната приватност при одредени ситуации, а дилемата се однесува на тоа што да стори момичето кое додека е во бањата е непријатно изненадено од влегувањето на помалиот братучед.
- *Чисти раце* - во кого се зборува за потребата од водењето грижа за личната хигиена, а дилемата се однесува на тоа дали детето кое не сака да ги измие рацете и за тоа се инаети на родителите, вака да постапува или не.

Од претставените текстови може да се согледа дека во нив се обработени разновидни теми, кои допираат разни сегменти од секојдневието. Расказите целосно соодветствуваат на детскиот психо-физички развој, што придонесе учениците да ги усвојуваат едноставно и природно, без изразени потешкотии. Текстовите имаат голема воспитно-образовна вредност зашто преку нив децата организирано се здобиваат со етичките знаења.

## Решенијата на учениците и нивните одговори на тестот

По воведот од наставникот и запознавањето со секој текст, учениците самостојно одговараа на поставените прашања и го креираа својот етички избор на поставената дилема. На тој начин децата се подготвуваа за во иднина да можат самите да носат правилни етички решенија, кои се во согласност со позитивните етички вредности. Кај учениците се развиваше самостојноста, оригиналноста, мислењето, креативноста и се јакнеше нивната верба во себеси и сопствените способности.

### *Писмените одговори на учениците*

На текстот *Мастика*, сите 25 ученици одговорија дека нема да го послушаат својот другар и нема да прават балони од мастика на часот. Причините кои ги наведоа во своите решенија на етичката дилема се - почитување на училишните правила, почитување на наставникот, избегнување на укор и казна, потреба да се задржи сопствениот углед и доверба кај наставникот.

На текстот *Фудбалски натпревар*, 24 ученици одговорија дека би отишле да му помогнат на братот на пазарот, бидејќи со тоа ќе покажат дека ги почитуваат своите родители и нивниот збор и ќе му дадат неопходна помош на братот, што не може ни да се спореди со фудбалскиот натпревар; еден ученик се обиде да направи некаков вид компромис помеѓу понудените две работи и не даде прецизно решение на дилемата.

На текстот *Пита поделена на три*, сите 25 ученици напишаа дека би го изеле само својот дел од питата, а останатите два би ги оставиле за оние за кои се наменети, а вака би постапиле бидејќи секој има право на својот дел и со оваа постапка би го послушале својот родител и не би направиле неправда.

На текстот *Натпревар во читање*, 17 ученици дилемата ја решија со тоа што ќе му признаат на наставникот дека не ги прочитале книгите и ќе го замолат да им прости и да им даде време за да ги прочитаат; пет ученици напишаа дека ќе се обидат да се снајдат со тоа што би ги истакнале претходно прочитаните книги, во спротивно би се срамиле пред одделението и пред наставникот; двајца напишаа дека тој ден нема да одат на училиште; еден ученик напиша дека ќе го излаже наставникот и ќе му каже дека читал книги, иако тоа не го сторил.[89] Со оглед на авторитетот кој го има наставникот за децата на оваа возраст, многу од учениците не сакаат да ја загубат неговата доверба и не сакаат тој да има лошо мислење за нив, затоа често се обидуваат да ги прикријат работите кои би им го уништиле угледот, а ги истакнуваат позитивните работи.

На текстот *Префрлање на другите дека не се добри*, 15 ученици одговорија дека тие не би ги опоменувале своите другарчиња постојано и за најмали нешта, туку само кога за тоа има потреба; четворица одговорија дека ќе ги замолат другарчињата да не им се лутат и ќе продолжат да им ги посочуваат нивните

[89] Ученичката која одговори дека ќе го излаже наставникот е две генерации повозрасна од останатите ученици, а во одделението дојде во почетокот од II одделение. Девојчето од здравствени и семејни причини направило двегодишна пауза во школувањето, претходно го завршила само првото полугодие од првото одделение и комисиски ги полагала предметите. Девојчето многу тешко се вклопува во одделението и постои отпор и од нејзина страна и од страна на другите ученици. Кај неа се забележува расчекор помеѓу возраста и однесувањето и се појавува тенденција на регресивно однесување и прифаќање работи кои привлекуваат внимание и кои се карактеристични за помала возраст. Ученичката не чувствува некоја особена грижа доколку излаже, не напише домашно или не ги заврши училишните обврски. Постои и недоволно посветување време и внимание од страна на родителите и нивно агресивно однесување кон неа и во присуство на наставникот. Девојчето има помал брат, кој пројавува слично однесување, а ученичката поминува најголем дел од времето со него.

грешки; двајца дилемата би ја разрешиле со тоа што би го информирале наставникот за постапките на другите; двајца напишаа дека ќе продолжат да внимаваат на другите, но ќе бидат подискретни.

На текстот *Петарди*, сите 25 ученици одговорија дека не би го послушале другарот и не би пукале петарда во училишниот ходник. Учениците се свесни за последиците предизвикани од петардите - губење на дел од телото, страв, непријатно чувство.

На текстот *Слатко од јагоди*, сите 25 ученици би им ја кажале вистината на својот родител за ненамерната грешка и не би ја обвиниле помалата сестра за тоа. Учениците истакнаа дека на родителот задолжително треба да му се кажува вистината.

На текстот *Најден телефон*, сите 25 ученици напишаа дека не би го задржале за себе телефонот, туку би се обиделе да го пронајдат сопственикот. Учениците истакнаа дека не е добро човекот да присвојува туѓи предмети и, доколку има можност да се пронајде сопственикот на некој загубен предмет, тоа задолжително треба да се стори.

На текстот *Помош за домашната*, 23 ученици одговорија дека нема да ја напишат домашната на другарот, бидејќи тоа не е вистинска помош, а би му ја понудиле својата помош околу пишувањето. Тие истакнаа дека е во спротивност со училишните правила да се пишуваат домашни задачи на друг, зашто секој мора да ги извршува своите задолженија. Еден ученик би му диктирал на другарот, а тој да пишува, за да не се забележи различниот ракопис. Еден ученик напиша дека би му

ја напишал домашната на својот другар, но би ја напишал грешно, за во иднина тој самиот да си пишува домашни.

На текстот *Силен звук*, 20 ученици напишаа дека музика би слушале со умерен звук, како не би пречеле и не би го нарушувале мирот на другите членови во семејството и на соседите; четворица напишаа дека музика би слушале гласно, кога би биле сигурни дека на никого не му пречат - кога родителите се на работа, а соседите не се дома; еден ученик напиша дека гласно би ги слушал само песните кои му се допаѓаат.

На текстот *Рипчиња*, 17 ученици напишаа дека би ги поделиле рибите со својот другар; шест одговорија дека би му ги понудиле рибите на другарот; двајца напишаа дека би го задржале својот дел за себе.[90]

На текстот *Дедото е само мој*, сите 25 ученици одговорија дека дедовците и бабите им припаѓаат на сите нивни внуци, децата се свесни дека нивната љубов е еднаква за сите и дека нив нема да ги загубат со раѓањето на нивни братучед.

На текстот *Срамежливост*, 16 ученици одговорија дека би го замолиле детето да излезе од бањата додека се тие внатре; девет ученици напишале дека би се обиделе некако да го залажат братучедот да ја напушти бањата; еден ученик напиша дека ќе го удри братучедот затоа што влегол во бањата.[91]

---

[90] Текстот *Рипчиња* беше прв обработен текст во учебната 2004/2005 година и со него се пристапи кон едно ново, повисоко ниво на реализирање и изведување на Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка дилема и избор.

[91] Ученичката која го даде единствениот одговор во кој напиша дека ќе примени насилство и ќе го удри детето, беше нова во одделението и наставата по етика ја следеше само една седмица. Таа немаше претходна етичка подготовка, што се одрази во нејзиниот одговор. Ниеден друг ученик не напиша и не се определи за насилството како решение, затоа што тоа е етички и морално погрешно. Од ова може да се согледа позитивното влијание од изучувањето на етиката во правилното формирање на младата личност.

На текстот *Чисти раце*, сите 25 ученици напишаа дека би ги измиле рацете и би се извиниле на родителите за своето инаетење и неправилно постапување.[92]

Обработените етички текстови со методот етичка дилема и избор им беа особено интересни на учениците. Во нив децата се сретнаа со различни ситуации од животот на човекот. Посебна вредност на овие текстови им дава големата активност што тие ја бараат од учениците, со што се надминува едукативната пасивност на наставата.

Според добиените одговори (кои се претставени генерализирано), може да се констатира дека учениците успешно ги решаваат етичките дилеми, донесуваат добри решенија и можат да го образложат својот избор. На овој начин децата се оспособуваат да носат самите правилни решенија и да размислуваат самостојно. На овој начин тие активно и практично се здобиваат со етичките знаења, а тоа придонесува нив да ги усвојат на висок степен, нив децата вистински да ги разберат етичките дилеми и нужноста дека треба да се определат и дека своите решенија можат да ги применуваат.

### *Одговори на тестот по етика*

За испитување на нивото на стекнатите знаења кај учениците и согледување на нивните етички ставови, беше изработен тест по етика. Овој тест, освен што содржеше прашања кои соодветствуваа на етичките лекции кои беа обработени во

[92] Минатата учебна година се изучуваше етичкиот текст посветен на жолтицата и кај учениците се формираа знаењата за задолжително одржување лична хигиена и често миење раце. Во втората учебна година на учење етика се забележа позитивниот трансфер во учењето и сите ученици во своите одговори ја потенцираа опасноста од добивањето жолтица доколку не ги мијат рацете често.

првото полугодие во учебната 2004/2005 година, содржеше и прашања кои го истражуваа размислувањето на децата за етички теми. Тестот содржеше шеснаесет комбинирани прашања (со пишување одговори, со избирање алтернативен одговор од понудениот избор, со допишување и дополнување на одговорот). Секој ученик самостојно одговараше на тестот, откако прашањата беа презентирани и објаснети од страна на наставникот.

На *првото* прашање се бараше од учениците да одговорат и објаснат дали смеат да цвакаат на часот мастика и да прават балони. Сите ученици одговорија дека на часот не смеат да цвакаат мастика и да прават балони, затоа што ќе пречат на часот и ќе го пореметат редот, нема да внимаваат, нема да го почитуваат наставникот и училишните правила, дека ќе им го одвлекуваат вниманието и на другите ученици.

На *второто* прашање учениците требаше да одговорат каква дилема имал Марко во текстот „Фудбалски натпревар``; 24 ученици дадоа точен одговор, а еден ученик не даде никаков одговор.

Натаму учениците требаше да одговорат како би постапиле на местото на Гордана, дали постојано би ги опоменувале другите за нивните грешки. 20 ученици одговорија дека не би ги опоменувале учениците постојано, туку само кога има вистинска потреба од тоа, бидејќи секој треба да е одговорен за своето однесување, тројца одговорија дека тие би ги опоменувале другите за нивните грешки и двајца напишаа дека тоа е должност на наставникот, а не нивна.

На *четвртото* прашање учениците требаше да одберат еден од понудените одговори Да, Не, Не знам; на прашањето дали Петре може да земе уште едно парче

пита без одобрување за тоа., 23 ученици одговорија Не, а двајца одговорија Не знам.

На *петтото* прашање учениците требаше да одговорат дали читаат книги и зошто се тие корисни за човекот. Сите ученици одговорија дека читаат книги и дека преку нив се здобиваат со нови знаења, се забавуваат, се запознаваат со нови места и ликови и стануваат подобри луѓе.

На *шестото* прашање учениците требаше да одговорат како ја одржуваат личната хигиена. Сите ученици одговорија дека редовно ја одржуваат личната хигиена со тоа што се мијат и се бањаат, а освен тоа тие внимаваат и на хигиената во домот, училницата, дворот.

На *седмото* прашање требаше да се избере еден од понудените одговори Да, Не, Понекогаш; на прашањето дали смеат да употребуваат петарди и со нив да се забавуваат, сите ученици одговорија Не.

На *осмото* прашање учениците требаше да одговорат дали би ја кажале вистината ако се на местото на Марија, која ненамерно го турнала слаткото. Сите ученици одговорија дека би ја кажале вистината.

На *деветтото* прашање беа понудени три одговори Да, Не, Зависи од предметот; на прашањето дали доколку пронајдат скап предмет ќе се обидат да го пронајдат сопственикот и да го вратат, 24 ученици одговорија Да, еден одговори Не.

На *десеттото* прашање требаше да се одговори дали е правилна помошта ако на некого му ја напишат домашната работа. Сите ученици одговорија дека пишувањето домашно на друг не е правилно.

На *единаесеттото* прашање учениците требаа да одговорат дали слушаат музика гласно или умерено. Сите ученици одговориле дека слушаат музика умерено.

На *дванаесеттото* прашање учениците требаше да одговорат дали треба да водат сметка за мирот на соседите или може слободно да галамат и да пуштаат гласна музика. Сите ученици одговорија дека секогаш треба да се води сметка за мирот на соседите.

На *тринаесеттото* прашање учениците требаше да одговорат дали би ги понудиле фатените рипчиња на другарчето или би ги задржале за себе. 12 ученици одговорија дека рипчињата би му ги понудиле на другарчето, 12 ученици одговорија дека би ги поделиле рипчињата со другарот, еден ученик одговори дека не би ги понудил рипчињата на другарот, туку би ги зел за себе.

На *четиринаесеттото* прашање беа понудени три одговори Само на вас, На сите нивни внуци, На оние внуци со кои тие живеат, а требаше да се одговори на кого им припаѓаат дедовците и бабите. 22 ученици заокружија На сите нивни внуци, двајца не заокружија никаков одговор, а еден ученик го заокружи егоистичкиот одговор Само на мене.

На *петнаесеттото* прашање беа понудени четири одговори и беше оставен празен простор за допишување на одговор. Понудените одговори беа Ќе го замолам да излезе, Ќе се развикам, Ќе го удрам, Нема ништо да кажам; а учениците требаше да одговорат што би направиле ако, додека се во бањата, им влезе некој. 20 ученици заокружија Ќе го замолам да излезе, а девет од нив допишаа и друг одговор, пет ученици допишаа дека ќе го залажат некако да излезе.

На *шеснаесеттото* прашање се бараше лично размислување на учениците и компарирање на етичките лекции од минатата година (во кои беше применет методот на етичка поука) и на лекциите од првото полугодие на учебната 2004/2005 година (во кои беше применет методот на етичка дилема и избор). Беа понудени три одговори, кои ја испитуваа тежината на поновите етички лекции: Потешки отколку да ти кажат и да послушаш што треба да правиш, Полесни од минатогодишните поуки, Исти во тежина, а беше оставен и празен простор за објаснување на одговорите. 14 ученици одговорија дека лекциите во тежина им се исти со ланските и допишаа дека и двата вида лекции им се интересни и лесни и дека ги следат со особено интересирање и задоволство, 11 ученици одговорија дека сегашните лекции им се полесни од ланските, а допишаа дека им се поинтересни, зашто тие самите треба да го доврșат крајот на расказот според сопствените размислувања и дека новите лекции од нив бараат поголема активност.

Според добиените одговори може да се заклучи дека етичките знаења кај учениците се усвоени на висок степен и нив децата можат практично да ги применат. Доколку извршиме компарација на писмените одговори кои се добивани на секој час кога се обработуваше текст од почетокот до крајот на првото полугодие во учебната 2004/2005 година и одговорите на тестот добиени од овој дел од експерименталната настава, ќе се согледа дека помеѓу нив нема голема разлика. Според анализата на добиените одговори, може да се резимира дека стекнатите етички знаења кај учениците се релативно стабилни.

*Резултати во обработката на етички текст со методот на етичка дилема и избор во контролната група*

За да се дојде до потемелни етичко-педагошки сознанија преку компарирање на успешноста во изведувањето и усвојувањето на етичките знаења, беа спроведени и три часа по етика во друго трето одделение во ОУ „Владо Тасевски" (III-a) како контролна група. Секој час соодветствуваше на трите видови и методи на етичката настава на најмладите - етичка поука, етичка дилема и избор и етичка оценка.

Наставата во III-a одделение ја следеа 26 ученици, од кои еден ученик со посебни потреби. Изведувањето на часовите се одвиваше на сличен начин како во експерименталната група (III-б), но повеќе време се посветуваше на објаснувањето и појаснувањето со оглед на тоа што учениците за прв пат се среќаваа со овој вид образование. Од сите три видови на етичка настава беа избрани три текста, кои беа репрезентативни. Организацијата на часот беше иста како и кај експерименталната група. По завршувањето на текстот и неговата анализа, учениците преминуваа на практична писмена работа.

Од етичката настава со примена на методот на етичка дилема и избор се работеше текстот *Слатко од јагоди.* На учениците на почетокот од часот им се прочита текстот, следеше негова кратка анализа, објаснување и појаснување со цел да се провери неговата сфатеност од страна на учениците. Откако завршија овие етапи од часот, децата поминаа на писмено одговарање и разрешување на етичката дилема преку креирање на свој етички избор.

Од испитаните ученици 23 одговорија дека доколку се на местото на девојчето би ја кажале вистината; еден ученик би ја обвинил помалата сестра; двајца ученици (од кои еден со посебни потреби) не дадоа никаков одговор.

Учениците во контролната група умеат да направат разлика помеѓу доброто и лошото однесување, но кај нив се забележа дека етичкиот избор кој го прават не го потврдуваат и поткрепуваат со сопствени размислувања и аргументи, не објаснуваат концизно зошто би постапиле на таков начин и нивните одговори се многу кратки (најчесто се состојат од една до три реченици).

Од спроведеното истражување во контролната група може да се резимира дека, со оглед на немањето континуирана и систематска етичка подготовка, учениците не покажуваат самостојност и креативност во индивидуалната работа. Учениците во контролната група се водат според начините на однесување кои пред нив се поставени од возрасните-авторитетот и нивните одговори соодветствуваат на тие барања. Нивните размислувања се потесни, пред се́ се во согласност со општоприфатените норми на поведение (кое им се препорачува) и немаат креативна димензија.

***

Организираното изучување на етиката покажа дека учениците континуирано и систематски се оспособуваат самостојно да размислуваат, а до израз доаѓа нивната индивидуалност, креативност и верување во сопствените способности. Децата со оглед на двегодишното етичко образование имаат можност да се здобијат

со етичките знаења и да се подготват за успешно прифаќање, осмислување, создавање и следење на моралните норми и правила. Етичкото образование успешно ги води децата по патот на правилна морална изградба во зрела автономна личност.

Реализацијата на Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка дилема и избор во III-б оствари особен успех. Учениците со големо интересирање и мотивираност ја следеа наставата. Децата беа перманентно активни и самостојни, а тоа придонесе за развивање на нивната креативност. Решавањето на етичките дилеми и правењето избор е реална подготовка за успешно вклучување во општествениот живот. Преку сопственото размислување се шират хоризонтите, се постигнува оригиналност и се проектира личноста на учениците. На тој начин остварен е и увид во нивниот напредок и развој во поглед на етичката свест и дејствување. Преку креирањето на свој етички избор, кај учениците се постигна сигурност во себеси и се овозможи практична примена на етичките знаења. Така се покажа дека наставата по етика е современа според духот и соодветствува на реалните образовни барања и потреби на денешните млади генерации.

# ЕКСПЕРИМЕНТАЛНАТА НАСТАВА ПО ЕТИКА СО ПРИМЕНА НА МЕТОДОТ НА ЕТИЧКА ОЦЕНКА

Експерименталната настава по етика во одделенскста настава беше планирана, персистентна, систематска, добро организирана со јасно определени цели и задачи. Временски беше прецизно обмислен нејзиниот тек во периодот од двегодишната реализација. Така на почетокот на Експерименталната настава во учебната 2003/2004 година се пристапи кон еден послободен приод во реализацијата на етичките содржини со морална поука со цел учениците непречено да се воведат во етичкото мислење. Понатамошното изведување на етичката настава со методот на поука се одвиваше преку шест истражувачки подрачја, во кои се обработуваше одредена етичка проблематика. Во втората година од реализацијата на Експерименталната настава по етика во учебната 2004/2005 година се пристапи кон едно повисоко ниво на нејзино усвојување, кое соодветствува на психо-физичкиот развој на учениците. Во првото полугодие од оваа учебна година се изведуваше настава по етика со примена на методот на етичка дилема и избор, а во второто полугодие наставата продолжи со нов метод - со примена на методот на етичка оценка.

Етичкото оценување е составен дел на етичкото вреднување. Усвојувањето на етичката вредност е придружено со создавање нејзина апликација во форма на морална норма, која бара да биде следена. Нормата е раководство за дејствување. Моралниотпроцес е сложена целина од духовни визии и избор (идеал, вредност, етиЧки цели), од дејствени препораки и налози (заповеди-императиви, норми, правила) и од самото молрално дејствување. Во целината на моралниот процес

спаѓа и моралната оценка за извршените дејства, како и натамошно преиспитување на моралната активност низ перспективата на поопштите вредности и на квалитетот на моралната практика (ова е основа за основната психичка форма на моралната свест - совеста). Во етичкото образование треба да спаѓа и едукација за етичко оценување и општа размисла за моралот како збир од сите етички активности. Затоа во Експерименталната настава по етика во одделенската настава нужноп влезе и примената на методот на етичка оценување.

Според ангажираноста на учениците, Експерименталната настава со примена на методот на етичка оценка во голем степен наликуваше на етичката настава со примена на методот на етичка дилема и избор. За изведување на оваа настава беа подготвени соодветни текстови од страна на професорот Темков. Текстовите секој вторник во зимата и во пролетта 2005 година беа објавувани во прилогот *Колибри* на весникот *Нова Македонија* и на тој начин беа достапни до јавноста и до другите училишта. Секој ученик добиваше примерок од текстот непосредно пред неговата реализација. Текстовите третираа различна морална проблематика од животот на човекот и беа блиски на детското искуство. Во текстовите беше презентирана некоја случка, настан или однесување на одредени личности. За разлика од текстовите со етичката дилема, во текстовите со бараната етичка оценка дејството беше претставено до крај. Во расказите јасно и прецизно беше опишана етичката ситуација, а потоа следуваа прашања од авторот, кои соодветствуваа на текстот, но и такви прашања кои ги испитуваа личните размислувања и искуства на децата за слични морални проблеми. Овие прашања учениците ги одговараа писмено по завршувањето со запознавањето со секој текст.

Во оваа наставна фаза часот започнуваше со спонтан разговор и читање на текстот. Особено внимание се посветуваше на интонацијата на гласот при читањето и се внесуваше одредена драматизација, со цел учениците поекспресивно да го доживеат текстот. По завршувањето на читањето на текстот следеше кратка проверка дали децата него содржински го разбраа, како и објаснување и појаснување на одредени сегменти доколку имаше потреба од тоа. По читањето, текстот не се анализираше критички и не се даваа оценки и мислења за претставената ситуација во него, со цел да не се делува сугестивно и да не се насочуваат учениците кон одреден начин на размислување. На овој начин писмените одговори кои ги пишуваа учениците беа нивни размислувања и оценувања на презентираните случки и настани во текстовите. Децата самостојно вршеа анализа и синтеза на дејството во етичкиот текст и соодветно на тоа ја даваа сопствената оценка со која делото го оценуваа како добро и морално или лошо и неморално. Сопственото етичко оценување децата го образложуваа од свој аспект со често посочување на лични примери за тоа. Така учениците го развиваа своето мислење, самостојност, креативност, фантазијата и ја јакнеа довербата во своите можности.

Откако ќе се добиеа писмените одговори, се преминуваше на заедничка анализа на етичкиот текст и оценување на претставената ситуација во него. Децата го изнесуваа сопственото размислување и соодветно на своите етички убедувања го оценуваа делото како морално или неморално. Своето оценување го поткрепуваа со објаснување, со образложување и со наведување низа слични примери од

секојдневниот живот. На овој начин можеше да се следи индивидуалниот напредок и моралното раснење и развивање кај децата.

Овие часови по етика побудуваа особено интересирање и задоволство кај учениците и целосно соодветствуваа на нивниот развој. Така наставата по етика се збогати со наставните форми, методи и средства и со нивното успешно комбинирање. Учениците беа посебно мотивирани заради нивната голема активност и ангажираност во оваа настава преку самостојното проценување и оценување на претставената морално-проблемска ситуација.

Врз основа на ова може да се констатира дека преку етичкото образование со примена на методот на етичка оценка младите личности поцелосно се подготвуваат за успешно вклучување во животот на заедницата и за премин од стадиумот на хетерономна моралност во стадиумот на автономна моралност.

## Целите и задачите на Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка оценка

Во реализацијата на Експерименталната настава по етика во одделенската настава беа поставени општи цели и задачи кои требаше да се остварат, како и некои посебни цели и задачи кои соодветствуваат на особената методолошка форма. Така, при спроведувањето на етичката настава со примена на методот на етичка оценка беа поставени соодветни цели и задачи. За изведувањето на оваа настава по етика беше подготвена Програма за нејзина реализација од страна на професорот Темков. Во неа беа претставени наставните единици според временската реализација, како и целите и задачите на оваа настава.

*Целта* која беше поставена пред оваа настава по етика беше да се испита и провери рецепцијата кај учениците на методот на етичка оценка и можноста од нивно непречено следење на наставата со примена на овој метод. Покрај оваа основна цел, беа поставени и неколку посебни цели:

- да се провери и испита едукативната вредност на етичките материјали со методот на етичка оценка;
- да се провери можноста за примена на различни наставни методи, форми и средства во етичката настава со примена на методот на етичка оценка;
- да се провери можноста од самостојно оценување на етичката ситуација од страна на учениците.

*Задачите* кои беа поставени пред оваа настава по етика беа следниве:

- развивање на самостојноста, креативноста и активноста кај учениците;
- оспособување на учениците за самостојно проценување и оценување на дадена етичка ситуација, случка или однесување на некоја личност;
- проверка на рецепцијата на етичките содржини со примена на методот на етичка оценка кај учениците;
- јакнење на самодовербата кај учениците;
- формирање основа за изградба на систем на вистински морални вредности;
- следење на индивидуалниот морален напредок и развој.

Целите и задачите се реализираа заедно, не беа одделени едни од други и сочинуваа единство.

## Теми обработени во Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка оценка

За творечко изведување на оваа настава по етика беа подготвени посебни текстови кои според својата форма соодветствуваа на методот на етичка оценка, а содржински третираа и обработуваа различна морална проблематика од животот на човекот. Етичките текстови беа подготвени од професорот Темков. По насловот текстот го сочинуваат два дела - расказ и прашања. Во расказот на еден суптилен и спонтан начин е претставена одредена морално-етичка ситуација, настан, случка или се профилира моралниот лик на дадени личности-носители на дејството во текстот. По расказот следуваат неколку прашања, кои ги испитуваа стекнатите знаења кај учениците, но и нивните етички размислувања, ставови и оценки на претставениот акт во расказот. Еве еден пример од ваков текст:

### ЧЕСТИТО!

Откако почнав да одам на училиште, ми се допаѓа да размислувам за броевите, сметам со нив, ги собирам и одземам, ги множам и делам. Тие ми изгледаат идеално, неменливо. Сметањето со нив секогаш дава исти резултати. Тоа ми дава сигурност, знам дека кај бројките нема промашување.

Затоа почнаа да ми се допаѓаат и датумите. Тие бројки ми кажуваат кога нешто се случило и кога нешто точно ќе се случи. Кога ќе станам, секој ден ќе погледам во календарот на ѕидот во кујната и си го кажувам датумот како три бројки - ден, месец и година. Ако мајка ми заборавила да го сврти листот пред да станам, тоа го правам јас, зашто знам кој ден беше вчера и кој ден е денес. Според датумите знам и кој ден колку е важен.

Денес е убав ден - 31.5. Годината е 2005-та. На 31.5. мојата мајка и татко се венчале. Многу пати зборуваа за тој ден, како се радувале што се земаат, каква била свадбата, како била облечена мајка ми како невеста, колку танцувале, што направил некој другар или роднина. Како малечок ги прашував каде бев јас тој ден, а тие ми одговараа дека сум бил во нивните срца, кои тогаш се споиле и потоа ме родиле. Кога пораснав пресметав и споредив кога сум роден и видов дека било како што кажуваат. Дедо ми раскажува дека многу се радувал кога чул дека ќе имале бебе, т.е. мене. А тоа го разбрал 6 месеци по свадбата и 6 месеци пред мојот роденден.

Ние дома ги одбележуваме празниците, родендените, годишнините. Си се сакаме. И со веселбите покажуваме дека си се имаме. Јас решив на 31.5. на мама и тато да им честитам. Вчера му реков на Симче дека ќе го направам тоа и го прашав што да сторам, тој се насмеја и рече дека тоа е глупо. Не го послушав, си помислив дека тој е глупав. Си реков, ќе станам пред татко ми и мајка ми. И се разбудив навреме. Чукнав на нивната врата и кога рекоа дека е слободно, влетав внатре, викнав "Честито!", скокнав во креветот и ги бакнав. Тие многу се израдуваа. Се прегрнувавме, тие ме бакнуваа и бевме среќни.

На заедничкиот појадок си велев дека и идната година и во целиот живот ќе им го честитам овој празник. Датумите се за сеќавање. Лошите датуме се за тагување или за размислување за да не се повторуваат грдите нешта. Добрите датуми се за радување и за повторување на среќата. Си реков дека идната година ќе заштедам малку пари и ќе им купам нешто на моите, а после помислив дека тоа не е најважно. Најважното е што на 31.5. на моите родители можам да им кажам "Честито!" и "Благодарам што ме родивте!"

ДАЛИ ГИ ОДБЕЛЕЖУВАТЕ ПРАЗНИЦИТЕ? ДАЛИ ГИ ПАМЕТИТЕ НАЈВАЖНИТЕ ДАТУМИ ИЛИ НЕКОЈ ТРЕБА ДА ВЕ ПОТСЕТИ НА ТОА? КОИ ПРАЗНИЦИ ГИ САКАТЕ И ЗНАЕТЕ КОГА ПАЃААТ? КОЈ ПРАЗНИК НАЈМНОГУ ГО САКАТЕ? ДАЛИ ГИ ПАМЕТИТЕ ПРАЗНИЦИТЕ НА НАЈБЛИСКИТЕ И ИМ ГИ ЧЕСТИТАТЕ НАВРЕМЕ? ДАЛИ САКАТЕ ВАМ ДА ВИ ГИ ЧЕСТИТААТ ВАШИТЕ ПРАЗНИЦИ - ЗАР ТОА НЕ ЗНАЧИ И ВИЕ ДА ИМ ГИ ЧЕСТИТАТЕ НА ДРУГИТЕ НИВНИТЕ? ДАЛИ ДЕТЕТО ДОБРО ПОСТАПИЛО ШТО ИМ ГО ЧЕСТИТАЛ ВЕНЧАЛНИОТ ДЕН НА РОДИТЕЛИТЕ? ДАЛИ Е ВАЖНО ВНИМАНИЕТО ВО СЕМЕЈСТВОТО?

По завршувањето на читањето на расказот и проверката на сфатеноста на контекстот од страна на учениците, следеше самостојна работа на учениците, во која тие ги одговараа на прашањата од текстот. Прашањата беа напишани редоследно и претставуваа одреден план за текстот кој учениците го пишуваа. Во писмените одговори децата вршеа оценување на презентираната проблемска ситуација во текстот и своите одговори ги поткрепуваа со образложувања и објаснувања. Преку индивидуалните размислувања на децата можеше да се следи нивниот морален напредок и усвојување на етичките знаења.

Во Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка оценка се обработија петнаесет етички текстови:

- *Љубомора* - во кого беше објаснета негативноста од високиот интензитет на чувството на љубомора, како и на непријателството и на омразата што тоа чувство ги носи. Децата од оваа возраст се често љубоморни на своите другарчиња, браќа и сестри и на други личности од нивната непосредна близина.
- *Очила* - во кого беа претставени негативната работната клима и атмосфера во едно одделение и непријателскиот однос помеѓу соучениците во тоа одделение.
- *Внимание* - во кого беа претставени обврските и должностите кои секој човек ги има, како и одговорноста и личниот однос кон нив.
- *Пиво* - во кого е претставена една многу честа ситуација кога малолетните деца од љубопитство сакаат да пробаат недозволени работи, помеѓу кои и алкохолот.
- *Покана за танц* - во кого е претставена убавината од забавните танци, кои позитивно влијаат врз расположението на човекот.
- *Честито* - во кого е претставена љубовта и хармонијата во односите помеѓу членовите во семејството и пријатните изненадувања што тие си ги приредуваат едни на други.
- *Покана за роденден* - во кого е претставено организирањето на роденденска прослава и негативната тенденција која произлегува од давањето голема важност на материјалната вредност на добиените подароци.

- *Молчење* - во кого се зборува за дискретноста и ненаметливоста, но и за потребата од кажување на вистината во одредени ситуации, кога тоа е неопходно.
- *Корења на цвеќињата* - во кого се зборува за потребата од заштита на зеленилото, грижата за него и неоштетувањето на растенијата и на нивните корења, преку кои се хранат.
- *Истрчување* - во кого е претставена потребата од планирање на работата и следење на нејзиниот тек, за таа да може да се заврши успешно.
- *Брат и сестра* - во кого беа претставени семејните односи и релацијата помеѓу најмладите членови во семејството.
- *Нов ред* - во кого се обработија некои основни правила на однесување и потребата од почитување на интимноста и дискрецијата на секоја личност.
- *Прва љубов* - во кого се обработува проблемот на првото детско вљубување и нивната симпатија спрема личностите од спротивниот пол.
- *Простување* - во кого е претставено простувањето како една од најголемите доблести на човекот.
- *Оставање за утре* - во кого е претставен проблемот на ненавремено извршување на обврските и нивно одложување за понатаму.

Според претставените содржини може да се согледа дека овие етички текстови обработуваа различна морална проблематика и зафаќаа различни сфери од човековото живеење. Тие беа блиски на детското искуство и соодветствуваа на нивниот развој, а тоа придонесе учениците да ги следат со особено задоволство и голема мотивираност.

## Писмени одговори на учениците и нивни решенијата на тестот

Наставата по етика и според овој метод бараше постојана активност и ангажираност од страна на учениците. По запознавањето со секоја нова наставна единица, учениците пристапуваа кон нејзина писмена обработка.

### *Писмени одговори на учениците*

На текстот *Љубомора* сите 25 ученици ја оценија како лоша и неморална постапката на детето кое од љубомора го удрило другото дете. Во наведувањето на примерите од личното искуство само три деца напишаа дека не биле љубоморни, а сите останати потврдија дека во одредени ситуации биле љубоморни.

На текстот *Очила* сите 25 ученици ја осудија постапката на детето кое ги скршило очилата на својата соученичка и не ја оправдаа негативната клима и нетрпеливоста која владеела во класот. Децата ја истакнаа потребата од другарство, соработка и почитување кои ќе придонесат за позитивна атмосфера во одделението.

На текстот *Внимание* сите 25 ученици ја оценија како негативна постапката на двете деца кои не се грижеле за кучето и цвеќето. Учениците ја истакнаа потребата од редовно извршување на своите обврски.

На текстот *Пиво* сите 25 ученици ја осудија постапката на детето кое пиело пиво и ги истакнаа негативните последици предизвикани од алкохол.

На текстот *Покана за танц* сите 25 ученици се изјаснија дека танцувањето е нешто прекрасно и предизвикува позитивни чувства, а ги осудија оние кои им се потсмеваат и ги навредуваат танчарите.

На текстот *Честито* сите 25 ученици со задоволство ја истакнаа убавината на постапката на детето кое им приредило вистинско изненадување на своите родители. Децата ја нагласија потребата од внимание и назначување на значајните датуми во семејството, како и од љубов и нежност меѓу неговите членови.

На текстот *Покана за роденден* сите 25 ученици ја оценија како лоша постапката на двете деца кои ги поканиле на роденден само оние за кои знаеле дека ќе донесат поскап подарок. Учениците ја истакнаа важноста на вниманието и љубовта, како и на дружењето и поминувањето на интересни заеднички моменти на роденденските прослави.

На текстот *Молчење* сите 25 ученици ја оправдаа постапката на девојчето кое кажало кај кого се наоѓа загубениот предмет, а ја осудија постапката на момчето кое не го пријавило предметот.

На текстот *Корења на цвеќињата* сите 25 ученици ја оценија како лоша постапката на децата кои ги кинеле цвеќињата со корен. Учениците истакнаа дека мора да се води грижа за природната средина и таа да не се уништува.

На текстот *Истрчување* сите 25 ученици ја осудија постапката на детето кое ги завлекло другите деца, но истовремено ја осудија и постапката на децата кои не ја послушале наставничката и дозволиле еден ученик негативно да им влијае. Децата истакнаа дека е потребно да се прави соодветен план за работа за таа успешно да се изврши.

На текстот *Брат и сестра* сите 25 ученици негативно ја оценија постапката на братот кој и` заповедувал, а понекогаш и ја малтретирал помалата сестра; еден

ученик посочи дека во семејството не треба да постои надреденост, а помеѓу другарите таа треба да постои.

На текстот *Нов ред* сите 25 ученици ја оценија како непристојна постапката на момчето кое влегло без да тропне и да се најави во собата кај девојчињата. Учениците го истакнаа правото на приватност на секој човек и посочија дека и тие често биле во таква ситуација.

На текстот *Прва љубов* сите 25 ученици ја осудија постапката на двете момчиња - на едното бидејќи го наговорило другото дете да се однесува лошо кон својата симпатија, а на другото зашто го послушало и недолично се однесувало кон девојчето.

На текстот *Простување* сите 25 ученици се сетија дека се простува на големиот празник Прочка и напишаа дека тие им простуваат на оние кои им згрешиле, но и бараат прошка од оние на кои тие им згрешиле.[93]

На текстот *Оставање за утре* сите 25 ученици го осудија инфериорното однесување на детето, неговата мрзливост и неизвршувањето на сопствените обврски. Децата ја истакнале должноста од редовно и навремено извршување на обврските.

Според добиените писмени одговори на учениците може да се заклучи дека тие одговорија успешно на сите текстови во кои е применет методот на етичка оценка. Децата извршија правилна евалуација на етичките настани, ситуации или карактерни црти на одредена личност. Импонира фактот што, иако писмените одговори се самостојни и давани независно едни од други, тие според својата

[93] Минатата година се посвети големо внимание на простувањето како највисока доблест на човекот, а посебно на нашиот празник Прочка. Затоа оваа година се одрази позитивниот трансфер во учењето и сите ученици веднаш знаеа за кој празник станува збор и какво е неговото значење.

содржина и етичка евалуација се единствени и идентични. Учениците умеат да го разграничат доброто од лошото постапување, моралните од неморалните ситуации и позитивните од негативните особини на личноста. Преку самостојното и индивидуално етичко оценување на претставената случка во расказот, децата се развиваат и морално растат. Кај нив се проширува обемот на етички знаења, што тие можат успешно да ги применат и потврдат. Децата преку етичкото евалуирање се оспособуваат за активно и прогресивно вклучување во животот на заедницата и ги јакнат своите способност и вербата во сопствените можности. Преку аналитичко-синтетичките процеси кои ги вршат, тие го развиваат мислењето и го прошируваат капацитетот на меморијата. Децата се креативни и оригинални, мотивирани и задоволни, затоа што нивното размислување за определени морални проблеми е многу значајно. Учениците активно ги усвојуваат етичките знаења, а тоа придонесува за нивно утврдување на висок степен и за нивна практична примена. Преку самостојното и индивидуално етичко оценување децата имаат јасна претстава за доброто и злото. Изнесените аспекти овозможуваат изградба на систем на вистински морални вредности, кој во текот на животот на личноста сѐ повеќе се шири и надградува. Сето ова овозможува успешен премин од хетерономност во автономност во развојот на моралноста.

*Одговори на тестот по етика*

За испитување на степенот на стекнати етички знаења, како и за согледување на размислувањата на децата и на нивните ставови за одредени морални проблеми, на крајот од второто полугодие беше изработен тест за таа цел.

Според својата форма, тестот по етика содржеше 19 комбинирани прашања - со самостојно пишување одговор, со алтернативни одговори и со допишување; а содржински тестот го опфаќаше наставното градиво во кое беше применет методот на етичка оценка.

Откако тестот беше презентиран од страна на наставникот, се пристапи кон индивидуално и самостојно решавање од учениците. Добиените решенија на етичкиот тест се презентираат во продолжение:

На *првото* прашање учениците требаше да одговорат како ја оценуваат постапката на детето кое од љубомора го удрило другото дете. Сите 25 одговори се идентични, децата ја осудија постапката на детето, а го истакнаа злото што го донесува насилството.

На *второто* прашање учениците требаше да одговорат дали се почувствувале љубоморни и како реагирале. 17 деца напишаа дека биле љубоморни и реагирале на различен начин, но ниедно дете не напиша дека применило насилство; осум деца напишаа дека не почувствувале љубомора.

На *третото* прашање учениците требаше да одговорат на што треба да внимаваат кога берат цвеќиња. Сите 25 ученици одговорија дека при берењето цвеќиња треба да се внимава да не се искорне и нивниот корен.

На *четвртото* прашање учениците требаше да одговорат каква грешка направиле децата кои береле цвеќиња и чај. Сите 25 одговори се исти, учениците напишаа дека грешката која ја направиле децата била тоа што тие ги кинеле и корењата на растенијата.

На *петтото* прашање учениците требаше да одговорат зошто девојчето кое било молчеливо решило да проговори. Сите 25 ученици одговорија дека девојчето проговорило кога имало реална потреба од тоа и таа кажала кај кого е накитот.

На *шестото* прашање учениците требаше да одговорат што би направиле кога би нашле некој вреден предмет. Беа понудени четири одговори, од кои учениците требаше да направат избор: Веднаш ќе го дадам, Ќе почекам и ќе размислам, Нема да го дадам, Ќе барам да ми даде награда оној што го загубил. Сите 25 ученици одговорија дека веднаш би го дале предметот.

На *седмото* прашање требаше да се одговори дали братот има право да ја казни помалата сестра ако таа не го слуша. Беа понудени три одговори за избор: Да, Не, Зависи од ситуацијата. 15 ученици одговорија дека не треба да ја казни; осум заокружија дека тоа зависи од ситуацијата; еден одговорил дека треба да ја казни, а еден не даде одговор.

На *осмото* прашање учениците требаше да одговорат какви треба да се односите меѓу членовите во семејството. Беа понудени три алтернативни одговори: Да бидат еднакви, Некои да раководат, а некои да слушаат, Помалечките немаат никакви права. 23 ученици одговорија дека членовите во семејството треба да бидат еднакви; двајца не дадоа одговор.

На *деветтото* прашање учениците требаше да одговорат како треба да се однесуваат кон првата симпатија. Беа понудени четири одговори: Треба да се биде пријател, Меѓусебно треба да се почитуваат и помагаат, Машките треба да заповедаат, женските да слушаат, Треба да се биде груб. 22 ученици заокружија два одговори дека треба да бидат пријатели и меѓусебно да се почитуваат и помагаат;

еден заокружи дека тие треба меѓусебно да се почитуваат и помагаат; еден заокружи дека треба да бидат пријатели и еден заокружи дека машките треба да заповедаат, а женските да слушаат.

На *десеттото* прашање учениците требаше да одговорат каков немил настан се случил во одделението. 22 ученици дадоа точни одговор дека на девојчето му ги скршиле очилата, двајца дадоа делумни одговори и еден не даде никаков одговор.

На *единаесеттото* прашање требаше да се одговори дали треба да постои другарство во одделението или тоа не е толку важно. Сите 25 ученици одговорија дека е многу важно во одделението да постои другарство.

На *дванаесеттото* прашање децата требаше да одговорат, доколку добијат на подарок животно или растение, зошто треба да се грижат за нив. Сите одговори наликуваат едни на други, децата напишаа дека сите живи суштества имаат право на живот и затоа треба да се грижиме за нив, тоа е наша должност и одговорност.

На *тринаесеттото* прашање учениците требаше да одговорат што мислат за обврските кои им се дадени и тие ги презеле. Беа понудени четири алтернативни одговори: Не треба да ги извршуваш, Може да кажеш дека тоа нема да го правиш, Може да ги дадеш на друг да ги прави, Треба да ги извршуваш задолжително. 24 ученици напишаа дека обврските треба да ги извршуваат задолжително; еден ученик напиша дека може да се каже дека тоа нема да го правиме.

На *четиринаесеттото* прашање учениците требаше да одговорат што погрешило детето во текстот *Нов ред.* 22 ученици дадоа точен одговор дека

момчето погрешило што влегло без да чукне во собата на девојчињата; еден даде погрешен одговор, а еден не одговори.

На *петнаесеттото* прашање учениците требаше да одговорат дали ги одбележуваат значајните празници во семејството. Сите 25 ученици напишаа дека во нивните семејства се назначуваат одредени празници и значајни датуми.

На *шеснаесеттото* прашање учениците требаше да одговорат што е најважно при одбележувањето на празниците. Беа понудени пет алтернативни одговори: Да се купи подарок, Да се повикаат гости, Да се направи торта, Да се честита, Да се јави на другите блиски и тие да знаат. Девет ученици одговорија дека најважно е да се честита; седум ученици одговорија дека е важно да се честита и да им се јави на другите блиски за и тие да знаат; тројца одговорија дека треба да се повикаат гости, да се честита и да им се јави на блиските; четворица одговорија дека е важно да се честита и да се повикаат гости; еден одговори дека, освен честитањето и викањето гости, треба да се купи и подарок; еден одговори дека треба да се честита, да се јави на блиските, да се повикаат гости и да се направи торта.

На *седумнаесеттото* прашање учениците требаше да ја оценат постапката на детето кое на роденден ги поканило само оние за кои знаело дека ќе му донесат скапи подароци. Сите 25 ученици ја осудија постапката на детето.

На *осумнаесеттото* прашање учениците требаше да одговорат дали прават план за работа и да објаснат зошто е потребен таков план. Сите 25 ученици одговорија дека прават план за работа и образложија дека тоа е потребно за успешно да ја извршат работата и да не згрешат.

На *деветнаесеттото* прашање учениците требаше да одговорат што ќе направат доколку некој им предложи нешто поинакво од нивниот план. Беа понудени четири одговори: Веднаш ќе го послушаш, Ќе останеш доследен на сопствениот план, Ќе размислиш и ќе видиш што ќе направиш, Ќе ја прашаш мајка си. Дванаесет ученици одговорија дека ќе останат доследни на сопствениот план; седум одговорија дека ќе размислат и ќе видат што ќе направат; шест, освен овие два одговори, заокружија дека ќе ја прашаат и мајка им.

Според добиените одговори на тестот по етика може да се резимира дека учениците етичките знаења ги усвоиле на висок степен и нив можат успешно да ги применат. Децата на правилен начин самостојно ги оценуваат презентираните морално проблемски ситуации. Преку организираното етичко образование младите личности успешно и подготвено ќе се воведат во животот на заедницата и ќе можат активно да партиципираат во него.

### *Реализација на етички текст со методот на етичка оцена во контролната група*

Со цел да се добијат подлабоки етичко-педагошки сознанија, се изведе експериментална настава по етика во уште едно трето одделение со времетраење од три наставни часа. Во одделението, кое претставуваше контролна група, трите репрезентативни етички текстови соодветствуваа на трите видови настава по етика во одделенската настава. На овој начин можеше да се направи компарација меѓу двете групи - одделението кое веќе втора година ја изучуваше етиката и одделението кое за прв пат се сретна со овој вид настава.

Наставата по етика во контролното оделение III-а ја следеа 26 ученици, од кои еден ученик со посебни потреби. Часовите по етика се изведуваа на сличен начин како и во експерименталната група, но поголемо внимание се обрнуваше на објаснувањето. Наставата по етика течеше едноставно и без потешкотии. Учениците покажаа големо интересирање и мотивираност за етичката настава. Впрочем, мотивираноста претставува основа за успешно усвојување на знаењата.[94]

Во етичката настава со примена на методот на етичка оценка се спроведе текстот *Очила*. На учениците на почетокот од часот им се прочита текстот, следеше негова кратка анализа, објаснување и појаснување, со цел да се провери неговата сфатеност од страна на учениците. Откако завршија овие етапи од часот, децата поминаа на писмено одговарање и оценување на морално-проблемската ситуација во расказот.

Од испитаните ученици 25 негативно ја оценија постапката на момчето кое ги скршило очилата на својата соученичка, еден ученик (кој е со посебни потреби) не даде никаков одговор. Учениците ја истакнаа потребата од меѓусебно дружење и позитивно однесување, соработка, почитување и помагање во одделението.

Учениците во контролната група умеат да направат разлика помеѓу доброто и лошото постапување, умешно ги регистрираат карактерните црти на личноста и ја согледуваат презентираната морална ситуација, но кај нив се забележа дека етичкото оценување кое го вршат не го потврдуваат и поткрепуваат со сопствени размислувања и аргументи, не објаснуваат концизно зошто претставеното дело го оцениле на тој начин и нивните одговори се многу кратки (најчесто се состојат од една до три реченици).

---

[94] Борислав Стеванвиќ: *Учење и помнење*, Скопје, 1953, стр. 101 и н..

Од спроведеното истражување во контролната група може да се согледа дека недостасува самостојност и креативност во индивидуалната работа, со оглед на немањето континуирана и систематска етичка подготовка. Учениците во контролната група лесно потпаѓаат под влијание на авторитетот и се водат според прифатените начините на однесување. Нивните ставови не покажуваат поголема стабилност и можат лесно да се изменат и обликуваат под влијание на возрасните. Етичките размислувања кај децата од контролната група се потесни, дури и кога се во согласност со општоприфатените норми на поведение.

Перманентното изучување на етичкото образование покажа дека учениците континуирано и систематски се оспособуваат самостојно да размислуваат, до израз доаѓа нивната индивидуалност, креативност и верување во сопствените способности. Учениците во експерименталната група, со оглед на двегодишното изучување на етичкото образование, покажуваат поголема самостојност и се обидуваат да дадат одредена аргументираност на изложените одговори. Наставата по етика ги води децата по вистинскиот пат на изградување на нивната личност и го поставува темелот врз кој ќе се постави основата на здраво и успешно етичко формирање на личноста.

* * *

Реализацијата на Експерименталната настава по етика со примена на методот на етичка оценка се изведе успешно. Учениците вешто ги оценуваа поставените морални проблеми и ги поткрепуваа со изнесување на свои

размислувања и лични искуства. Со тоа децата го прошируваа обемот на својата перцепција и го јакнеа верувањето во сопствените можности. Самостојноста и активното вклучување во наставниот процес придонесоа учениците да чувствуваат дека нивното размислување е особено важно. Третирањето на личноста на секој ученик посебно, со нејзините карактерни особености, позитивно се одрази врз нивната општа психичка состојба и расположение и овозможи тие да формираат мислење дека се рамноправни членови како меѓу себе, така и генерациски. Исто така се формираше нивниот став дека се одговорни морални субјекти.

Се покажа дека етичкото образование треба да претставува клучна алка во современиот воспитно-образовен систем, затоа што формирањето на зрела, етички свесна и одговорна личност е од круцијално значење за модерното општество. На светот му се потребни способни луѓе кои ќе можат да го придвижуваат општиот прогрес. Личноста треба да одговори на многу обврски и нив зрело да ги прифати, затоа етичките сознанија и чувството на должност кај неа треба да се всадат уште од најраната возраст. На овој начин човекот ќе може да одговори на современите предизвици и нив успешно да ги реши.

# МЕТОДИТЕ, ФОРМИТЕ И СРЕДСТВАТА ВО ЕКСПЕРИМЕНТАЛНАТА НАСТАВА ПО ЕТИКА ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА

Со своето педагошко указување, Имануел Кант истакнува дека „човекот е единственото суштество кое треба да се воспитува``.[95] Одгледувањето и насочувањето на младите по правилниот пат се смислата и основната идеја на педагошката дејност. Воспитувањето во суштина претставува етички процес, зашто во себе го вклучува служењето на доброто. Целта на моралното воспитување, како и на етичкото образование, е младиот човек да израсне во добра личност, да се вклучи во животот на заедницата без конфликти, да се обликува правилно за да може да дејствува исправно и хумано и самиот да може да придонесе творечки за прогресот на своето општество и на целото човештво.

Воспитувањето е социјална и етичка дејност и однос, од кои произлегуваат етичките резултати во развојот на личноста. Затоа професорот Павао Вук-Павловиќ посочува дека „воспитната цел е особено обележана со тоа што се гради врз живиот однос помеѓу луѓето``.[96]

Воспитувањето и образованието може да ги согледаме од два аспекти - макропедагошки и микропедагошки. Макропедагошкиот аспект воспитните процеси ги согледува врз основа на проблематиката на човештвото и на заедницата, а во фокусот го става пренесувањето на искуството од генерација врз генерација.

---

[95] Имануел Кант: *Педагогика,* Софиа, 1994, стр. 139.
[96] Pavao Vuk-Pavlovic: *Filozofija odgoja*, Zagreb, 1996.

Со микропедагошкиот аспект, на воспитувањето и образованието се гледа како на единствени и неделиви процеси, кои се случуваат овде и сега.[97]

Значењето на моралното обликување на личноста денес посебно се нагласува во епохата кога многу се развива етиката и се создава нова воспитна област - етичкото образование, чија цел е создавањето „автономни личности со капацитет за самостојно носење на етички решенија и креирање на правилни и ефективни морални норми``.[98]

Така персистентните настојувања на педагогијата за морално обликување на личноста денес се развиваат кон нејзиното етичко образование. Смислата на современото морално воспитување и на модерното етичко образование е формирањето на актуелни и одговорни морални сфаќања, уверувања и навики во личноста, обликувањето на морална личност која ќе мисли, чувствува и постапува во согласност со најзначајните човечки должности денес. Остварувањето на оваа цел ќе значи сообразување на општествено-етичките норми и барања со психо-физичките можности на личноста.[99]

Денес на светот му се потребни луѓе со високи морални принципи и со изградено чувство на должност, кои ќе можат да се реализираат во различни сфери во општествениот живот - политика, економија, наука, култура.[100] Изградбата на ваквите личности е заедничка цел на педагогијата и етиката.

Потребата од етиката и етичкото образование во нашата епоха е огромна: „Денес човекот може да се сретне со себе и да изгради свој сопствен вредносен

---

[97] Marija Brataniс: *Paradoks odgoja*, Zagreb, 2002.
[98] Кирил Темков: *Етичкото образование денес*, „Воспитание``, бр. 1, 2001, стр. 49.
[99] Hans Küng: : *Global Ethics and Education* in: *The Future of Theology*, Cambridge, 1996, p. 267.
[100] Исто (поглавје *The Challenge for Education Today*), pp. 281-283.

систем само преку непосредна средба со етиката. Како наука и како наставен предмет, етиката мора да стане дел од институционалното образование со цел младата личност да се запознае со моралните норми и моралните вредности и да се подготви да направи правилен етички избор. Без сериозен, научен пристап кон презентирањето на моралните вредности и кон упатувањето на младиот човек кон доблесноста, пристојноста и етичката изграденост, современата личност се чувствува сосема загубена, бидејќи навистина не знае што е добро, а што зло, што треба, а што не треба да прави``.[101]

Успешноста на етичкото образование во голема мера зависи од начинот на неговата реализција преку примената на наставните форми, методи и средства.

Методите на етичкото образование претставуваат патишта, начини или пристапи со кои практично се реализираат содржините, задачите и целите на ова образование.

Методите кои се применуваа во Експерименталната настава по етика во одделенската настава придонесоа етичката настава да биде успешна, личноста на ученикот да се развива слободно, ученикот преку овие методи да се оспособи да ги прифати етичките сознанија и норми и да се подготви за морални дејства во општеството, односно да се вклучи во современите етички движења во епохата.

Паралелно со наставните методи во Експерименталната настава по етика се употребуваа и сообразни наставни форми и наставни средства, преку кои младата личноста можеше соодветно морално да се формира и етички да се образува.

---

[101] Олга Пешевска-Заревска: *Младите и етичкото образование*, „Старт``, бр. 220, 2003, стр. 38.

## Методите, формите и средствата во педагогијата

Наставата е процес во кој наставните содржини се реализираат преку употреба на наставните методи, форми и средства.

Под **наставен метод** го подразбираме научно проверениот и утврден начин со кој наставникот во наставата раководи со работата на учениците, а ги подрабираме и начините на кои учениците под раководство на наставникот учествуваат во наставниот процес.[102]

Задачите во наставата се различни, наставните содржини се разновидни, а самиот наставен процес е сложен. Овие задачи не можат да се остварат на еден начин, со еден метод, туку се применуваат разни методи, *патишта* за спроведување на педагошката активност.

При одредувањето на методите кои ќе се употребат во наставниот процес влијаат повеќе фактори - учениците, наставната единица, наставникот, поставените цели, материјално–техничките услови.

Во педагогијата се применуваат повеќе методи, не постои доминантен метод, методите се комбинираат и меѓусебно се надополнуваат.

Во педагогијата основните методи се:

- *демонстративен метод,*
- *метод на набљудување,*
- *метод на усно изложување,*
- *метод на разговор,*
- *метод на педагошки експеримент,*

[102] Радован Теодосиќ: *Педагогика*, Сарајево, 1957, стр. 212.

- *метод на работа со текст.*[103]

Сите овие методи се користат во наставата по Етика во одделенската настава.

*Демонстративниот метод* и *методот на набљудување* се однесуваат на претставување и набљудување на предметите, појавите и личностите во училиштето и вон од училиштето. Овие методи мораат добро да се подготват и изведат.

Се *демонстрираат* предмети и појави и нивни модели – макети, слики, цртежи, релјефи, карти. Доколку може да се претстави самиот предмет, тогаш не треба да се заменува со модел, слика или цртеж. Модел, слика или цртеж се користат во ситуации кога преку нив подобро можат да се воочат предметите и појавите, а тие треба да се доволно големи и јасни за учениците да можат прецизно да ги перципираат. Во текот на демонстрацијата наставникот треба да го објаснува она што го претставени.

*Набљудувањето* може да биде *директно* и *индиректно*, а може да се изведува во многу ситуации и на разни места, на часот и во другите простории во училиштето, на екскурзии, при организирани посети на разни организации и институции, во природа.

Набљудувањето мора да биде планирано и добро организирано. Набљудувањето треба да е добро подготвено, а учениците да се однапред запознаени со целта на набљудувањето и со насоките по кои тоа ќе се движи. При набљудувањето се бележат податоци за предметот на набљудување, како и за

---

[103] Види Радован Теодосиќ: *Педагогика*, дел прв, поглавје II: *Методе истраживачког рада у педагогици,* стр. 39–51, и дел трет, поглавје IV: *Наставне методе,* стр. 211–235.

целата набљудувачка постапка. Добиените податоци потоа се средуваат и класифицираат и се извлекуваат заклучоци. Заклучоците се систематизираат со веќе здобиените знаења од страна на учениците.

*Методот на усно изложување* има широка примена во наставата. Овој метод не се употребува само кога е потребно наставникот да го изложи наставното градиво, туку и кога со помош на зборовите треба да се формираат јасни поими и претстави, да се долови некое чувство. Методот на усно изложување се однесува и на изложувањето од страна на наставникот и на изложувањето од страна на ученикот.

Методот на усно изложување има повеќе форми:

- *предавање*, кое се применува кога наставникот го изложува наставното градиво,
- *раскажување*, со кое се изложуваат наставните содржини или разни содржини соодветни на наставната единица,
- *опишување*, кога со зборови се настојува да се долови сликата на некој настан, предмет, појава, личност,
- *објаснување*, кога треба да се протолкува некој текст, појава, дејство или настан.

Усното изложување на наставникот мора да задоволи некои нужни барања во поглед на содржината и во поглед на формата. Изложувањето мора да биде веродостојно и соодветно на едукативните задачи во поглед на содржината, а во поглед на формата треба да делува на учениците преку создавање на јасни

претстави во нивниот ум, треба да ги поттикнува учениците на размислување и да го олеснува нивното сфаќање на дадената проблематика.[104]

Усното изложување треба да е сообразно на возраста на ученикот, говорот треба да е правилен, речениците јасни и кратки и треба да постои прегледност и поврзаност во изложувањето. Во текот на изложување наставникот мора да ги следи учениците и постојано да ги активира. За усното изложување наставникот мора добро да се подготви за да воспостави најнепосреден контакт со учениците.

*Методот на разговор* е познат и како *дијалошки* метод. „Без дијалог нема комуникација, а без комуникација не може да има вистинско образование``.[105] Овој метод се применува кога учениците располагаат со некои предзнаења за содржината која се обработува. Дијалошкиот метод е составен дел на секој наставен час и во сите етапи од часот. Овој метод особено се применува кога врз основа на познати работи се врши анализа, споредување, средување и воопштување.

Разговорот најчесто се одвива преку поставување на прашања и давање на одговори на релација наставник–ученик, ученик–наставник и ученик– ученик. Прашањата мора да бидат јасни и определени, да не бидат двосмислени и конфузни, од нив веднаш треба да се сфати тоа што се бара. Прашањата не треба да се сугестивни и сложени и во едно прашање не треба да се содржат повеќе потпрашања. Одговорите треба да соодветствуваат на прашањата, да се јасни и прецизни и да не се двосмислени.

[104] Исто, поглавје: *Чиме треба да се одликује наставниково излагање*, стр. 223–224.
[105] Пауло Фреире: *Дијалогот и образованието*, „Културен живот``, 4/2003, стр. 29.

Дијалошкиот метод позитивно влијае врз мотивираноста на учениците и врз нивната активност во воспитно–образовниот процес.

„Наставата во која нема комуникација во својата основа е авторитарна настава. Без комуникација е невозможно учениците да се воведуваат во човековото искуство``.[106]

*Методот на педагошки експеримент* значи дека педагогот ја предизвикува појавата која сака да ја проучи, создава ситуација и ги приспособува условите во кои ќе го изведува експериментот, ги контролира факторите кои ги внел во тој опит. Постојат два вида педагошки експеримент - *лабораториски* и *природен*. Првиот се изведува во педагошки и психолошки лаборатории, а вториот во природни услови во училиштето и вон од училиштето. Добиените резултати се бележат, а потоа се анализираат, средуваат, споредуваат, класифицираат и објавуваат.

*Методот на работа со текст* има широка примена во наставните и во воннаставните активности. Книгите се важен извор на знаење. Овој метод значи дека во процесот на наставата се користат книги, учебници, лектири и други пишани текстови (разни написи, статии, документи), а наставникот ги оспособува учениците да се служат со нив. Преку оспособувањето на учениците да се служат со текстови, тие се оспособуваат за перманентно и самостојно учење низ целиот живот.

Текстот во наставата може да се примени во неколку облици, како документ, како информација, како основа за изведување на наставата и како основа за совладување на наставното градиво.[107]

---

[106] Josip Marinkovic: *Metodika nastave filozofije*, Zagreb, 1983, str. 43.

**Наставните форми** го претставуваат начинот на кој наставникот работи и ја организира работата со одделението. Формите се однесуваат на работата на релацијата наставник–ученици.

Формите можат да се поделат на:

- *индивидуална форма на работа,*
- *групна форма на работа,*
- *фронтална форма на работа,*
- *работа во двојки или тандеми.*

*Индивидуалната форма на работа* се состои во посебната работа на наставникот со одредени ученици. Релацијата се директно одвива помеѓу наставникот и ученикот. Оваа форма се употребува при поединечно насочување на одредени ученици во остварувањето на соодветни задачи, при разговорот помеѓу наставникот и ученикот, при проверката на знаењата и на решенијата на задачите, но и при работа со ученици со потешкотии во својот развој и со ученици кои послабо напредуваат во усвојувањето на знаењата.

*Групната форма на работа* се состои во заедничката работа на наставникот со неколку ученици. Одделението е поделено на групи од различен карактер (според способностите, заедничките интересирања, емотивната блискост меѓу учениците или станува збор за слободни формални групи). Наставникот задачите им ги дели на групите, секоја група заеднички ја извршува задачата, а потоа пред

[107] Josip Marinkovic: *Metodika nastave filozofije*, Zagreb, 1983, str. 56-57.

одделението претставник од групата го презентира решението до кое дошле учениците од групата.

*Фронталната форма на работа* се однесува на работата на наставникот со одделението во целина. Оваа форма на работа наставникот најчесто ја применува кога изложува ново градиво, кога ги информира сите ученици или ги запознава со појавите, поимите или предметите кои за сите нив се непознати. Оваа форма на работа обично се применува при обработката на нова наставна единица за која учениците немаат доволно предзнаења.

*Работата во двојки* е кога наставникот работи со двојки ученици, најчесто според местото на седење во училницата, но и со двојки парови кои наставник ги формира или кога вакви двојки формираат учениците според својот слободен избор. Работата во двојки е верзија на групната работа.

Наставните форми меѓусебно треба да се комбинираат и надополнуваат.

**Наставните средства** се дел од материјално–техничките можности во наставата и во самото училиште. Наставните средства помагаат во изведувањето и во разбирањето во наставниот процес. Во педагогијата наставните средства се делат на:

- *текстуални наставни средства,*
- *аудитивни наставни средства,*
- *визуелни наставни средства,*
- *аудио–визуелни наставни средства.*

Во *текстуалните наставни средства* спаѓаат книгите (учебници, лектири, атласи) и сиот пишан материјал, разни публикации, документи, списанија, кои можат да се применат во воспитно–образовниот процес и кои соодветствуваат со наставните содржини.

Во *аудитивните наставни средства* спаѓаат разни материјали кои се перципираат преку сетилото за слух - како снимки на аудиокасети, звучни записи, магнетофонски ленти со соодветни записи, разни радио емисии кои обработуваат проблеми сообразни за наставната единица, а кои го прошируваат обемот на знаењето на учениците.

Во *визуелните наставни средства* спаѓаат материјали кои визуелно се перципираат и кои можат успешно да се применат во процесот на наставата. Во овие наставни средства спаѓаат разни слики, фотографии, цртежи, илустрации кои се соодветни на наставното градиво.

Во *аудио–визуелните наставни средства* спаѓаат разни материјали кои се перципираат исторвремено аудитивно и визуелно. Во овој вид наставни средства спаѓаат разни филмови, документарни емисии, разни ТВ програми сообразни за наставните содржини.

Во педагогијата се комбинираат наставните методи, форми и средства, се надополнуваат меѓусебно и се надополнуваат едните со другите. На овој начин се постигнува најдоброто од нив, а се избегнуваат евентуалните нивни слабости. Тоа е нужно затоа што од нивната успешна примена зависи успехот на воспитно–образовниот процес.

## Педагошките принципи во наставата

Во педагогијата при изведувањето на наставниот процес и при примената на наставните методи, форми и средства треба да се почитуваат определени принципи:

- *Принципот на воспитна насоченост на наставата* подразбира таква насоченост на наставата за со неа да се остварат целите и задачите на воспитувањето. Овој принцип го опфаќа остварувањето на задачите од разните видови образование и воспитување - физичко, умствено, естетско, работно, здравствено, морално и, сега, етичко образование. Овој принцип во наставата се остварува преку правилниот избор на наставните содржини, преку правилното организирање и изведување на самата настава и преку нејзиното поврзување со животот.
- *Принципот на свесна активност на ученикот во наставниот процес* подразбира усвојување на наставните содржини со разбирање на нивното значење, со активност и интелектуална вклученост на ученикот во наставата, критички однос кон нив, со критички однос кон наставната содржина.
- *Принципот на очигледност* подразбира јасност и конкретност во наставата. Во процесот на стекнување на знаењата доколку е возможно треба да се почне со непосредно набљудување на самите предмети и појави или со потсетување на претставите и на искуството од претходните набљудувања и претходните сознанија. Очигледната настава го развива интересирањето кај

учениците и овозможува трајност на знаењата, како и развој на умствените способности кај ученикот.

- *Принципот на одмереност на наставната работа според детската возраст* подразбира постапност во наставата и одење од познатото кон непознатото, од полесното кон потешкото, од попростото кон посложеното, од поблиското кон подалечното. Овој принцип подразбира и почитување на индивидуалните можности и разлики на учениците во наставата.
- *Принципот на систематичност во наставната работа* подразбира среденост, поврзаност и систематизираност на знаењата и нивно поврзување во органска целина.
- *Принципот на трајност на знаењата, вештините и навиките* подразбира усвоеното градиво да има траен карактер, што зависи од неговото правилно и вешто презентирање, од степенот на неговата усвоеност и од бројот на неговите повторувања.

За успешен воспитно–образовен процес потребна е единственост на воспитните и образовните влијанија во процесот на наставата и успешност во примената на наставните методи, форми и средства, како и доследно и креативно следење на основните педагошки принципи.

## Наставните методи во Експерименталната настава по етика во одделенската настава

„Наставните методи се научно и практично проверени начини за ефикасно комуницирање на субјектите во наставата во процесот на стекнување на знаењата,

вештините и навиките, како и за поттикнување и оптимално развивање на творечките и другите позитивни својства на личноста``.[108] Оваа оценка на д-р Јован Лозановски за употребата на наставните методи во етичкото образование на младите во средните училишта се однесува и на етичкото образование на најмладите во претходните образовни нивоа.

Во Експерименталната настава по етика во одделенската настава во учебните 2003/2004 и 2004/2005 година се користеа сите наставни методи кои се соодветни на развојот на учениците, преку кои тие најдобро се здобиваат со етичките знаења и ја развиваат својата личност.

Наставните методи се *патиштата* во етичката настава по кои се реализираат етичките содржини. Во етичкото образование наставните методи не се строго одвоени едните од другите, тие се надополнуваат и се преплетуваат едните со другите, а на овој начин се избегнуваат слабостите кои ги има секој метод одделно и се придонесува да се извлече најдоброто од секој метод.

Наставните методи кои се употребуваа во Експерименталната настава по етика во одделенската настава можат да се поделат на следниов начин:

- според насоката на мислење, наставните методи се *индуктивни* и *дедуктивни*,
- според односот помеѓу деловите и целината, наставните методи се *аналитички* и *синтетички*,
- според релацијата причина–последица, наставните методи се *прогресивни* и *регресивни*.

[108] Види Јован Лозановски: *Формите на работа, методите и средствата на наставата по Етика во средните училишта*, Скопје, 2001.

- според начинот на изложување на содржините, наставните методи се *изложување* и *разговор.*

Во Експерименталната настава по Етика во одделенската настава најчесто се применуваа овие методи[109]:

- *метод на усно изложувње,*
- *метод на разговор,*
- *метод на работа со текст,*
- *метод на демонстрација,*
- *метод на писмени и графички работи,*
- *метод на опсервација.*[110]

**Методот на усно изложување** во етичката настава оствари широка примена. Овој метод е познат и под името *монолошки* метод. Усното предавање претставува најстара форма на пренесување на знаења.

Во Експерименталната настава по Етика се покажа дека методот на усно изложување има големи вредности во процесот на етичката настава. Живиот збор има голема моќ во усвојувањето на знаењата.

Усното изложување е говор на едно лице кое изнесува ставови, ги толкува од различни аспекти, ги аргументира и ја констатира нивната вредност и актуелност.

Методот на усно изложување често подразбира дека наставникот е оној кој говори, а учениците слушаат, со што стануваат пасивни во процесот на наставата.

---

[109] Спореди исто, стр. 145–147.

[110] Спореди *Jean Piaget: The Moral Judgment of the Child,* поглавје *Adult Constraint and Moral Realism, pp.109-196.*

Но, во наставата по етика овој метод не се користеше само од страна на наставникот, овој метод активно се користеше и од страна на учениците. Покрај тоа, се комбинираше и со другите методи. На овој начин беа избегнати неговите слабости.

Методот на усно изложување на етичките часови се применуваше низ повеќе негови форми. Тие форми се:

- *Предавање,* кое најчесто се користеше од страна на наставникот за прегледно да се изложи наставната содржина. Предавањата се организираа на начин со кој се предизвикуваше внимание и интересирање од страна на учениците. При предавањето се внимаваше на говорот и на начинот на изразување. Во Експерименталната настава по етика предавањето најчесто се користеше кога наставната содржина не беше доволно позната и кога за неа учениците немаа доволно предзнаења. На овој начин учениците се воведуваа во етичката содржина постепено, со грижливо насочување на нивното внимание и нивно мотивирање за активно следење на новата наставна единица;
- *Раскажување,* кое најчесто се користеше во воведниот дел и со кого се навестуваше целта на часот. Раскажувањето беше и од страна на наставникот и од страна на учениците, а преку него се претставуваа разни настани и ситуации со цел учениците преку примери-сликовито да се воведат во наставната содржина, а на тој начин нејзиното усвојување беше поедноставно;

- *Опишување,* кое се применуваше во сите делови на часот, а преку него се изнесуваа разни делови и сегменти, се опишуваа начини на однесување и постапување, личности, случки и настани соодветни на наставната единица. Опишувањето како метод е многу близок до детското изразување и размислување, зашто децата се склони кон постојано опишување во секојдневната комуникација. Преку опишувањето етичката содржина станувaше блиска и позната, што придонесуваше за нејзино успешно усвојување;
- *Известување,* кое се применуваше најмногу при презентирањето на решенијата на практичните задачи, на истражувањата и на задолженијата на учениците, кои тие самостојно ги извршуваа, како и при презентирањето на разни информации од страна на наставникот. Преку известувањето учениците активно и систематски се вклучуваа во процесот на етичката настава, покажуваа висок степен на усвоеност на наставниот материјал по етика и можност за негова практична примена. Преку методот на известување се постави основата за понатамошна истражувачка работа кај учениците;
- *Објаснување,* кое се применуваше во сите делови на часот, а со него се толкуваа и се истакнуваа разни настани, ситуации, однесувања и делувања. Преку објаснувањето се потврдуваа сфатеноста и усвоеноста на наставната содржина.

Формите на методот на усно изложување меѓусебно се комбинираа и се надополнуваа едните со другите.

**Методот на разговор**, познат и како *дијалошки* метод, широко се применуваше во етичката настава и тоа мошне успешно во сите делови од часот. Разговорот на етичките часови најчесто се одвиваше со аналитичко–синтетичка цел и пристап. Овој метод најмногу се применуваше во воведниот дел од часот, каде што секогаш се започнуваше со разговор преку кој учениците се водеа кон целта. Преку разговорот учениците го развиваа своето мислење и својот говор, се учеа да зборуваат со полни и јасни реченици и директно учествуваа во текот на часот. Со методот на разговор постојано се имаше увид во степенот на усвоеноста на знаењата кај секој ученик, како и во начинот на кој учениците индивидуално ги усвојуваат знаењата. Методот на разговор овозможуваше спонтаност и блискост во комуникацијата, што придонесуваше за подобрување на општата динамика на часот, со што раснеше интересирањето на учениците.

Дијалошкиот метод покажа широки можности за примена во етичката настава. Тој се појавуваше во повеќе форми:

- *Магистерска еротема*, како дирижиран дијалог, кој е поврзан со наставната содржина и се води според определени начини и патишта, при што се поставуваа прашања од страна на наставникот наречени импулси;
- *Метод на спонтани прашања*, кои произлегуваа од стремежот на учениците за нови знаења. Учениците водени од својата заинтересираност во текот на часот поставуваа разни прашања сообразни за наставната единица;

- *Метод на слободен наставен разговор,* како дијалог во кој наставната содржина се обработува низ спонтан разговор меѓу наставникот и учениците;
- *Метод на дебатен разговор,* кој е близок на слободниот наставен разговор, при што неговата цел беше да се изнесат и противстават различни гледишта и сфаќања на учениците. Овој метод во Експерименталната настава по етика во одделенската настава се употребуваше најчесто кон крајот на средниот дел од часот, кога учениците ги изнесуваа сопствените размислувања за ситуациите кои беа опишани во етичките текстови.

Методот на разговор се покажа многу успешен во наставата по етика со најмладите. Со него учениците се поттикнуваа и мотивираа за да бидат активни субјекти во наставниот процес.

**Методот на работа со текст** значи наставна работа со книги и со разни печатени материјали. Овој метод е многу значаен во процесот на наставата, а такво значење оствари и во Експерименталната настава по етика во одделенската настава. Преку етичките текстови и разни други пишани етички материјали успешно се применуваше овој метод. Со овој метод учениците стекнуваа знаења од областа на етиката и практичниот морал, се навикнуваа самостојно да можат да ги користат етичките текстови и да ја развиваа љубовта кон книгите и свеста за нивната голема важност и значење во животот на човекот.

Во пишаните текстови се презентираат разни знаења и сознанија до кои дошол човекот, во текстовите се опишуваат различни временски периоди од животот, во нив се содржат различни видови искуства на човекот.

Во Експерименталната настава по етика текстот се користи за презентирање разни етички информации, текстот служи и како основа за повторување, утврдување и вежбање, а етичките раскази ја претставуваа основата на етичките часови.

Методот на работа со текст се употребуваше паралелно со другите методи.

**Методот на демонстрација** успешно се применуваше во наставата по Етика во одделенската настава. Овој метод има две форми динамичка и илустративна.

Со *динамичката форма* се покажуваа разни движења, ситуации и настани. На учениците во рамките на етичката настава им се презентираа и им се покажуваа разни ситуации и настани, а тоа особено ги мотивираше и ги актививираше, а демонстрирањето им беше особено интересно.

Со *илустративната форма* на демонстрација се покажуваа разни слики, фотографии, цртежи, предмети и модели кои соодветствуваа на наставната единица. Дел од овие наставни средства изработуваа и учениците.

Демонстративниот метод ги направи наставните содржини по етика поблиски и поочигледни за учениците, што особено на нивна возраст е еден од најдобрите начини за нивнои полесно усвојување и меморирање.

**Методот на писмени и графички работи** успешно се применуваше во Експерименталната настава по етика во одделенската настава, особено во завршниот дел од часот, но и на часовите за повторување и утврдување.

Овој метод придонесе учениците да ги систематизираат стекнатите знаења, да ги утврдат и практично да ги применуваат. Со методот на писмени и графички работи успешно се поврза теоријата со практиката, што е една од најважните карактеристики на современата настава.

Учениците по завршувањето на обработката на секој етички текст добиваа соодветни задолженија и изработуваа писмени задачи од различен карактер во зависност од самиот етички текст, како и разни шеми и графикони, во кои ги класифицираа сопствените извештаи од спроведените истражувања, а исто така и своите размислувања за различните етички теми и содржини.

**Методот на опсервација** имаше голема примена во наставата по етика во одделенската настава. Жан Пијаже вели дека опсервацијата е единствениот добар метод во истражувањето на моралните факти и тоа колку што може поблиску и со што поголем број индивидуи.[111] За Пијаже чистата опсервација е единствениот сигурен метод, дополнета со поставување на прашања.

Експерименталната настава по етика во одделенската настава покажа дека е отворена за примена на разни наставни методи и за нивното меѓусебно комбинирање и надополнување. На овој начин се извлекоа позитивните карактеристики од секој метод, а се одбегнаа нивните негативности.

[111] Види *Jean Piaget: The Moral Judgment of the Child,* оддел *The Method, pp. 112-120.*

## Наставните форми во Експерименталната настава по етика во одделенската настава

Во процесот на наставата, наставникот ја проектира ситуацијата на часот со сите нејзини елементи и фактори за успешно реализирање на часот во целиот негов тек. Затоа во рамките на планирањето на наставниот час се планираат и формите на наставната работа.

Во педагошката дејност наставниот процес се дефинира како „планирана и организирана помош на наставникот, која тој им ја дава на учениците за стекнувањето на знаењата, вештините и навиките``.[112]

За која форма на работа ќе се определи наставникот зависи од повеќе фактори, како што се самата содржина која ќе се реализира, наставните методи и средства кои ќе се употребат, афинитетите на самиот наставник, карактеристиките на учениците, целите и задачите кои треба да се постигнат, самата атмосфера во одделението, условите за работа итн.

Според улогата на наставникот во наставата и помошта што им ја дава на учениците, наставните форми можат да се поделат на:

- *непосредна – директна форма,*
- *посредна – индиректна форма.*

Според пристапот на наставникот кон одделението, односно бројот на ученици со кои работи во воспитно–образовниот процес на определена задача, наставните форми можат да се поделат на:

---

[112] Види Јован Лозановски: *Формите на работа, методите и средствата на наставата по Етика во средните училишта*, Скопје, 2001, стр. 117.

- *фронтална форма на работа,*
- *индивидуална форма на работа,*
- *групна форма на работа,*
- *работа во двојки.*

Во Експерименталната настава по етика во одделенската настава наставните форми не беа строго одвоени едната од другата, тие се комбинираа меѓу себе и меѓусебно се надополнуваа.

Во *фронталната форма на работа* наставникот работеше со целото одделение истовремено. Фронталната форма на работа често се применуваше во Експерименталната наставата по етика во одделенската настава, особено во воведниот дел од часот, во првата половина од главниот дел од часот, кога се обработуваше етичкиот расказ, но и на крајот на часот, кога се согледуваа стекнатите знаења, се вршеше евалуација на часот и се задаваа практичните работи на учениците.

При *индивидуалната форма на работа* наставникот работеше индивидуално со секој ученик. Во Експерименталната настава по етика во одделенската настава оваа форма на работа најмногу се применуваше кога секој ученик добиваше задача и се упатуваше како да работои самостојно и како тоа успешно да го изврши. Преку оваа форма најмногу се развиваа самостојноста на ученикот и неговата самодоверба.

Со *групната форма на работа* наставникот работеше групно, односно одделението го делеше во групи и секоја група имаше соодветно задолжение. Секоја група беше составена од неколку ученици, а составот на групата можеше да

биде различен и формиран според различни карактеристики. Во Експерименталната настава по етика во одделенскаста настава, групната форма на работа успешно се применуваше на часовите за изведување на соодветни истражувања (тогаш одделението се делеше на групи и секоја група добиваше упатства за работа), при групното решавање и пишување разни етички текстови, при групното пишување совети и етички поуки и при изработката на паноа и разни дисплеи со етички содржини. На часовите за повторување и утврдување често се организираа натпревари по групи (некој вид на квиз натпревар).

При *работата во двојки* учениците работеа во тандеми. Работата во двојки постигна особен успех во етичката настава во целина. Особено работата во двојки се применуваше при практичните задолженија, кои учениците ги добиваа и најчесто ги извршуваа во двојки. Со оваа форма на работа се надминаа проблемите во групната форма на работа, во која учениците со оглед на возраста тешко можеа да најдат компромис и често секој натегаше на своја страна, но се надминаа и слабостите во индивидуалната форма на работа, кога често учениците чувствуваа мала несигурност. Со работата во двојки се задржа индивидуалноста, а сепак се развиваше соработката и заедничката работа со друг (свој близок).

Наставните форми во Експерименталната настава по етика често се комбинираа меѓу себе и меѓусебно се надополнуваа. Формите на работа не беа строго изделени, што придонесе за успешно изведување на етичките часови.

## Наставните средства во Експерименталната настава по етика во одделенската настава

Наставните средства кои ја претставуваат материјалната страна на наставата, го олеснуваа процесот на стекнување на етички знаења и ја правеа наставата поочигледна и поинтересна. Во Експерименталната настава по етика во одделенската настава се покажа дека наставните средства имаат големо влијание во воспитно–образовниот процес со оглед на возраста на учениците и нивното визуелно перципирање на нештата.

Во наставата по Етика во одделенската настава се користеа следниве наставни средства:

- *текстуални,*
- *визуелни,*
- *аудио–визуелни.*

*Текстуалните наставни средства* беа целиот печатен материјал кој се применуваше во етичката настава. Особено значајни беа етичките текстови како *основен наставен материјал*, подготвени за непречено реализирање на наставата по Етика. Освен етичките текстови се користеа и други текстови со етичка содржина, како и текстови, пораки, етички примери, кои беа пишувани од страна на самите ученици.

***Визуелните наставни средства,*** со својата бројност како слики, фотографии, илустрации, шеми, графикони, макети и разни предмети сообразни на наставната содржина, разновидно беа користени во етичката настава. Овие

наставни средства некогаш ги изработуваа учениците, а некогаш се користеа веќе обликувани во готова форма.

*Аудио–визуелните наставни средства,* кои истовремено дејствуваат и врз сетилата за вид и врз сетилата за слух, се користеа по различни поводи во етичката настава. Учениците неколку пати гледаа документарни филмови сообразни за наставните содржини по етика. Овие филмови беа посветени на еколошките проблеми и ја пренесуваа пораката за заштита на природната средина.

Наставните средства во Експерименталната настава по етика успешно беа меѓусебно комбинирани. едните со други.

* * *

Внимателната, конструктитвна и правилна употребаа на наставните методи, форми и средства во Експерименталната настава по етика во одделенската настава, нивното успешно комбинирање и грижливо спроведување, придонесоа оваа етичката настава со најмладите да ги има карактеристиките на современиот модел на настава и да овозможи одлична рецепција на етичките знаења од страна на учениците, како и нивна креативна работа по предметот Етика.

# КРЕАТИВНА РАБОТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО НАСТАВАТА ПО ЕТИКА

Наставата по етика ги следи современите педагошки текови и актуелните потреби во модерното општество. Таа е отворена кон останатите воспитно-образовни предмети и овозможува широка примена на наставните форми, методи и средства. Етичката настава дава шанса за хумани идеи, за отворена размена на мислењата, за креативен пристап и оригиналност во изразувањето на погледите, таа е слободна и релаксирана и дозволува личноста морално да се обликува на еден суптилен начин. Во етичката настава учениците имаат можност не само да ги прошират етичките знаења и да го развијат карактерот – туку и да реализираат во согласност со сопствените карактерни обележја. Во наставата по етика доаѓа до израз творечкиот пристап во животните и социјалните визии и ориентации на личноста.

Низ двегодишната реализација на Експерименталната настава по етика во одделенската настава во ОУ „Владо Тасевски" во Скопје се оствари плодна и продуктивна самостојна работа на учениците. Во зависност од задачите, етичките содржини и видовите етичка поука со кое се изведуваше наставата, учениците добиваа различни задолженија на кои требаше да одговорат. Мотивираноста кај децата беше голема, а нивната заинтересираност со текот на часовите се повеќе раснеше. Ова придонесе да се добие обемен материјал од нивните изработки, а со тоа се дојде до оригинални сознанија во процесот на реализација на настава по етика во одделенскаста настава.

Во периодот кога се изведуваше наставата по етика со методот на етичка поука, учениците добиваа особени различни задачи. Дел од нив се однесуваа на практична реализација на етичките сознанија, т.е. на одреден вид однесување во потесната и пошироката околина, и на бележење на реакциите и ефектите од тоа однесување. Во тој контекст, учениците водеа свој дневник, во кој прецизно и опсежно ги запишуваа податоците - зададената задача, временската реализација и резултатите од сопственото истражување.

Учениците опишуваа свои аналогни случки и ситуации на оние кои се обработуваа, а даваа и свое размислување за етичката поука. Низ практичната работа, која следеше по запознавањето со наставните единици, учениците направија разни трудови. Учениците често беа делени на групи, на кои им беа давани различни задачи; така, кога се обработуваше темата **за училиштето**, дел од нив имаа задача да состават кратки пораки–слогани за училиштето, други да напишат раскази за училиштето, а трети да напишат зошто е потребно училиштето.

Дел од оваа самостојна работа на учениците се следниве пораки, раскази и размислувања – кои содржат ставови на учениците за етичките димензии на појавите, институциите или личностите:

*Пораки:*

„Училиштето е нашиот втор дом``

„Училиштето се грижи да бидеме добри луѓе``

„Училиштето ни дава знаење``

„Благодарение на училиштето сме писмени``

„Училиштето ни ја открива вистината за многу нешта``

*Раскази:*

„Училиштето е многу важно. Ние сите треба да одиме на училиште за да научиме да читаме и пишуваме, но и многу други нешта. Ако не учиме нема да можеме да работиме кога ќе пораснеме. Затоа треба да учиме и факултет.``

„Многу го сакам училиштето, зашто можам да научам многу работи. Многу ги сакам наставничките, зашто секогаш ме учат на добро и затоа и јас сакам да бидам наставничка.``

„Јас многу сакам да одам на училиште, зашто сакам многу да пишувам и да читам, а сакам и да ги видам другарчињата и моите наставнички. Најмногу сакам кога учиме етика. Тогаш ми е многу интересно и секогаш правиме интересни работи и имаме интересни задачи.``

„Училиштето е многу убаво и јас го сакам. Секогаш си ги пишувам домашните и учам, а многу се радувам кога ќе добијам петка.``

„Многу сакам кога имаме етика на училиште. Во расказите учиме како да бидеме добри и умни и сите да не сакаат.``

*Размислувања на учениците за училиштето*:

„Училиштето ни е потребно за да не научи да пишуваме и да читаме, но и многу други работи.``

„Училиштето ни е потребно за да станеме писмени, зашто ако сме неписмени ништо нема да знаеме и сите ќе ни се смеат и нема да се дружат со нас.``

„Училиштето ни треба за кога ќе пораснеме да можеме да работиме и да добиваме плата.``

Кога се обработуваше темата **за семејството**, беше изработен постер, на кој беа прикачени три цепчиња, на кои беа испишани насловите на темите, за кои учениците пишуваа во периодот додека ја обработувавме наставната тема – со разни аспекти под семејниот живот. Еднаш учениците требаа да напишат состав во кој ќе објаснат зошто треба да ги почитуваат родителите. Потоа пишуваа како треба да се однесуваат членовите на едно семејство едните кон другите и ги опишуваа односите во сопствените семејства, а даваа и размислувања какви треба да бидат тие односи. Третата задача се однесуваше на должностите во семејството, а децата требаа да ги опишат оние должности кои тие ги извршуваат и должностите кои од нив родителите бараат да ги извршат. Нивните искажувања беа многу интересни.

*Искажувања на учениците за родителите*:

„Ние треба да ги почитуваме родителите зашто тие не донеле на свет, не негуваат и чуваат.``

„Родителите ни подаруваат живот. Тие не научиле на првите зборови, на првите чекори. Се грижат секогаш да имаме чиста облека и здрава храна. Кога сме

болни не носат на лекар. Тогаш се тажни и нерасположени. Не учат на добри нешта. Често пати ни кажуваат што е добро, а што лошо. Ние растеме, а тие бдеат над нас. Ете зашто родителите треба да се почитуваат.``

„Родителите треба да се почитуваат затоа што не создале и се грижат за нас. Тие не сакаат најмногу од се на светот и ни посакуваат се најдобро. Родителите се единствени кои се грижат за нас од самото наше раѓање. Тие го следат нашето раснење, се радуваат со нас кога сме радосни и не тешат кога сме тажни. Родителите треба да се сакаат и ценат заради добрината и љубовта што ја носат во себе. Родителската љубов не може никој да ја замени и таа му е потребна на секое дете. Затоа треба да ги почитуваме нашите родители. Тие се единствени и најдобри.``

*Искажувања на учениците за односите меѓу членовите на семејството*:

„Членовите на едно семејство треба најмногу да се сакаат, тие не треба да се тепаат и караат, не треба да се навредуваат и треба да се однесуваат културно.``

„Во семејството треба да ги делиме задачите.``

„Членовите на семејството треба да се повеќе заедно и секогаш да се весели. Секое семејство треба да биде сложно.``

*Искажувања на учениците за должностите во семејството*:

„Јас дома многу им помагам на мама и тато. Ја чувам сестра ми и ја чешлам, ја суредувам мојата соба, понекогаш го бришам подот и го мијам дворот.``

„Моите должности дома се да ја бришам масата после ручек, да купувам леб и да си ја диплам облеката, а најважна должност ми е да ја напишам домашната работа.``

„Јас дома често мијам садови и си ја средувам собата, а на мама и тато секогаш треба да им варам кафе.``

Кога беше обработен текстот *Волшебни зборови* од истражувачката тема за **однесувањето надвор од дома**, учениците имаа задолжение да спроведат мини истражување, кое траеше три дена. Требаше интензивно да ги употребуваат зборовите Повели, Молам и Благодарам во контактите со сите со кои ќе дојдат во комуникација. Учениците требаа да внимаваат на реакциите на луѓето на волшебните зборови и да ги бележат. Многу родители пристапија на училиштето и ја изразија својата поддршка и радост за однесувањето на нивните деца. Најзначајно е што учениците продолжија да ги применуваат овие зборови и по завршувањето на истражувањето. Некои од извештаите што ги напишаа учениците беа следниве:

„Јас цело време дома на мама и тато им велев *Повели* кога нешто ќе им дадев, *Благодарам* кога нешто ќе ми дадеа или кога ќе ми кажеа нешто убаво и *Молам* кога ќе ги замолев. Мама и тато прво многу се смееја, многу ме гушкаа и ми рекоа секогаш да ги употребувам овие зборови.``

„Кога отидов во продавница, ја замолив продавачката да ми даде некои работи кои требаше да ги купам, таа со насмевка ми рече *Повели*, а јас и реков *Благодарам*, а таа ми кажа дека сум многу културна и ми подари гумени бомбони.``

Учениците напишаа свои размислувања за тоа зошто треба да *поздравуваат*. Дел од нивните написи беа:

„Треба секогаш да поздравуваме за да покажеме дека сме воспитани и добри деца.``

„Јас секогаш поздравувам, а ги поздравувам и оние кои не ги познавам, а ги сретнувам во лифт. Со поздравувањето покажуваме колку сме културни, а културните секогаш поздравуваат.``

„Ние секогаш треба да поздравуваме за да ги расположиме луѓето, зашто тие ќе бидат среќни дека некој ги поздравил, а ние ќе ја покажеме нашата добрина и култура и самите ќе бидеме задоволни.``

При обработката на етичкиот расказ *Пиштол* учениците самостојно создаваа знаци со кои го *забрануваа оружјето*. Знаците беа во форма на сообраќајни знаци, а во нив испишуваа пораки со содржина, која најчесто го истакнуваше злото што го носи оружјето.

Преку истражувачката тематска целина која го третираше проблемот на **екологијата и еколошката етика**, која посебно се реализираше во рамките на Експерименталната настава по етика, кај учениците се разбудуваа свеста и љубовта кон природата, како и желбата за нејзино чување и унапредување. Во оваа тема учениците добиваа повеќе практични задачи, кои се однесуваа на чистење на отпадоците во блиската околина, а кај нив се формираа и навики за штедење на

водата и на електричната енергија. Учениците самите на ленти од хартија ги пишуваа своите еколошки пораки (потпишувани со нивното име).

Овие пораки беа изложени во училницата, каде секој можеше да ги прочита и да согледа како размислуваат учениците. Овие пораки се мошне интересни.

*Еколошки пораки*:

„Чувај го воздухот и не го загадувај, со тоа ќе го загрозиш твојот живот.``

„Чувај ја водата и не ја трош непотребно.``

„Да ја заштитиме нашата најголема мајка Планетата Земја!``

„Тревата те моли, не гази ме боли.``

„Барем еднаш во годината насади едно дрвце.``

„Не го фрлај ѓубрето каде што не треба, секогаш фрлај го во канта за ѓубре.``

„Сакај ја нашата планета Земја како што ја сакаш твојата мајка и не ја повредувај како што не ја повредуваш твојата мајка.``

„Чисти го ѓубрето во твојата околина иако не си го фрлил ти.``

„Природата е убава само кога е чиста.``

„Не пали оган во природа и не фрлај конзерви, пластични и стаклени предмети.``

„Ако сакаш здрав живот, треба да сакаш здрава природа.``

„Не кинете ги цвеќињата, не кршете ги гранките и не сечете ги дрвјата – тие го прават воздухот чист.``

„Не ги повредувај животните зашто и тие се дел од природата.``

„Природата е убава со сите живи суштества – растенијата, инсектите, животните и човекот, затоа тие треба меѓусебно да се сакаат.``

При реализацијата на тематската целина *за здравјето*, учениците имаа задача да направат пано, на кое ќе ги претставаат нивните предлози за зачувување на здравјето и соодветните такви поуки.

*Поуките од учениците за здравјето*:

„Јас мислам дека можеме да го зачуваме здравјето ако не пиеме ладна вода кога сме испотени, кога е студено да облекуваме потопла облека, да не јадеме со неизмиени раце, да не се храниме со еднолична храна, да не пиеме лекови без потреба, да не пиеме газирани пијалаци.``

„За да го зачуваме нашето здравје не треба да се приближуваме до некој што е болен од заразна болест.``

„Ние треба да јадеме овошје и зеленчук за да бидеме здрави, треба да јадеме разновидна храна, ние не треба да дишеме прашина, треба да пешачиме, треба да ги миеме рацете зашто така ќе се заштитиме од бактерии.``

„Здравјето е најголемо богатство на човекот. За да бидете здрави, одржувајте ја личната хигиена. Носете чиста облека. Употребувајте чист прибор за јадење. Не ставајте предмети во уста, на нив има бактерии.``

„Јас мислам дека можеме да го зачуваме здравјето ако не се дрогираме, не пиеме и не пушиме.``

„За да бидеме здрави треба да јадеме разновидна храна, најмногу зеленчук, овошје и млечни производи. Треба да престојуваме на чист воздух во природа. Да

не посетуваме болни од заразни болести. Да спортуваме и пешачиме. Редовно да ги миеме рацете. Треба да се облекуваме според временските услови. Треба да спиеме доволно.``

„Не ги ставај рацете во уста! Миј ги рацете! Не дигај прашина! Не пиј од туѓа чаша! Миј ги забите! Не употребувај туѓи пешкири!``;

„Секогаш треба да бидеме чисти зашто чистотата е половина здравје.``

„Ние можеме да го зачуваме здравјето ако си миеме раце, лице и редовно се бањаме. Здравјето ќе го подобриме ако дишеме чист воздух, затоа не треба да седиме долго во затворена просторија, треба често да одиме на Водно или во село на некоја висока планина или да шетаме во парк.``

„Треба да јадеме разновидна храна и да не јадеме многу слатка храна.``

„Треба да ја одржуваме хигиената за да не добиеме жолтица. Треба да спортуваме и да се движиме. Треба редовно да јадеме за да не не боли стомакот.``

„Не јади секој ден исто, зашто ќе бидеш слабокрвен!``

„Ѓубрето треба да го фрламе во канта за да не се шират бактерии. Треба да јадеме: риба, пилешко, млечни производи, јаболка, лук, компири, банани; а да не јадеме слатки работи, пржена храна, да не пиеме алкохол и газирани сокови и да не јадеме многу месо.``

Паралелно со обработката на етичките раскази посветени на темата за *другарството*, учениците самостојно изработуваа разни раскази и текстови посветени на оваа тема. Учениците напишаа размислувања за односите помеѓу

пријателите гледани од личен аспект. Добиените текстови беа опсежни и поткрепени со објаснувања дадени од учениците.

*Текстови за другарството*:

„Другарите не треба да употребуваат лоши зборови, не треба да се тепаат, да не бидат скржави и да не се караат. Другарите треба да си прават добри работи и да се сакаат. Треба да се дружат и машките и женските помеѓу себе и убаво е да имаме многу другари.``

„Другарството е убаво и не треба да правиме лоши работи на другарчето, зашто тогаш си правиме лошо и на себе.``

„Другарите треба да се дружат и да се шетаат, да не бидат себични и на часовите да си позајмуваат. Другарите не треба да се навредуваат и повредуваат. Ние треба да имаме другари, зашто ако немаме другари ќе немаме друштво и ќе ни е многу досадно.``

Учениците го анализираа сопственото однесување со другарите. Оваа задача бараше интроспекција и објективно согледување на своите постапки кон другарите.

*Објаснување на односите со другарите*:

„Јас со моите другари сум расположена, си играм, не се карам и не се тепам. Сите мои тајни им ги кажувам на другарите, со нив пеам и се веселам.``

„Јас со моите другари се однесувам убаво и примерно, со нив си играм и заедно си кажуваме вицови, гатанки и смешки.``

„Со моите другари се однесувам убаво, не се карам и не се тепам, туку ги сакам и се дружам со нив. Кога на некого му е тешко јас му помагам и го советувам како најдобро да направи. Ако на некој другар му згрешам потоа му се извинувам и го молам да ми прости.``

„Јас со моите другари сум културен и ако се во неволја им помагам.``

„Јас на другарите им помагам и сум искрен со нив, не ги лажам и ги сакам.``

Учениците размислуваа за *значењето на другарството*. Некои од напишаните делови од текстовите се следниве:

„Другарството е важно зашто ќе имаме со кого да се дружиме и играме, да си ги кажеме чувствата, тајните и нема да бидеме осамени.``

„Другарството е важно за да си помагаме кога сме во неволја и да се дружиме.``

„Другарството е важно за да имаме со кого да си играме и да шетаме.``

„Другарството е многу важно за да имаш со кого да се дружиш и да ги поделиш своите тајни. Тој што нема другар ќе седи сам, а кога ќе излезе надвор ќе нема што да прави.``

„Другарството е важно за да си позајмуваме меѓу себе и да си кажуваме разни работи.``

Во втората учебна година од Експерименталната настава, наставата по етика се изведуваше на едно повисоко ниво и ангажманите на учениците се реализираа на подруг степен. При реализацијата на етичката дилема и етичката оценка до израз дојдоа аналитичко-синтетичките процеси на мислење кај учениците и нивната

способност за критичко размислување. Во овој период учениците ја разрешуваа дадената морална дилема според своите верувања и сфаќања, а со тоа ја проектираа и својата личност, сопствените гледишта и личниот етички капацитет. Така, можеше да се дојде до релативно сигурни констатации за моралниот развој на личноста, нејзиното опкружување, воспитување и етичко обликување. При етичкото оценување учениците даваа валидни и цврсти објаснувања зашто е презентираната морално-проблемска ситуација добра или лоша, пожелна или непожелна, исправна или неисправна. Сето ова придонесе децата да ја јакнат вербата во своите можности, морално да се обликуваат и да усвојуваат етички знаења кои ќе им помогнат во градењето на личноста. Низ двегодишната етичка настава учениците етички раснеа и созреваа, добија содветна етичка подготовка која ќе го претставува темелот врз кој ќе ја градат личноста и ќе се издигнат во зрели морални субјекти - конструктивни членови на заедницата.

# ЗАКЛУЧОК

Во овие заклучни разгледби кон дисертацијата, најнапред укажуваме дека во нашата земја веќе неколку години се спроведува иницијатива за воведување настава по етика во високото, средното и основното образование. Впрочем, Етичкото образование се изучува во многу земји од светот, тоа е потреба на современата епоха и такви се и барањата на светската организација за образование и наука УНЕСКО. Етичкото образование го отвора патот за правилно и одговорно воспитување на младата генерација, коешто е исклучително потребно за сложените и тешки ситуации во светот.

Со експерименталната настава по етика, која најпрвин се изведе во средните училишта, а потоа и во предметна настава во основните училишта, се направени сериозни подготовки за воведување и унапредување на етичкото образование и на етичките истражувања во нашата земја. Така во учебната 2003/04 година започна изборна настава по етика во повеќе гимназии, а со новите визии и наставните планови за основните училишта се предвидува Етика да се воведе како предмет во вишите класови на основните училишта.

Во духот на иницијативата за воведување на етичкото образование на сите степени на образование, експериментална настава по етика се изведе и во одделенската настава во второ, односно трето одделение во Основното училиште „Владо Тасевски`` во Скопје во учебните 2003/04 и 2004/05 години - во одделението II-б, односно III-б.

Оваа експериментална настава по етика во одделенската настава од основното образование се изведуваше според сите дидактички стандарди, со користење на разни наставни методи, форми и средства.

Експерименталната настава по етика во Основното училиште „Владо Тасевски`` во Скопје се изведуваше со вклученост на целото одделение, кое брои 25 ученици (14 машки и 11 женски). Наставата по етика се изведуваше како редовна настава за целото оддление во рамките на наставниот распоред и на целиот воспитно-образовен процес - со 2 часа, а понекогаш и со 3 часа седмично.

Педагошките власти, колегите од Филозофскиот факултет во Скопје и од другите воспитно-образовни институции, јавноста, како и родителите на учениците со кои се изведуваше етичката настава, редовно беа информирани за реализацијата на оваа настава по етика, за нејзините цели и задачи, како и за сознанијата од оваа експериментална настава по етика до кои се дојде и за нивното значење.

Врз основа на регистрирањето, анализирањето, компарирањето, синтетизирањето и евалуирањето на спроведените активности во наставата по етика во одделенската настава, значи врз основа на здобиените искуства од нејзината непосредна реализација во текот на овој педагошко-етички експеримент, можеме да ги изложиме следниве сознанија и заклучоци:

- Докажана е можноста за рецепцијата на етичките содржини во одделенската настава, односно кај децата на возраст од 7-9 години, како и можноста за квалитетна етичка настава за оваа возраст.

- Сметаме дека е докажана и потребата за воведување на етичко образование во одделенската настава од основното образование во нашата земја - со овој вид

образование личноста ќе достигне морална изграденост, стабилност и одговорност, развиена етичка свест и активно морално размислување и однесување, младата личност ќе се запознае со основните и најзначајни морални вредности, според кои ќе го обликува и ќе го води својот живот. Наставата по етика во основното образование, започнувајќи уште во одделенската настава, така ќе стане клучна алка во моралното воспитување на младата личност и појдовна стапка на нејзиното вкупно етичко образование.

- Можноста и потребата за воведување на настава по етика во одделенската настава на основното образование се докажа со спроведувањето на Експерименталната настава по етика во Основното училиште „Владо Тасевски`` во Скопје. Иако ова беше прв пат етичката настава да се реализира во одделенската настава кај нас (што е ретко и во светската практика), наставата по етика за најмладите се одвиваше нормално, со заинтересираност од страна на учениците, рецепцијата на етичките содржини се одвиваше со голема комуникативност и успешност во примањето и прифаќањето на овие содржини од страна на учениците, без изразени потешкотии во процесот на реализацијата на оваа настава.

- Експерименталната настава по етика во одделенската настава беше следена од колегите од Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје, од колегите од училиштето во кое се изведуваше и од родителите на учениците, кои беа непосредно вклучени во оваа настава. Сите позитивно ја оценија насоченоста и образовниот и етичкиот квалитет на оваа настава.

Експерименталната настава по етика во основното образование во одделенската настава беше следена и од средствата за јавно информирање, а беше

снимена и посебна емисија посветена на етичкото образование на најмладите од страна на Македонската телевизија „Образовни видувања``, во која се снимаше последниот час по етика во одделението во првата година од нејзината реализација.

- Родителите на учениците вклучени во Експерименталната настава по етика во одделенската настава беа постојано информирани за целите и задачите на оваа етичка настава и нејзиниот тек. Нивните размислувања и ставови за етиката како образовен предмет, како и ставовите на учениците за тоа, беа проверени со соодветни прашалници, кои беа изработени за таа цел и се спроведоа во двете години.

На пример, на последниот час по етика во III-б одделение се спроведе *прашалник* кој ги испитуваше размислувањата на учениците за етичката настава. Прашалникот содржеше единаесет прашања, кои претставуваа комбинација од алтернативни одговори и самостојно пишување одговор.

На *првото* прашање учениците требаше да одговорат каква била наставата по етика во изминативе две години. Беа понудени шест алтернативни одговори од кои требаше да се направи избор: Интересна, Потребна, Корисна, Неинтересна, Непотребна, Некорисна. 19 ученици одговорија дека наставата по Етика е интересна, потребна, корисна; тројца одговорија дека е интересна; еден одговори дека е потребна; еден одговори дека е корисна и еден одговори дека таа е потребна и корисна. Значи, сите ученици се согласни за потребата по етичка настава.

На *второто* прашање учениците требаше да одговорат дали содржините во наставата по етика можат да ги учат и во другите предмети. Беа понудени три одговори и празен простор за допишување на свој одговор: Да, Не, Делумно. Осум

ученици одговорија Да; петорица одговорија Делумно; девет одговорија Не; двајца напишаа дека таквите содржини може да се учат во предметот Македонски јазик, а еден напиша дека можат да се учат во предметот Етика.

На *третото* прашање учениците требаше да одговорат кога е добро да се учи етиката. Беа понудени пет одговори: Само во второто одделение, Само во третото одделение, Во двете одделенија, Треба да се учи и во четвртото одделение, Треба да се учи во сите одделенија од 1-4. 20 ученици одговорија дека етиката треба да се учи во сите четири одделенија; тројца заокружија дека треба да се учи во двете одделенија; двајца одговорија дека треба да се учи во двете одделенија и во четврто одделение.

На *четвртото* прашање учениците требаше да одговорат дали мислат дека нешто научиле за етиката. Беа понудени три одговори: Научив доста, Научив малку, Научив средно, можеше повеќе. 23 ученици одговорија дека научиле доста; двајца одговорија дека научиле средно.

На *петтото* прашање учениците требаше да одговорат кој метод е најдобар за учење етика. Беа понудени четири одговори: Со пример и поука, Само со поука (не треба пример), Со дилема, Со оценка на делото на некого. Единаесет ученици одговорија Со оценка на делото на некого; седум одговорија Со пример и поука; четворица одговорија Со дилема; двајца одговорија Со дилема и Со оценка на делото на некого, а еден одговори Со пример и поука и Со оценка на делото на некого.

На *шестото* прашање учениците требаше да одговорат дали им било поубаво етика да учат во второто или во третото одделение. 22 ученици одговорија

дека етиката било добро да се учи и во двете одделенија; тројца одговорија дека етика било поубаво да се учи во третото одделение.

На *седмото* прашање учениците требаше да одговорат која лекција им била најдобра. Учениците истакнаа дека сите лекции им се допаѓале и набројаа различни лекции од двете учебни години.

На *осмото* прашање учениците требаше да одговорат која поука најмногу ја запомниле. Учениците напишаа разни етички поуки, но кај повеќето доминираше поуката од св. Климент Охридски „Тргај се од злото и прави добро!"

На *деветтото* прашање учениците требаше да одговорат дали ги применуваат сознанијата од лекциите по етика. Сите ученици одговорија дека секогаш настојуваат да ги применуваат етичките сознанија во животот.

На *десеттото* прашање требаше да се одговори што е морал. Беа понудени девет одговори и место за допишување на одговор: Добро однесување, Правилно постапување, Правење добро другому, Слушање, Послушност, Чувство за праведност, Извршување на обврските, Сериозност, Умереност, Разумност, Умност. Повеќето ученици заокружија неколку од понудените одговори, а дел допишаа дека моралот е и љубов, слога, разбирање, почитување, да се биде културен.

На *единаесетото* прашање се бараше лично размислување на учениците и компарирање на етичките лекции од првото полугодие во III одделение, во кои беше применет методот на етичка дилема и избор, и лекциите од второто полугодие од оваа учебна година, во кои беше применет методот на етичка оценка. Беа понудени три одговори на прашањето каква е задачата во второто полугодие:

Потешка отколку да одговориш како би постапил во некој случај. Полесна отколку да дадеш таков одговор. Иста во тежина според твоето сфаќање што треба да направиш. 19 ученици напишаа дека задачата е иста во тежина споредена со претходната задача; петорица напишаа дека таа е полесна од претходната задача и еден ученик не даде никаков одговор.

Според добиените одговори можеме да заклучиме дека децата успешно ја анализираат наставата по етика, неа ја сакаат и и се радуваат. Тие се задоволни од стекнатите знаења и нив практично ги применуваа. Децата се среќни што усвоија многу поуки како свои животни насоки. Учениците изразија желба да продолжат со етичката едукација и во наредната година.

За родителите имаше *прашалници* во двете години. На прашалникот во првата година одговорија 23 родители. Прашалникот содржеше 11 прашања, со алтернативни одговори, од кои требаше да се направи соодветен избор во согласност со личните размислувања и ставови.

Од добиените одговори на прашалникот можат да се изнесат следниве податоци:

-13 испитаници се запознаени со постоењето на етичкото образование, 10 испитаници немаат вакви сознанија;

- 9 испитаници пред почетокот на Експерименталната настава по етика размислувале и разговарале за потребата од етичко образование денес, 14 испитаници не размислувале за потребата од етичко образование;

- најголемиот дел од испитаниците одговорија дека младите главно се здобиваат со морално образование од родителите и од училиштето;

- сите 23 испитаници потврдно одговорија на прашањето дали училиштето треба да ја извршува функцијата на морално образование на младите; најголемиот дел од испитаниците мислат дека етичкото образование треба да се изучува во сите години на образованието;

- сите 23 испитаници мислат дека родителите и училиштето треба да имаат исти насоки на воспитување на децата;

- 22 испитаници одговорија дека нивното дете и тие самите се радуваат на спроведувањето на Експериментална настава по етика (еден испитаник не даде одговор);

- родителите од оваа настава очекуваат да ги научи децата за основните вредности во животот, да ги научи децата на моралните норми на поведение и децата да станат подобри и поморални;

- испитаниците моралот го подразбираат како добро однесување, правилно постапување, правење добро другому;

- најголемиот дел од испитаниците своите деца ги насочуваат кон следниве извори на морална поука - родители, училиште и општествен авторитет.

На прашалникот во втората година од изучувањето на етиката одговорија 22 родители. Прашалникот содржеше 14 прашања, со алтернативни одговори, од кои требаше да се направи соодветен избор во согласност со личните размислувања и ставови. Добиените одговори од родителите се следниве:

- сите 22 испитани ја поддржаа наставата по етика која втора година се спроведуваше во одделението;

- сите испитани мислат дека етиката во ова одделение треба да се изучува и во наредните години;

- 19 испитани потврдија дека нивното дете се здобило со одредено морално образование, 3 испитани сметаат дека детето стекнало делумно морално образование;

- 18 од родителите почувствувале одредени позитивни промени кај своето дете како резултат на неговата непосредна вклученост во етичката настава, двајца не почувствувале некои промени и двајца констатирале делумни промени кај своите деца;

- 9 испитани редовно ги следат етичките лекции, 12 испитани ги следат понекогаш, а еден испитаник не ги следи;

- 17 испитани често разговарале со детето за етиката и добиле позитивен впечаток од неговото искажување, 3 родители понекогаш разговарале со децата и впечатокот е позитивен и 2 немаат разговарано;

- испитаните наведоа неколку извори од кои младите се здобиваат со морално образование: родители, училиште, пријатели, медиуми, општествен авторитет, улица;

- 21 од испитаните мислат дека училиштето треба да ја извршува функцијата на морално образование на младите, еден испитаник мисли дека тоа не е функција на училиштето;

- сите испитани мислат дека родителите и училиштето треба да имаат исти насоки на воспитување на децата;

- 10 испитани сметаат дека етичкото образование треба да се изучува на сите образовни степени, 6 сметаат дека треба да се изучува во основното образование и 6 сметаат дека треба да се изучува и во основното и во средното образование;

- родителите кај своето дете настојуваат да ги развиваат следниве етички вредности: високи морални особини на личноста, почитување, извршување на должноста, давање помош, правилен однос кон природата и др.;

- родителите од наставата по етика очекуваат да го научи детето на моралните норми на поведение, да стане подобро и поморално, да се запознае со моралот во светски рамки, да ги научи основните вредности во животот;

- испитаните родители под морал подразбираат добро однесување, правилно постапување, правење добри дела, чувство за праведност, извршување на должноста, умереност, сериозност, животна разумност и рационалност;

- родителите го насочуваат своето дете кон следниве извори на морална поука: родители, училиште, пријатели, општествен авторитет.

Од искуствата во Експерименталната настава по етика во II-б и III-б одделение и од добиените одговори на прашалниците за етичката настава може да се изнесат следниве заклучоци:

- Широчината на наставната тематика по етика овозможи да бидат испробани различни дидактички средства, методи и форми, што во современата образовно-воспитна работа претставува една од најзначајните одлики на капацитетите на наставата по некој предмет.

- Покрај општата потреба за воведување на етичкото образование на сите образовни степени (основното, средното и високото образование), особена важност и неопходност за воведување на наставата по етика во одделенската настава од основното образование имаат следниве фактори: децата се хетерономни во поглед на моралот, тие го прифаќаат и следат моралот на личностите од нивната непосредна околина, т.е. децата не се самостојни во поглед на моралот, не можат самостојно да носат етички одлуки и самостојно да ги проценуваат добрите и лошите постапки, доброто и лошото однесување и дејствување. Затоа е потребно нивно организирано и перманентно водење низ моралните вредности и по патот на моралната изградба на нивната личност, започнувајќи од најрана возраст, кога тие се најмногу се подложни на влијанија и се уште немаат формирано свои сопствени ставови и размислувања. Етиката секако ќе овозможи нивно правилно морално обликување и насочување, зашто таа помага во изградбата на зрели етички личности со висока морална свест и изразено чувство на должност. Во таа смисла, наставата по етика во одделенската настава од основното образование е една од клучните алки во моралното воспитување на младата личност и појдовна основа за нејзиното вкупно етичко образование.

- Експерименталната настава по етика во одделенската настава од основното образование покажа дека е релативно едноставно етичкото образование да се изведува во второто и во третото одделение. Учениците на оваа возраст се целосно адаптирани на училиштето и училишните обврски и описменети. Учениците во овие години на образование имаат изразена потреба за комуникација, ги интересираат новите содржини, бараат потврда за нивните постапки и однесување

од друго лице - најчесто од авторитетот, имаат изразена потреба од нивно постојано насочување кон правилното и добро однесување и дејствување. Се покажа дека наставата по етика за нив претставува врвен авторитет, кој ги потврдува (или отфрла) нивните морални размислувања и постапки, а тие своето однесување го обликуваа според сознанијата кои ги стекнуваа во рамките на етичката настава.

- Предложената и изведена Наставна програма по етика во првата година од реализацијата на Експерименталната настава настава имаше форма на *етичка поука,* содржеше шест тематски целини (*Односи со другарите*, *Семејство*, *Училиште*, *Однесување надвор од дома*, *Еколошка етика* и *Етика на здравјето*), низ кои се обработуваа соодветни морални проблеми и се инсистираше на позитивните вредности во моралното однесување. Се покажа дека сите овие тематски целини се потребни за етичко образование на младите.

- Предложената и изведена Наставна програма по етика во втората година од Експерименталната настава содржеше две области и нивоа на реализација - *етичка дилема* и *етичка оценка.* Експерименталната настава по етика во првото полугодие беше посветена на истражувањето на етичките дилеми, етичкото избирање и на воспоставувањето свое етичко решение. Со сообразни етички текстови се претставувани ситуации, кои од секого бараат да се определи за некоја постапка. Етичкиот избор на учениците е вид на нивна етичка креација. Наставата по етика во второто полугодие имаше смисла на етичко оценување, како етички одговор на младите личности на одредено морално или неморално однесување. Оваа особена

варијанта на етичкото избирање и креација има значење на самостојно проценување на делото на другите.

- За секоја истражувачка етичка област (тематска целина) имаше широк спектар на тематски единици, кои се реализираа на часовите. Наставата по етика беше застапена со интензитет од два часа седмично, од кои на едниот час се обработуваше новата наставна единица, а вториот час служеше за нејзино повторување, утврдување и практично реализирање преку самостојни изработки од страна на учениците во вид на различни задачи.

- Наставата по етика покажа дека е отворена за разни наставни содржини, што овозможува нејзина флексибилна примена и актуелизација.

- Наставата по етика бара интерактивен приод и низ неа може да оствари корелација со останатите наставни предмети и содржини, што е многу важно за современиот наставен процес воопшто, а посебно за наставата по етика, која зафаќа широк спектар на теми.

- Содржините кои се реализираа во Експерименталната настава по етика обработуваат секојдневни примери од животот. Етичките содржини се блиски до искуството на децата, што придонесе за нивно посебно интересирање за овие содржини и за будење на детската љубопитност.

- Во наставната работата по етика е можен диференцијален пристап - креативен избор, групирање и проширување на наставните содржини, нивно нагласување и поврзување со некои актуелни настани, примена на примери кои се блиски до учениците. И со тоа наставата по етика е корисна, интересна и блиска до учениците.

- Наставата по етика во одделенската настава на основното образование во првата година од нејзината реализација треба да биде морално-инструктивна и воведувачка. Ова значи дека целите и задачите во етичката настава треба да бидат насочени кон себезапознавањето, откривањето на заедницата и на етичката нужност за живеењето, кон претставувањето на основните етички вредности и норми во неколку суштествени животни области (здравје, односи со другите, семејство, училиште, екологија). Во наредните години (или фази) од етичкото образование може да се помине на едно повисоко ниво на негова реализација, каде до израз доаѓаат аналитичко-синтетичките процеси на мислење кај учениците. На овој начин учениците одлично се подготвуваат за градење на својот морал и етичка свест, а и продуктивно ги прифаќаат првите етички вредности и значајни норми на своето однесување, се гради нивниот етички сензибилитет и соочување со реалните појави и етички тенденции со кои ќе се сретнат во животот.

- Наставата по етика се покажа податлива за примена на разни методи, за нивна комбинација и наизменична употреба. Успешно се применети разни наставни методи, а особено методот на дијалог и методот на практични работи. Децата особено на оваа возраст се изразено љубопитни, често прашуваат и сакаат да разговараат. Преку дијалогот учениците беа постојано вклучени во процесот на наставата и претставуваа активни субјекти при усвојувањето на етичките содржини. Преку практичните работи учениците го систематизираа материјалот, го утврдуваа и практично ги применуваа стекнатите знаења, а со тоа знаењата трајно се усвојуваа. Преку овој метод доаѓаше до израз нивната креативност, самостојност

и фантазија, како и заедничката работа во соодветна група, преку која се будеше чувството за работа во заедница (колектив).

- Наставата по етика е отворена за примена на наставните форми и средства. Беа успешно применети фронталната, индивидуалната, групната и тандемската форма на работа, нивно постојано комбинирање и преминување од една на друга наставна форма.

- Во Експерименталната настава по етика беа применети и соодветни наставни средства, кои во најголем дел беа визуелни и текстуални, а кои наставата ја направија интересна, сликовита и поочигледна.

- Учениците одговорно и внимателно ги извршуваа своите обврски во Експерименталната настава по етика, кои беа во форма на разни задачи -домашни задачи, писмени извештаи за спроведени истражувања кои соодветствуваат на возраста на учениците, изработка на состави, стихотворби, изложување и писмено образложување на сопствени размислувања, презентирање на лични примери и нивно поврзување со наставната содржина и др.

- Експерименталната настава по етика соодветствуваше со возраста на учениците и на нивниот развој, тоа придонесе учениците да ја следат наставата без никакви потешкотии и со големо интересирање, љубопитност и радост при изведувањето на етичките часови.

- Во Експерименталната настава по етика во одделенската настава се покажа дека сите ученици комуницираат со изложените содржини, методи, форми и средства, а рецепцијата-восприемањето на етичките содржини кај сите ученици се одвива лесно и едноставно без никакви потешкотии.

- Етичките содржини кои се реализираа на часовите по етика позитивно делуваа на личноста на учениците и придонесоа тие морално да се однесуваат, да усвојуваат морални норми, да се оспособат за правење морален избор и морално оценување според нивната возраст.

- Позитивната промена во однесувањето на учениците од одделението во кое се спроведуваше Експерименталната настава по етика ја почувствуваа и други субјекти, кои имаа можност да присуствуваат во одделението, како и родителите на учениците.

- При реализацијата на Експерименталната настава по етика во одделенската настава од основното образование можеше да има креативен пристап, наставникот не мораше да се држи до строга структура на часот, не мораше да предава директно според приложените етички лекции (во зависност од текот на часот, лекциите понекогаш им се делени на учениците на почетокот на часот, понекогаш на средината од часот, а понекогаш на крајот од часот). Учениците целосно ги прифаќаа етичките ставови од лекциите, а многу често даваа и свои слични примери, со што до израз доаѓаа нивните творечки способности и заинтересираност. Учениците не се ограничуваа само на лекцијата, што значи дека во наставата по етика е можен поширок пристап, што е еден од условите за современата настава.

- Експерименталната настава по етика во одделенската настава од основното образование според својата суштина беше факултативна, во неа немаше обврска за оценување. Но при спроведувањето на наставата по етика се испробани соодветни методи за оценување. Според добиените резултати и стекнатите сознанија,

утврдено е дека може да има оценување и тоа може да биде објективно. Оценувањето би ги изразувало сознајните дострели на ученикот, кои соодветствуваат со изучените етички содржини. Оценувањето во наставата по етика би се однесувало на повеќе сегменти: на писмените задачи, одговорите на соодветни тестови, перманентно следење на ученикот во текот на целата учебна година и евалуација на неговиот сеопшт ангажман (активност, креативност, внимателност, одговорност, редовност и сл.).

- Наставата по етика во одделенската настава би можеле да ја изведуваат дипломирани наставници за одделенска настава со специјална подготовка за настава по етички содржини.

- Експерименталната настава по етика во одделенската настава покажа дека е потребно да се прават посебни истражувања од областа на Методиката на наставата по етика. На овој начин адекватно би се решиле педагошко-дидактичките прашања на оваа настава. Во таа смисла и магистерскиот труд „Етичкото образование во одделенската настава" и оваа докторска дисертација претставуваат придонес кон специјалната настава по етика во основното образование во одделенската настава во Република Македонија.

- Бирото за образование на Република Македонија би требало да почне да ја следи и истражува наставата по етика. Во современиот воспитно-образовен систем се повеќе се развива етичкото образование, затоа е потребно редовно информирање на педагошките власти за димензиите, насоките, аспектите и развојот на етичкото образование на сите нивоа на образование.

- Успешната реализација на Експерименталната настава по етика во одделенската настава од основното образование се должи и на ангажманот на наставниците од Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје, кои учествуваа во конципирањето и реализацијата на Програмата на оваа етичка настава и помогнаа во согледбата на првичните резултати од наставата по етика во одделенската настава од основното образование во Република Македонија. За целата настава по етика е потребна поврзаност на училишната работа и практичите педагози со научните истражувања и дејци, со што се овозможува осовременување и унапредување на етичкото образование.

- Освен изведените три часа во контролната група од третото одделение, беше применет и прашалник по етика во контролната група од второ одделение. Прашалникот содржеше 15 прашања, а целта беше да се добијат одговори без претходна етичка подготовка на учениците. Одговорија 26 ученици од II-а одделение. Од добиените резултати може да се согледа дека учениците имаат релативно високи познавања кога станува збор за здравјето и за одржувањето на хигиената, како и односот кон родителите; кога се зборува за дружењето со другарче од спротивниот пол, повеќето ученици заокружија дека немаат такво блиско другарче; поголем дел од децата заокружија дека на болните луѓе и оние со потешкотии во развојот не е обврзно секогаш да им се помогне; половината од испитаните (12) напишаа дека слушнале за етиката како наука, половината (14) дека досега немаат слушнато за неа; 20 испитаници под зборот морал подразбираат нешто што мора да се прави, 2 испитаници овој збор го немаат слушнато и 4 заокружија дека тоа е добро однесување. Може да се заклучи дека кога станува

збор за општите знаења кои учениците во голем дел ги усвојуваат во рамките на другите наставни предмети, умеат да ги препознаат и изнесат етичките ставови, но кога се зборува за некои специфични морални облици на однесување кои најмногу се застапени во етичкото образование, децата без соодветна етичка подготовка немаат доволно капацитет да ги согледаат и разберат.

- Експерименталната настава по етика покажа дека треба да се размислува за воведување на етичкото образование и во одделенската настава – или во вид на посебен предмет или, барем, како имплементирање на етичките наставни теми и лекции во другите наставни предмети.

* * *

Првите искуства од етичкото образование во одделенската настава се позитивни.

Родителите, јавноста и педагошките власти добро ја прифатија иницијативата на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје за воведување етика во сите нивоа на образование кај нас.

Спроведената Експериментална настава по етика во одделенската настава од основното образование покажа дека ваквата настава е потребна за учениците и на оваа возраст, дека оваа настава соодветствува на проширените образовни потреби и задачи денес, дека ги интересира учениците, дека со неа учат нешто што е потребно, дури неопходно, дека имаме наставен кадар кој може да ја изведува оваа

настава и дека тој располага со знаења и вештини со кои наставата по етика може да биде на рамниште на другите наставни предмети кај нас.

За оваа настава почнаа да се изработуваат и основни наставни материјали, кои задоволуваат и можат да се развијат во стандардна наставна литература и прирачници.

Со тоа се извршени сериозни подготовки за воведување настава по Етика во одделенската настава во основните училишта во Република Македонија, со што и нашето школство ќе му се придружи на овој нов образовен тренд во светот, неопходен за младите генерации.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Baccarini, Elvio: *Moralni sudovi,* Hrvatski Kulturni Dom, Rijeka, 1994.
- Bennett, William, J.: *The Book of Virtues,* Simon & Schuster, New York, 1993.
- Bennett, William, J.: *The Moral Compass*, Simon & Schuster, New York, 1995.
- Berkenkamp, Lauri – dr. Steven C. Atkins: *Naucite djecu lijepom ponasanju.* Vodic Idemo roditelji!, Marjan tisak, Split, 2003.
- Боно де, Едвард: *Научите ваше дете како да размишља,* Народна књига, Београд, Алфа, 1995.
- Bratanic, Marija: *Paradoks odgoja*, Hrvatska sveucilisna naklada, Zagreb, 2002.
- Bratanic, Marija: *Susreti u nastavi*, Skolska knjiga, Zagreb, 1997.
- Crisp, Roger – Michel Slote: *Virtue Ethics*, Oxford University Press, New York, 1997.
- Davis, Michael: *Ethics and the University*, London – New York, Routledge, 1999.
- Дамјановски, Анатолиј: *Ученикот во наставата*, Просветно дело, Скопје, 1989.
- Damon William: *Foreword to the 1997 Edition*, in Jean Piaget: *The Moral Judgment of the Child,* Free Press Paperbacks, New York, 1997, pp. 4-9.
- Davidson, Philip – James Youniss: *Which Comes First: Morality or Identity*, in: *Handbook of Moral Behavior and Development*, vol. I: *Theory*, Lawrence Erlbaum Assdociates Publishers, New Jersey, 1991.
- Devjak, Tatjana: *Eticna in drzavljanska vzgoja v osnovni skoli*, Zavod Republike Slovenije za solstvo, 2002.
- Декарт, Рене: *Научна расправа за методот како правилно да го водиме својот ум и да ја бараме вистината во науките*, превод д-р Кирил Темков, Епоха, Скопје, 1996.
- Donaldson, Margaret: *Um deteta,* Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1988.
- Djordevic, Jovan – Nikola Potkonjak: *Pedagogija*, Peto dopunjeno izdanje, Naucna knjiga, Beograd, 1990.

- Djordevic, Jovan, *Savremena nastava, organizacija i oblici,* Naucna knjiga, Beograd, 1981.

- Djuric, Milos, *Istorija helenske etike*, BIGZ, Beograd, 1976.

- Facione, Peter A. – Donald Scherer – Thomas Attig: *Ethics and Society*, Prentice – Hall Inc., New Jersey, 1991.

- Feezel, Randolph M. – Curtis, L. Hancock: *How Sholud I Live?* Philosophical conversations about moral life, Paragon House, New York, 1991.

- Пауло Фреире: *Дијалогот и образованието*, „Културен живот``, 4/2003, стр. 29

- Furlan, Ivan: *Upoznavanje, ispitivanje i ocenjivanje ucenika*, Pedagosko–knjizevni zbor, Zagreb, 1964.

- Gros, Robert: *Decak i devojcica,* Logos Art, Beograd, 1988.

- Heidbrink, Horst: *Psychologie moralniho vyvoje,* Portal, Praha, 1997.

- Hill, V., Brian: *Values Education in Australian Schools*, The Australian Council for Educational Research Ltd, Melbourne, 1995.

- Камчева-Лакинска, Благородна: *Самостојната ребота на ученикот во наставата,* Второ дополнето издание, Даскал Камче, Кавадарци, 1996.

- Кант, Имануел: *Критика на практичниот ум,* превод д-р Кирил Темков, Метафорум, Скопје, 1993.

- Кант, Имануел: *Васпитање деце*, Ушќе, Београд, 2002.

- Kapor-Stanulovic, Nila: *Na putu ka odraslosti,* Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1988.

- Küng, Hans: *Global Ethics and Education*, in: *The Future of Theology,* ed. Miroslav Volf – Carmen Krieg – Thomas Kucharz, William B. Eerdmans Publ. Comp., Cambridge, 1996, pp. 267-283.

- Kurtines, William M. - Jacob L. Gewirtz: *Handbook of Moral Behavior and Development,* Volume 1: *Theory*, Lawrence Erlbaum Associates Publishers, New Jersey, 1991.

- Kurtines, William M. - Jacob L. Gewirtz: *Handbook of Moral Behavior and Development,* Volume 2: *Research*, Lawrence Erlbaum Associates Publishers, New Jersey, 1991.

- Kohlberg, Lawrence: *The Philosophy of Moral Development*, Harper & Row Publishers, New York, 1981.

- Legrand, Louis: *Moralna naobrazba danas*, Educa, Zagreb, 2001.

- Lencz, Ladislav – Olga Krzova: *Metodicky material k predmetu Eticka vychova,* Metodicke centrum v Bratislave, Bratislava, 1993.

- Лозановски, Јован: *Етичкото образование во средните училишта во Република Македонија,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 1999.

- Лозановски, Јован: *Формите на работа, методите и средствата во наставата по Етика во средните училишта,* докторска дисертација (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2001.

- Лозановски, Јован: *Нова методика за учење етика,* „Старт``, Скопје, 2003, бр. 219, стр. 36-37.

- Josip Marinkovic: *Metodika nastave filozofije*, Zagreb, 1983, str. 43

- Минчева, Бранка: *Универзалната етика и нејзините вредности,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2005.

- Миоќиновиќ, Љиљана: *Когнитивни и афективни чиниоци у моралном развоју*, Просвета, Београд, 1988.

- Мириќ, Јован: *Развој моралног мишљења,* Калеком, Београд, 2001.

- Никчевска, Гордана: Етичкиот лик на наставникот, магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2001.

- Pavicevic, Vuko: *Osnovi etike,* Beogradski izdavacki-graficki zavod, Beograd, 1974.

- *Pedagoska enciklopedija,* I-II, Nikola Potkonjak i Pero Simlesa, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1989.

- Pecovic, Miroslava: *Ura kultura.* Prirucnik za (pod)razumevanje domaceg vaspitanja za uzrast od 6-7 do 12 godina, Uciteljski fakultet, Beograd, 2000.

- Pejakovic, Samuilo – Otasevic, Vujadin: *Razvoj eticke misli I moralnog ponasanja,* Prosveta, Nis, 1999.

- Phillips, D. Z. – Mounce, H. O.: *Moral Practices,* Routledge & Kegan Paul, London, 1969.

- Пешевска-Заревска, Олга: *Младите и етичкото образование,* „Старт``, Скопје, 2003, бр. 220, стр. 38-39.

- Pijaze, Zan: *Epistemologija nauka o coveku,* Nolit, Beograd, 1979.
- Jean Piaget: *The Moral Judgment of the Child,* Free Press Paperbacks, New York, 1997.
- Пијаже, Жан: *Развој на интелигенцијата,* Просветно дело, Скопје, 1988.
- Purtill, Richard, L.: *Thinking About Ethics,* Prentige Hall Inc, New Jersey, 1976.
- Robinson, Dave – Garratt, Chris: *Ethics for Beginners,* Icon Books Ltd, Cambridge, 1996.
- Singer, Peter: *A Companion to Ethics,* Blackwell Publishers Ltd, Oxford, 1991.
- Smith, Richard – Standish, Paul: *Teaching Right and Wrong,* Trentham Books, London, 1997.
- Стевановиќ, Борислав: *Учење и помнење*, Педахоша библиотека, Скопје, 1953.
- Strongman, K. T.: *The Psychology of Emotion,* John Wiley & Sons Ltd., London, 1973.
- Спок, Бенджамим: *Книга за родителите,* Емас, Софиа, 1998.
- Стаматов, Румен: *Детска психологиа,* Издателска квица Хермес, Пловдив, 2001.
- Темков, Кирил: *Борба за етичко образование,* „Старт``, Скопје, 2003, бр. 218, стр. 36-37.
- Темков, Кирил: *Еколошки азбучник,* Скопје, 2003.
- Темков, Кирил: *Етика,* Епоха, Скопје, 1998.
- Темков, Кирил: *Етиката денес,* Епоха, Скопје, 1999.
- Темков, Кирил: *Етиката - образовен предмет,* „Нова Македонија``, 11 мај 1998.
- Темков, Кирил: *Етика за младите,* Скопје, 2001.
- Темков, Кирил: *Етика за најмладите,* (раскази објавувани во „Нова Македонија`` - *Колибри*), септември 2002-мај 2004.
- Темков, Кирил: *Етика за II клас гимназија,* Просветно дело, Скопје, 2004.
- Темков, Кирил: *Етика за III клас гимназија,* Просветно дело, Скопје, 2004.

- Темков, Кирил: *Етички речник за младите,* Скопје, 2001.
- Темков, Кирил: *Најблиската врска,* „Родец``, Скопје, бр. 1, 2003, стр. 9.
- Темков, Кирил: *Етичкото образование денес,* „Воспитание``, Штип, бр. 1, 2001, стр. 40-49.
- Теодосиќ, Радован: *Педагогика,* Завод за издавање уџбеника, Сарајево, 1957.
- Tezak, Dubravka – Obradovic-Cudina Mira: *Price o dobru, price o zlu,* Skolska knjiga, Zagreb, 1996.
- Thiroux, Jacques: *Ethics - Theory and Practice,* Prentice Holl Inc, Simon & Schuster, New Jersey, 1995.
- Todorov, Cvetan: *Mi i drugi,* Narodna Biblioteka Srbije, Beograd, 1994.
- Топузоска, Љубица: *Етичкото образование во одделенската настава,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2004.
- Торбовска-Смилевска, Илинка: *Етиката како наставен предмет во основните училишта,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2002.
- Trnavac, Nedeljko – Dordevic, Jovan: *Pedagogija,* Naucna knjiga, Beograd, 1992.
- Vujicic, Vladimir: *Proturjecnosti u moralnom odgoju,* Skolska knjiga, Zagreb, 1981.
- Vukasovic, Ante: *Etika, moral, osobnost,* Skolska knjiga, Zagreb, 1993.
- Vukasovic, Ante: *Moralni odgoj,* Liber, Zagreb, 1974.
- Vuk-Pavlovic, Pavao: *Filozofija odgoja,* priredio Milan Polic, Hrvatska sveucilisna naklada, Zagreb, 1996.